УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

# Институт за безбедност, одбрана и мир

## Последипломски студии од областа на безбедноста

Магистерски труд:

**Улогата на Европол во спречување**

**на трговија со луѓе и криумчарење мигранти во Западен Балкан**

Ментор:
Проф. д-р Тања Милошевска

Изработил:
Орде Пуцакоски
бр. на индекс: 4976/16

Скопје, 2019

# СОДРЖИНА


1. **Вовед**.........................................................................................................4

1.1.Формулација на проблемот....................................................................9

1.2. Цели и задачи...........................................................................................14

1.3. Дефинирање на предметот на истражување.......................................15

1.4. Основна хипотетичка рамка...................................................................17

2. **Трговија со луѓе**........................................................................................19

2.1. Поимање и дефинирање на трговијата со луѓе .....................................19

2.2. Форми на трговија со луѓе ........................................................................ 22

2.3. Карактеристики на жртвите на трговија со луѓе преку систем на индикатори..27

2.4. Организациона поставеност на групите за трговија со луѓе ...............................29

2.4.1. Бизнис модел.........................................................................................35

**3. Криумчарење мигранти**...........................................................................38

3.1. Основно поимање на криумчарењето мигранти ....................................38

3.2. Причини за настанување на криумчарењето ......................................... 41

3.3. Операции на криумчарење мигранти .......................................................42

3.4. Трендови во криумчарењето и ризик на кој се изложени мигрантите ..............45

3.4.1. Криумчарење на мигранти-мултинационален бизнис..............................47

3.5. Односот помеѓу криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе ......................49

4. **ЕВРОПОЛ**.......................................................................................................55

4.1. Надлежности и задачи на Европол ..........................................................57

4.2.Улогата на Европол во сузбивање на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти во Западен Балкан ............................................................................. 60

4.2.1. Операции на Европол за спречување на илегална миграција .................65

4.3. Трговија со луѓе и оневозможување на илегална миграција како приоритети на Европол ...................................................................................................... 71

4.4. Балканската рута и миграциската криза во Република Македонија .................75
4.5. Остварување на соработка меѓу Република Македонија и Европол .................83
4.5.1. Соработка на Европол со безбедносните служби во Република Македонија .......................................................................................................86
4.5.2. Сигурна размена на податоци меѓу државите и Европол .........................94

**5. Спречување на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти**.........................96
5.1. Меѓународни правни инструменти за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти ........................................................................................96
5.2. Меѓународни одговори на трговија со луѓе и криумчарење мигранти .............95
5.3. Национална легислатива за справување со трговија со луѓе и криумчарење на мигранти ........................................................................................................100
5.3.1. Трговија со луѓе и криумчарење мигранти во казненото законодавство на Република Македонија...........................................................................100
5.3.2. Почетоци и развој на кривичното законодавство –краток осврт ...........101
5.3.3. Инкриминирање на појавите во денешното законодавство .................102
5.4. Стратегии и механизми за справување со трговија со луѓе и криумчарење мигранти во Република Македонија ..................................................................106
5.4.1. Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти 2017-2020 ........................................................................106
5.4.2. Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе .....112

6. **Заклучок** ..........................................................................................................114

7. **Библиографија** ................................................................................................120
7.1.Теоретски извори / книги.......................................................................................120
7.2. Документи.............................................................................................................122
7.3. Електронски извори..............................................................................................123

## 1. ВОВЕД

Глобализацијата има огромно влијание врз трговската размена помеѓу луѓето, го зголемува јазот меѓу богатите и сиромашните, а со тоа создава подлога за развој на криминал, во кој сиромашните влегуваат заради обезбедување на подобар живот, а побогатите имаат цел да го зголемат својот профит на илегален начн. Глобализацијата на тој начин има големо влијание и врз трговијата со луѓе, но и дополнително им олеснува на трговците да регрутираат и да ги „движат" жртвите. Всушност, може да се каже дека оние кои се вклучени во транснационалниот криминал значително ги искористиле бенефитите од глобализацијата. Тековните глобални услови создадоа зголемена побарувачка за евтина работна сила, а со тоа зголемување на миграцијата и, следствено, трговија со луѓе и шверц. Зголемената понуда на лица кои се ранливи на експлоатација е присутна бидејќи глобализацијата придонесе за зголемување на економските разлики меѓу поразвиените и земјите во развој.

Во изминатите 20 години, трговијата со луѓе е еден од главните видови на организиран криминал на Балканот. Но, регионот е извор на жртви на трговија со луѓе, транзитен регион, како и дестинација за жртви на трговија со луѓе. Сепак, се чини дека трговијата со луѓе е во опаѓање во регионот. Повеќето балкански држави се изворни земји за мажи, жени и деца подложени на трговија со луѓе и принудна работа, вклучувајќи го и домашното ропство и принудно питање. Особено ранливи се жените и децата, како и Ромите, тргувани во Западна или Југоисточна Европа. Според најновите податоци, повеќето жртви од регионот се жени тргувани за секс. Најголем дел од трговците со луѓе се мажи од земјите каде што биле осудени. Се чини дека проблемот станува сé повеќе локализиран. Во неколку земји од регионот жените и девојчињата се жртви на трговијата со секс во земјата во приватните резиденции, баровите и ноќните клубови. Во изминатите две години мигрантите и барателите на азил кои транзитираат низ регионот се обидуваат да стигнат до Западна Европа стануваат особено ранливи на трговијата со луѓе. Сепак, тие не сакаат да излезат пред полицијата и да побараат помош (доколку можат) бидејќи се плашат од можноста дека ќе бидат вратени во матичната земја како илегални мигранти. Како што се зголемува бројот на малолетници без придружба, постои реална опасност дека тие можат да бидат ранливи и да станат жртви на трговија со луѓе.

Во изминатите неколку години, шверцот на мигранти стана еден од најпрофитабилните видови организиран криминал на Балканот. Војната во Сирија, како и Европската стратегија за справување со големиот проток на бегалци и мигранти од 2014 година создадоа голема можност за криминалните групи на Балканот. Оттогаш бројот на бегалците и мигрантите што пристигнаа во Грција имаше големо влијание врз Западниот Балкан. Повеќето луѓе во движење се обидоа да се пробијат низ Република Македонија, низ Србија во Унгарија, а потоа и кон западна Европа. Во 2015 година, 764.000 лица илегално ја преминаа границата Западен Балкан што е пак зголемување за 16 пати во однос на претходната година. Повеќето од луѓето што беа во движење беа Сирijци, Ирачани и Авганистанци. Вреди да се напомене дека голем број луѓе од Албанија и Косово го искористија хаосот да се движат со мешаните миграциони текови. Всушност, според германските имиграциони податоци, Албанија и Косово беа втора и трета земја со највисок извор за лицата кои бараат азил во Германија во 2015 година - по Сирија, но порано Авганистан и Ирак. Не е изненадувачки дека некои од најчестите правци се оние што се користат за други форми на трговија со луѓе, како што се трговијата со дрога и оружје. Така, најактуелен, а можеби и најопасен е пограничниот регион меѓу Косово, северна Македонија и јужна Србија; потоа реонот меѓу границите на Бугарија, Србија, Македонија и Турција. Градовите како Бодрум во Турција, Белград, Суботица и Будимпешта стануваат клучни центри. Првично, побарувачката за посредувачи при миграција беше релативно ниска. Со порозни граници, луѓето беа во можност да се движат сосема слободно. Фацилитаторите го организираа транспортот со брод во Грција, а потоа во автомобили и камиони, а понекогаш со воз низ Западен Балкан, а секако и пеш преку границите доколку е потребно.

Шверцот на мигранти станува атрактивен со сé поголемата побарувачка на начини за премин преку границите и постигнување на целта – влез во Европските развиени земји. Колку повеќе границите го стегнуваат својот обрач, толку повеќе се јавува побарувачка на фацилитатори и криминални мрежи кои илегално ќе ги пренесат мигрантите. Шверцерите се движат во распон од добро организирани групи до мали агенции или фацилитатори како еден вид на индивидуални даватели на услуги. Европол криумчарењето мигранти го опишува како бизнис модел "криминал-како-услуга". Криумчарењето на мигранти понатаму влијае врз зголемување на бројот на лица кои се жртви на трговија со луѓе. Трговците со луѓе имаат тенденција да работат од жариштата околу клучните транспортни

центри, како железнички станици, пристаништа, аеродроми на автобуски терминали. Повеќето го прават реализираат овој бизнис преку мобилни телефони. Ова им овозможува да привлечат клиенти, да организираат логистика.  Исто така, тие ги прават ранливи на полицијата, која може да ги пронајде мрежите и маршутите врз основа на податоци од запленити телефони.

Меѓународната полициска соработка зазема сѐ позначајна улога во сферата на меѓународната соработка за спречувањето на криминалот, и тоа како класичните, така и современите облици на криминал. Имено, спречувањето на современите облици на транснационален организиран криминал е назамисливо без координирана акција на полициските служби на повеќе држави во откривањето на делата и извршителите во обезбедувањето докази итн.

Сферата на меѓународни информации е од значење за превенцијата и репресијата на криминалот, но сепак информациите и податоците со кои располага криминалистичката полиција на секоја одделна држава ни оддалеку не се доволни кога станува збор за организиран транснационален криминал или за откривањето и гонењето за меѓународни злосторства. Нивното успешно сузбивање води кон потребата од развивање методи, организациски, технички и други претпоставки за размена на информациите, како и за нивна систематизација и централизација на меѓународен план.

Постигнувањето на функционална меѓународна полициска соработка која е на повисоко ниво е условена од неколку елементи како:

- Прифаќање на соработката од сите засегнати страни кои се соочуваат со закана од транснационален криминал;
- Размена на искуства, екипирање и соодветно обучување на кадри во оние држави кои почетно ги етаблираат системите и протоколите за соработка, преку преземање на обучувачи од државите во кои овие елементи се цврсто усвоени.
- Постоење на политичка подготвеност за прифаќање на целиот процес на етаблирање на соработка, преку зголемување на дијалогот меѓу политичките претставници и професионалните лица кои се во функција на  спроведување на законот.

Овие услови се од исклучителна важност за напредокот на меѓународната полициска соработка. Пр量виот услов на заедничка перцепција за соработка не трпи некои сериозни пречки со денешниот свет. Сите држави имаат исто ниво на мотивација во насока на сузбивање на транснационалниот криминал. Но, во исполнувањето на вториот услов, често се наоѓаат пречки во политичките односи помеѓу одредени земји. Секоја држава во рамките на своите безбедносни служби изобилува со талентирани, искусни и етаблирани кадри коишто имаат непроценливо практично знаење. Но постоењето на некои политички неразрешени прашања им оневозможуваат на овие лица подлабоко да се впуштат во процесот на меѓународна соработка и не се во можност да го пренесат своето искусто или да добијат ново, особено од професионалци кои се клучна карика во одредени операции за сузбивање на меѓународниот криминал.

Што се однесува до третиот услов, добивањето на политичка поддршка во секоја засегната држава е од апсолутно суштинско значење за одржување на полициската меѓународна соработка. Сите такви односи бараат законско овластување - овозможување на соодветна легислатива или барем официјална дозвола, обезбедување финансии и други неопходни ресурси за непречено функционирање на соработката. Сето ова е под хегемонија на политиката. Не е доволно политиката само да ги острани стегите, туку треба да делува проактивно со цел да опреми солиден терен на плодотворна работа. Во таа насока потребни се уште покрупни чекори за усогласување и хармонизација на правните системи на државите. За жал, тоа е многу сериозен и комплициран потфат кој бара силна волја, многу труд, посветеност, компромиси и време. Различни држави врз база на нивните традиции и обичаи и национален ментален склоп имаат значително различни правни регулативи.

Во однос на изнесеното, можеме да кажеме дека најголем показател за неуспешната соработка помеѓу РМ и Грција е бегалската криза од 2015 година којашто ги засега и двете држави, при тоа ценејќи го фактот дека една од главните мигрантски рути минува низ териториите на двете држави и носи голема опасност од организиран криминал (шверц на дрога, оружје), тероризам, трговија со луѓе и сл, сепак полициските соработки помеѓу овие држави се наоѓаат на незадоволително ниско ниво.

Сепак, неопходно е надминувања на разликите, компромиси, меѓународни стратегии, потиснување на непријателствата и ривалствата помеѓу државите, како и

поинтензивен билатерален или мултилатерален пристап и комуникација на политичарите кон градењето на ефективна меѓународна полициска соработка, и да се потенцира важноста и потребата од истата.

Еден од главните приоритети во контекст на процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, содржан и во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, беше склучување на договорот за оперативна и стратешка соработка помеѓу Република Македонија и Европол. Договорот е потпишан по пат на размена на писма на 20.09.2011 година, и истиот е ратификуван од Собранието на Република Македонија на 05.12.2011 година.[1] Целта на овој договор е зајакнување на оперативната и стратешката соработка помеѓу Република Македонија и ЕВРОПОЛ, преку трансфер на оперативни информации кои сочинуваат лични податоци.

Со овој договор, всушност, се уредува и проширува соработката помеѓу Република Македонија и Европол, со цел поддршка на државите членки на Европската Унија и Република Македонија во борбата против сериозните форми на меѓународен криминал.[2]

Исто така значајно од аспект на соработката помеѓу Република Македонија и ЕВРОПОЛ е Мемоморандумот за разбирање за воспоставување на безбедна комуникациска врска и Билатералниот договор меѓу РМ и ЕВРОПОЛ за поврзување на компјутерски мрежи.

Разменетите информации се однесуваат за кривични дела кои најмногу се од областа на илегална трговија со дрога и оружје, финансиски криминал (перење пари, компјутерски криминал, финансиска измама, даночно затајување итн.), тероризам, илегална миграција и трговија со луѓе, криминал со моторни возила, насилен криминал и крвни деликти. Овде на сцена настапува меѓународната полициската соработка како круцијална алатка на земјите против транснационалниот криминал.

[1] Службен весник на Република Македонија, број 172/11 од 14.12.2011.
[2] Член 2 од Договорот за оперативна и стратешка соработка помеѓу Република Македонија и ЕВРОПОЛ.

## 1.1. Формулација на проблемот

Меѓународната полициска соработка зазема сè позначајна улога во сферата на меѓународната соработка за спречувањето на криминалот, и тоа како класичните, така и современите облици на криминал. Имено, спречувањето на современите облици на транснационален организиран криминал е назамисливо без координирана акција на полициските служби на повеќе држави во откривањето на делата и извршителите во обезбедувањето докази итн.

Сферата на меѓународни информации е од значење за превенцијата и репресијата на криминалот, но сепак информациите и податоците со кои располага криминалистичката полиција на секоја одделна држава ни оддалеку не се доволни кога станува збор за организиран транснационален криминал или за откривањето и гонењето за меѓународни злосторства. Нивното успешно сузбивање води кон потребата од развивање методи, организациски, технички и други претпоставки за размена на информациите, како и за нивна систематизација и централизација на меѓународен план.

**Борбата против трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти најчесто ја води секоја земја поединечно и, се разбира, со различен успех. Од одлучувачко значење притоа е поддршката и координацијата со заедничката европска полициска служба Европол.**

Конвенцијата за Европол е потпишана на 26 јули 1995 година и стапува на сила во октомври 1998 година по ратификацијата од страна на сите 15 национални парламенти на ЕУ, со што конечно се основа Европска полициска служба (Европол) како меѓународна организација со седиште во ХАГ. По завршувањето на ратификационата постапка, која се одвивала со мало забавување во сите држави членки, Европол – како прва создадена институција во рамките на третиот столб започнува со работа на 1 јули 1999 година. Во согласност со член 261 на Конвенцијата за Европол, Европол е установа на Европската Унија со сопствен правен ентитет.

Република Македонија е потписник на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа, има склучено Договор за оперативна и стратешка соработка со

Европол, потписник е на проектот ILEKU'SC, значајно од аспект на соработката помеѓу Република Македонија и ЕВРОПОЛ, а исто така има и склучено Меморандум за разбирање за воспоставување на безбедна комуникациска врска и Билатералниот договор меѓу РМ и ЕВРОПОЛ за поврзување на компјутерски мрежи и др.

Со одлука на Советот во 2000 година е основан Европскиот полициски колеџ составен од највисоки претставници на државите членки и државите кандидати за членство во ЕУ, чијашто задача е поттикнување на соработката помеѓу националните полициски образовни институции заради развивање на идентични едукативни програми за превенција и репресија на криминалот.

Конвенцијата за Европол е заменета со Одлуката на Советот од 6 април 2009 година за основање на Европската полициска служба (Европол), конвертирајќи ја Европол во формална агенција на ЕУ, како и зголемување на некои од нејзините овластувања. Исто така, Европскиот парламент се стекнува со поширока контрола врз Европол врз основа на одлуката на Советот.

Европската полициска агенција е формирана како полноправна агенција на ЕУ на први јануари 2010 година. Со тоа добива зголемување на овластувањата да собира информации за криминал, а Европскиот парламент има повеќе контролни механизми врз активностите и буџетот на ЕВРОПОЛ.

Договорот од Ница етаблира потесна соработка помеѓу Европол и Европравда. Особено е значајна улогата на Европравда за развивање на својата активност во судската поддршка на Европол заради јакнење на борбата против тешките форми на криминал и обезбедување на високо ниво на заштита на граѓаните во просторот на правдата и слободата. Од 2014 година до денес, значително се зголемени и понудата и побарувачката за нелегален транспорт на мигранти, па овој криминал прерасна во голем и профитабилен бизнис за организираните групи. Како доказ за тоа се наведува податокот дека само во 2016-та биле регистрирани најмалку 500 илјади илегални гранични премини на надворешните граници на ЕУ. Помеѓу мигрантите, често трговците со луѓе ги наоѓаат и своите жртви, но на нивните измами и лажни ветувања наседнуваат и државјаните на земјите од ЕУ. Трговијата со луѓе, која е уште еден од петте приоритети што ги издвојува Европол, е исто

така поврзана со фалсификувањето документи, но и со крадењето туѓ идентитет, злоупотреба на туристички, работни и визи за студирање. Сексуалната и трудовата експлоатација се најчестите форми на злоупотреба што ги прават трговците со луѓе.

Во изминатите 20 години, трговијата со луѓе е еден од главните видови на организиран криминал на Балканот. Регионот е извор на жртви на трговија со луѓе, транзитен регион, како и дестинација за жртви на трговија со луѓе. Повеќето балкански држави се изворни земји за мажи, жени и деца подложени на трговија со луѓе и принудна работа, вклучувајќи го и домашното ропство и принудно питање. Особено ранливи се жените и децата, како и Ромите, тргувани во Западна или Југоисточна Европа. Според најновите податоци, повеќето жртви од регионот се жени тргувани за секс. Најголем дел од трговците со луѓе се мажи од земјите каде што биле осудени. Се чини дека проблемот станува сé повеќе локализиран. Во изминатите две години мигрантите и барателите на азил кои го транзитираат регионот се обидуваат да стигнат до Западна Европа стануваат ранливи на трговијата со луѓе. Како што се зголемува бројот на малолетници без придружба, постојат стравувања дека тие можат да бидат ранливи на трговија со луѓе.

Во изминатите неколку години, шверцот на мигранти стана еден од најпрофитабилните видови организиран криминал на Балканот. Војната во Сирија, како и европската стратегија за справување со големиот проток на бегалци и мигрантите од 2014 година создадоа голема можност за криминалните групи на Балканот. Оттогаш бројот на бегалците и мигрантите што пристигнаа во Грција имаше големо влијание врз Западниот Балкан-повеќето луѓе во движење се обиделе да се пробијат низ Република Македонија, Србија, Унгарија, а потоа и кон Западна Европа. Во 2015 година, 764.000 лица илегално ја преминаа границата Западен Балкан-шеснаесет пати повеќе од претходната година. Повеќето од луѓето кои беа во движење беа Сирийци, Ирачани и Авганистанци. Вреди да се напомене дека голем број луѓе од Албанија и Косово го искористија хаосот да се движат со мешаните миграциони текови. Всушност, според германските имиграциони податоци, Албанија и Косово беа втора и трета земја со највисок извор за лицата кои бараат азил во Германија во 2015 година - по Сирија, додека претходно лицата потекнуваа од Авганистан и Ирак. Не е изненадувачки дека некои од најчестите правци се оние што се користат за други форми на трговија со луѓе, како што се наркотиците и оружјето: триаголен

пограничен регион меѓу Косово, северна Македонија и јужна Србија; границите на Бугарија, Србија, Македонија и Турција. Градовите како Бодрум во Турција, Белград, Суботица и Будимпешта станаа клучни центри. "Шверцерите се добро организирани групи до мали агенции на индивидуални даватели на услуги. Европол го опишува како бизнис модел "криминал-како-услуга": мрежа.[3] Трговците со луѓе имаат тенденција да работат од жариштата околу клучните транспортни центри, како железнички станици, пристаништа, аеродроми и автобуски терминали.

Како што се зголеми стравот да се "преплават" од странци, европските влади реагираа со ограничување на движењето, дури и подигнување на огради и повторно вградување на граничните контроли. На 9 март 2016 година, транзитниот коридор на Западен Балкан беше целосно затворена. Бројот на илегални гранични премини драматично се намали: од 217.815 во првиот квартал во 2016 до 28.789 во вториот квартал. Повеќето од откриените случаи се обидувале да ја преминат границата меѓу Македонија и Грција, а потоа и Србија и Унгарија. Од една страна, затворањето на балканскиот пат ги премести тековите на друго место, на пример, преку Албанија во Италија. УНХЦР редовно ги пријавува инцидентите на злоупотреба и насилство против бегалците, како и трагични несреќи што резултира со смрт. Логично, зголемувањето на ризиците и бариерите го прават шверцот на мигранти попрофитабилен. На пример, надоместоците за шверцери во Евзони, на Грчката страна на границата со Македонија се зголеми повеќе од десет пати, кога пристапот беше затегнат во 2016 година. По должината на балканскиот пат, сега постои зголемена побарувачка за "фацилитатори" (шверцери) кои обезбедуваат невистинита документација, да дејствуваат како водичи и извидници, да обезбедуваат превоз, сместување и билети и да ги подмитуваат граничарите. Вреди да се спомене дека, според Европол, многу такви олеснувачи се вклучуваат во поликриминалност, со други зборови тие исто така се вклучени во други форми на криминал, вклучувајќи и трговија со луѓе (20%), дрога за трговија (15%) и имотниот криминал (23%). Додека бројот на не-регионални мигранти се намали за 88%, бројот на откриени олеснувачи се зголеми за 18% на 307. Повеќето олеснувачи (73%) се државјани на земјите од Западен Балкан. Многу други се

[3] EUROPOL report, SOCTA, Serious and Organized crime Threat Assessment, Crime in the age of technology, Euroepan Union, The Hague, The Netherlands, 2017.

поранешни бегалци и мигранти. Дури и ако само околу 100.000 луѓе се шверцуваат низ Балканот годишно, профитот е огромен.[4]

Трговијата со луѓе е еден глобален национален и интернационален проблем како еден модел на современо ропство над човекот, со кој се повредува и нарушува човековиот дигнитет и неговите основни слободи и права. Овој криминал не бира начин, место или жртва. Се јавува во разни форми манифестирајќи се преку сексуална експлоатација, трудова експлоатација, принудно просјачење, трговија со човечки органи и различни типови на насилство, се метастазира и шири на пошироки подрачја претварајќи ги истите во криминални мрежи во кои подведуваат разни жртви, без разлика дали се тоа мажи, жени или деца.

Европол укажува на тоа дека во трговијата со малолетници која е во различни форми на експлоатација (трудова, сексуална, детска порнографија и слично) се опфатени повеќе од 1.000.000 малолетници а со самиот тој чин се остварува противправна имотна корист односно добивка од повеќе од една милијарда долари, на годишно ниво.

Потребата за реална процена на овие феномени и желбата за борба против нив е дел од процесите за воспоставување и имплементирање на вистинска и успешна стратегија. Исто така специјализацијата на персоналот и соодветен тренинг на оние кои се инволвирани во борбата против трговијата со луѓе и криумчарење мигранти, поделба на ресурсите и пронаоѓање подобри начини за регионална и меѓународна соработка.

[4] EUROPOL report, SOCTA, Serious and Organized crime Threat Assessment, People as Commodity-Migrant Smuggling, Euroepan Union, The Hague, The Netherlands, 2017.

## 1.2. Цели и задачи

### Општа научна цел

Општата цел на ова истражување е научна дескрипција и идентификација на улогите на Европол во спречување на трговијата со луѓе и крумчарење мигранти.

Со оглед на општата цел, основни **задачи** на истражувањето се следниве:

- Кој е начинот на дејствување на Европол?
- Како може да се спречи трговијата со луѓе и криумчарење мигранти во земјите од Западен Балкан?
- Да се утврди дали е потребна поголема соработка помеѓу разузнавачките агенции и организации во делот на трговија со луѓе и криумчарење мигранти.
- Да се одговори на дилемата која е причината и покрај развиените современи разузнавачки методи, да се случува трговија со луѓе и криумчарење мигранти.
- Да се дојде до сознанија каде се најголемите жаришта од каде потекнува овој проблем.
- Каде се наоѓа Р. Македонија во овој проблем и како се бори за намалување и спречување на истиот.
- До кое ниво е соработката на Р. Македонија со Европол и други Европски институции кои се борат со овој проблем.
- До кое ниво е соработката на разузнавачките служби на Р. Македонија со соседните земји од Балканот кои се најзасегнати од овој проблем.

**Практична цел**

Практичната цел на ова истражување ќе биде насочено покрај разработување на позитивните страни на полициската соработка, да се обиде да ги детектира и образложи пречките кои креираат застој во борбата против транснационалниот криминал, како и искуствата кои Република Македонија ги има стекнато на полето на меѓународната полициска соработка и пракса со Европол.

Од тој аспект заклучоците до кои ќе се дојде со ова истражување ќе можат да се искористат во креирањето на нова поуспешна стратегија за справување со трговијата со луѓе и криумчарење мигранти во земјите од Западен Балкан.

## 1.3. Дефинирање на предметот на истражување

Основен предмет на ова истражување ќе биде идентификација на улогата на Европол во спречување на трговијата со луѓе и криумчарење на мигранти.

Истражувањето ќе се изведе постапно, од причина што предметот содржи повеќе поими кои ќе помогнат за комплетно операционализирање на проблемот. Во анализа на истражувачкиот проблем ќе преовладуваат следниве поими:

Дефинициите на трговија со луѓе и криумчарење мигранти се наоѓаат во *Протоколот на Обединетите нации за спречување, сузбивање и казнување трговија со луѓе, особено со жени и деца (Протокол за трговија со луѓе)* и *Протоколот на Обединетите нации против трговија со мигранти по копно, море и воздух (Протокол за криумчарење мигранти)*.

***Протокол за трговија со луѓе, член 3(а)***

„Трговија со луѓе“ е врбување (регрутирање), транспорт, трансфер, заштитување или прием на лица, со помош на закана или употреба на сила или други форми на принуда, грабнување, измама, лага, злоупотреба на моќ или злоупотреба на положбата на ранливост или на давање или добивање исплата или корист за да се постигне согласност на лице што има контрола врз друго лице, заради целта на експлоатација. Експлоатацијата вклучува, најмалку, експлоатација на проституцијата на други или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или практики слични на ропството, слугување или отстранување органи.

***Протокол за криумчарење мигранти, член 3(а)***

„Криумчарење мигранти“ е обезбедување, за да се добие, директно или индиректно, финансиска или друга материјална корист, од илегален влез на лице во држава-страна на која лицето не е државјанин или постојан жител.

***Трговија со луѓе***

Под поимот трговија со луѓе се подразбира една од формите на транснационален организиран криминал кој се состои од противправно остварување на економска или друг вид корист од продажба на мигранти, која се остварува по пат на закана, врбување, транспорт, криење, преселување од едно во друго место и сл., од страна на посредниците, како и разни видови на нивната експлоатација од страна на оние кои ги држат во одредена зависност и потчинетост.[5]

***Криумчарење***

Криумчарењето претставува кривично дело од меѓународна природа, бидејќи е неопходно премин од една до друга држава, за разлика од трговијата со луѓе која може да има меѓународен карактер, но може да биде и од локален карактер. Криумчарењето се врши со незаконит влез во една држава со давање на паричен надоместок, но по влегувањето во ветената земја криумчареното лице се ослободува, додека пак, жртвата на трговија со луѓе, по исполнувањето на процесот на измама, заблуда, примена на сила и сл., се претовара во стока. Криумарењето мигранти се извршува за остварување на крајните цели на трговијата со луѓе. Поради тоа, двете појави не може да се анализираат доколку се изолирани една од друга, туку напротив, мора да следи нивно паралелно проучување.

***Европол***

Европол е организација на Европската Унија надлежна за спроведување на законот, која работи со криминалистичко-разузнавачки информации. Нејзина цел е поддршка во подобрување на ефективноста и соработката помеѓу надлежните органи на земјите членки во спречувањето и борбата против организираниот криминал, тероризмот и други форми на сериозен криминал кои зафаќаат две или повеќе земји членки, поврзано со недозволена

---

[5] Сулејманов Зоран, Криминологија, Скопје: Графос, Скопје, 2007, стр.147.

трговија со дрога, недозволена трговија со нуклеарни и радиоактивни материи, криумчарење на мигранти, трговија со луѓе, тероризам, криминалитет поврзан со моторни возила, перење пари, убиство, недозволена трговија со човечки органи и ткива, киднапирање, расизам, фалсификување и пиратерија.

Целта на Европол е да се подобри ефикасноста и соработката помеѓу надлежните органи на земјите-членки, првенствено преку размена и здружување на службите за разузнавање за спречување на меѓународниот организиран криминал и борба против него. Неговата мисија е да даде значителен придонес во напорите на Европската унија за борба против организираниот криминал.

***Транснационален организиран кримиал***

Под транснационален организиран криминал се подразбираат криминални групи кои имаат организатор (или организатори) во една држава, но поради обемот на криминалните активности дејствуваат во други држави. Мултинационалниот организиран криминал подразбира здружени криминални групи од поедини држави, така што нивното дејствување се одвива во поголем број држави.

## 1.4. Основна хипотетичка рамка

Врз основа на општиот пристап на проблемот за трговија со луѓе и криумчарење на мигранти и идентификација на улогата на криминалистичко разузнавачката организација Европол и врз основа на веќе поставените цели во ова истражување ќе ја поставам следнава општа хипотеза:

Европол преку унапредување и зајакнување на соработката со земјите од Западен Балкан ќе дејствува во насока на намалување на жртвите на трговија со луѓе и криумчарење мигранти.

**Посебни хипотези:**

-Европол со своите методи - размена на информации, разузнавачка анализа, стручност и обука, може да придонесе во мерките што се спроведуваат од страна на надлежните национални власти.

-Република Македонија има соодветна правна регулатива која е во функција на успешно спречување и сузбивање на трговијата со луѓе, меѓутоа со оглед на тоа дека трговијата со луѓе е транснационален криминал по начинот на извршување и по ефектот, постои потреба од зголемена меѓународна соработка.

-Преку размена на информации, изготвување на разузнавачки анализи, експертизи и обука, може да се влијае кон намалување на трговијата со луѓе и криумчарење мигранти во земјите од Западен Балкан.

-Со натамошно унапредување и интензивирање на соработката на безбедносно-разузнавачките служби во меѓународни рамки како на билателарно така и на мултилатерално ниво ќе се идентификуваат сторителите и групите на трговија со луѓе и криумчарење на мигранти.

-Преку зајакнување на меѓународната соработка и преку подобрено спроведување и институционализација на регионалната борба против трговија со луѓе, зајакнување на прекуграничната соработка и заеднички тимови за истражување ќе се намали бројот на жртви на трговија со луѓе.

# 2. ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

## 2.1. Поимање и дефинирање на трговијата со луѓе

Дефинирањето на трговијата со луѓе има за цел да ги обедини сите елементи кои ја карактеризираат појавата во една сеопфатна, описна рамка на поимање. Дефинициите кои се содржани во домашното законодавство се базираат на меѓународни документи и легислативи, за кои се има тенденција да бидат имплементирани на национално ниво. Во Конвенцијата на Советот на Европа трговијата со луќе се опишува како појава која во себе содржи врбување, транспорт, засолнување или прифаќање на лица по пат на принуда или преку примена на сила. Дефиницијата го опфаќа и поимите “злоупотреба на моќ” “искористување на позиција на ранливост” како и “експлоатација”. [6] Со деталното дефинирање на поединечните поими кои се употребуваат при описот на појавата на трговија со луѓе може да се добијат практични импликации во однос на идентификување на случаите и сузбивање на криминалните појави. Посебна дефиниција на секој од елементите на трговијата со луѓе како “грабнување”, “измама”, “злоупотреба на моќ”, “позиција на ранливост”, “принудна работа”, “ропство”, “експлоатација”, “злоупотреба на позицијата на ранливост”, итн., овозможува да се создаде систем на индикатори кои го карактеризираат секој елемент одделно а на феноменот на трговија со луѓе гледаат во целина, ова ја олеснува примената на практични упатства за идентификација на жртвите на трговија со луѓе.

Во изминативе десет до петнаесет години кон проблематиката на трговијата со луѓе се придава зголемено внимание од повеќе аспекти. "Трговијата со луѓе" или "модерното ропство" се често употребувани термини кои се однесуваат на различни кривични дела поврзани со економската експлоатација на луѓето. Трговијата со луѓе се поврзува со транснационални организирани криминални групи, како и мали, послабо организирани криминални мрежи и локални банди. Терминот “модерно ропство” недвојбено асоцира на законски прекршувања во однос на трудот, правото на работа и економската експлоатација

[6] Council of Europe Convention against Trafficking in Human Organs, Council of Europe, 25.03.2015, Strasbourg, France, достапно на: http://conventions.coe.int

на човекот.  Во Членот 3 од Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца трговијата со луѓе се дефинира на следниов начин:

> Трговијata со луѓе е регрутација, превоз, трансфер, засолнување или примање на лица, преку закана или сила или други форми на принуда, киднапирање, измама, лукавство, злоупотреба на моќ или позиција на ранливост или на давање или примање на плаќања или бенефиции за да се постигне согласност на лице кое има контрола над друго лице, заради експлоатација. Експлоатацијата вклучува, во најмала рака, експлоатација на проституција на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или практики слични на ропство, сервилност или отстранување на органи.[7]

Операционалната функција на дефиницијата дадена во протоколот е да ја олесни конвергенцијата во пристапите кон ова прашање од страна на земјите-членки на Обединетите нации ширум светот. Потребата од едно вакво сеопфатно дефинирање е согледана во зајакнување на меѓународната соработка во решавањето на трговијата на начин што ќе ја поддржи крајната цел на протоколот: да се стави крај на трговијата со луѓе каква што постои денес. Оваа дефиниција најчесто се користи во обезбедувањето на основа за законска рамка за справување со ова прашање.

Дефиницијата се состои од три основни делови: регрутирање, движење и експлоатација, од кои сите укажуваат на критичните аспекти на процесот на трговија. Важно е да се напомене дека не е потребно "движењето" да го вклучи преминот од една земја во друга; поединецот може да се најде во рамките на границите на својата или нејзината сопствена земја или град, па дури може да се продава од домот во кој живее, во кој случај движењето не е релевантно. Како пример за трговија во рамките на една земја може да се наведе Костарика, каде не е невообичаено да се продаде девојка или жена од

[7] United Nations Human Rights, Ofiice of the High Commissioner-OCHCR. Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons Especially Women and Children, supplementing the United Nations Convention against Transnational Organized Crime, 2000, достапно на: https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/protocoltraffickinginpersons.aspx

руралните области до крајбрежните региони каде што комерцијалната сексуална работа е доминантна и во пораст[8].

Исто така, специфично за разбирање на трговијата со луѓе е разбирањето на она што се подразбира под поимот принуда. Терминот "принуда" во овој контекст конкретно се однесува на:

- ✓ закани за повреда на кое било лице;
- ✓ секоја шема со намера да предизвика лице да верува дека неуспехот да се изврши акт ќе резултира со штета или физичко воздржување од кое било лице; или
- ✓ злоупотреба или закана за злоупотреба на правниот процес.[9]

Сепак, од суштинско значење е да се земат во предвид други фактори во однос на елементот на принуда, особено кога се работи со жртви на сексуална експлоатација и проституција, како на пример дали лицето кое е вклучено има други алтернативи за задоволување на основните потреби? Доколку лицето вклучено во трговија заради проституција немал друга алтернатива за да се прехрани себе и/или своето дете или смета дека само на тој начин може да ја обезбеди својата безбедност, може да се каже дека тој/таа доброволно се вклучил и оддал на ваков тип на принуда. Во практиката, постојат луѓе кои самостојно се предаваат во ситуација налик на ропство, но тие ситуации се разликуваат од појавата на трговија со луѓе, во најголема мера поради свесноста и самостојната одлука да се биде вклучен во ваков вид на експлоатација на трудот. Историски, трговијата со луѓе потекнува од ропството претежно базирано на американскиот континент. Примарните карактеристики на овој феномен остануваат исти со текот на времето и вклучуваат една личност која врши страв, а понекогаш и насилство, заради експлоатација на трудот и контрола на моќта. Во практиката често доаѓа до забуна помеѓу терминот на ропство и трговија со луѓе, но за нивното разграничување повеќе ќе стане збор во овој труд.

---

[8] Marry C. Burke, *Human Trafficking: Interdisciplinary Perspectives (Criminology and Justice Studies)*, Routledge, 2013.

[9] Council of Europe Convention against Trafficking in Human Organs, Council of Europe, 25.03.2015, Strasbourg, France, достапно на: http://conventions.coe.int

## 2.2. Форми на трговија со луѓе

Постојат бројни форми во кои се јавува феноменот на трговија со луѓе. Не ретка практика е категоризирањето на трговијата со луѓе преку природата на работа која се извршува. Така често имаме дијадна поделба помеѓу две форми: трговија заради експлоатација на трудот и трговија заради сексуални услуги. Но ваквата дијадна поделба е погрешна практика, бидејќи трговијата со луѓе зазема најразлични форми кои можат да бидат помеѓу овие две форми но и многу поразлични од нив. Постои широка сива зона во определувањето и класифицирањето, така што доколку се држиме стрикно до категоријата во која сврстуваме лица тргувани заради експлоатација на трудот, може да ја занемариме невидливата сексуална експлоатација на која стануваат жртви повеќето жени во оваа ситуација. Со други зборови, жената може да биде тргувана првенствено за домашно ропство, но голема е веројатноста дека ќе биде принудена да се вклучи и во сексуални активности, а понатаму и преку сексуална експлоатација може да биде тргувана за други цели. Но и покрај кажаното, додека видот на трудот што го извршуваат жртвите е различен, што исто така се однесува и на експлоатација на трудот и трговијата заради сексуални услуги, во продолжение ќе наведеме некои од најчестите облици на трговија со луѓе:

Обврзната работа или *должничкото ропство* е форма на трговија со луѓе, како еден од нејзините најстари форми и најтесно поврзана со традиционалното ропство. Земајќи го ропството како паралела, во оваа форма лицето зема или е измамено да зема заем во замена за сопствениот труд и работа. Земајќи го заемот лицето е обврзано да работи за да го отплати својот долг кај давателот. Но, проблемот настанува кога природата на работата и времето потребно за отплата на заемот се невидливи и нејасни, често променливи и во најголем број случаи се задржуваат како такви. Лицата кои се вклучени во должничко ропство може да добијат храна и засолниште како награда за сработеното односно една форма на "плаќање" за работа. Во повеќето случаи жртвите нема да бидат платени парично на кој начин нивниот долг може да се зголеми заради трошоците поврзани со храната и засолништето кон првичниот долг.[10] Долгот може да биде пренесен со генерации, што значи дека детето или внучето на лицето кое првично е задолжено останува да го исплати долгот. Тука може да се

[10] The Global Slavery Index. (2018). *Modern Slavery: A hidden, everyday problem*. Needlands, Western Australia.

зборува за еден вид на трансгенерацинска трговија со луѓе, односно поради наследување на долгот, детето или внучето е присилено да биде жртва на трудова експлоатација или некој друг вид на злоупотреба на трудот, заради отплатување на првичниот долг. Постојат случаи кога лицата и преку генерации и поколенија не успеваат да се оддолжат на лицето или неговите потомци кое ги задолжило, бидејќи задолжувачот добива многу повеќе држејќи го лицето во должничко ропство, отколку што би добило со отплатување на долгот, колку и тој да е висок и зголемен со текот на годините.

Важно е да се напомене дека не сите случаи на должничко ропство го исклучуваат изборот на жртвата. Постојат случаи кога лицето доброволно влегува во ваков тип на однос преку взаемен договор до давателот на заем и при тоа да биде прилично добро компензиран за нејзиниот или неговиот труд.[11]

Присилната работа се карактеризира со тоа што поединецот е принуден да работи против својата волја, без соодветна компензација за вложениот труд, со ограничување на слобода и често со примена на насилство или закана за извршување на истото. Поимот присилна работа не ретко се користи за да ги опише сите форми на трговија со луге.

*Chattel ропството*[12] се карактеризира со сопственост на една личност од страна на друга при што лицето кое е во сопственост е купувано и продавано како материјално добро или стока. Иако оваа форма на трговија со луѓе била најзастапена во Соединетите Американски држави се до 1865 година, тоа е најмалку застапена форма на трговија со луѓе во денешно време. Трендот делува оптимистично, но тоа не значи дека трговијата на луѓе е во драстично опаѓање низ историјата, туку повеќе асоцира на фактот што феноменот се трансформира во други форми и облици кои не се јасно видливи и препознаени од денешното законодавство. Постои една таканаречена форма на ропството по потекло која се случува кога поединците се раѓаат во општествено конструирана класа или етничка група која е префрлена на статус на роб.

Друга, не така ретка форма на трговија со луѓе е раниот и *принуден брак* со што првенствено се погодени девојчињата и жените кои се мажени за мажи без никаков избор.

[11] The Global Slavery Index. (2018). *Modern Slavery: A hidden, everyday problem*. Needlands, Western Australia.
[12] Chattel slavery, Eight Facts about Chattel Slavery, The Borgen Project, 13 July 2017, Seattle, USA.

Принудени на брак без нивна согласност, тие понатаму станувaат целосна сопственост на мажот и неговото семејство. Покрај експлоатацијата на трудот и економската експлоатација тие честопати искусуваат физичко и / или сексуално насилство во домашната средина. Но, иако најчесто се зборува за девојчиња принудени на брак, тоа понекогаш може да е случај и со момчиња кои се принудени на брак со девојчиња, или принудени на заедница слична на брак со возрасни мажи. Ова секако задира и во културолошките аспекти на општествената срдина во која се случува ваквата форма на трговијата со луѓе. Повеќето од жртвите се на возраст од 15-24 години, но постојат и случаи на помлади момчиња кои се тргувани заради брак.

*Домашното ропство* е форма на присилна работа во која поединецот работи во рамките на живеалиштето, при што недоброволно извршува работи како што се готвење, чистење, грижа околу домот, тешка физичка работа, грижа за деца и други работи во домаќинството. Ова станува тортура кога работодавецот користи сила, измама и / или присила за да ја одржи контролата над поединецот и да го наведе работникот да верува дека таа или тој нема други опции, освен да продолжат со извршување на работата. Овој вид на средина во која поединецот е држен во заробеништво го става поединецот во зголемен ризик да стане жртва на други форми на експлоатација, бидејќи тој или таа е изолиран/а и властите не се во можност лесно да добијат пристап до средината како би можеле да добијат сознанија за работното место во кое е вклучено лицето. Ова е честа форма на принуда со посредство на измама на лицата кои ја напуштаат својата држава во обид да најдат подобар живот, при тоа прифаќајќи да се грижат за домот и/или лицата во одредено семсјтво во замена за храна и пренокиште.[13]

Трговијата со луѓе заради сексуална работа е исклучително трауматична форма на трговија со луѓе во која комерцијалниот сексуален чин е поттикнат од сила, измама или принуда. Не ретко лицето кое е тргувано заради сексуални услуги е под 18-годишна возраст. Жртви на сексуална трговија можат да бидат девојки, момчиња, жени или мажи - иако мнозинството се девојки и жени. Не е невообичаено за трговците да вршат должничко ропство како обид да се легитимизира нивната конфискација на приходите на жртвата.

[13] The Global Slavery Index. (2018). *Modern Slavery: A hidden, everyday problem*. Needlands, Western Australia.

Сексуалните продавачи користат разни методи за “кршење„ и контрола врз жртвите како што се: влијание врз уверувањата, психолошко насилство, физичкото малтретирање, силување, закани за насилство врз семејството на жртвата, присилна употреба на дрога и многу повеќе. Жртвите на оваа форма на трговија со луѓе се соочуваат со бројни психолошки и физички здравствени ризици.

Покрај возрасните, децата се исто така чести жртви на трговија со луѓе. Опишувајќи го феноменот на трговија со луѓе, под дете се подразбира секое лице што има помалку од 18 години[14]. Трговијата со деца вклучува раселување дете за економска експлоатација. Во случај на деца, не е практика да се демонстрира сила, измама и принуда. Се проценува дека секоја година се продаваат 1,2 милиони деца [15]. Како и возрасните и тие стануваат жртви на трговија заради експлоатација на нивниот труд и сексуална експлоатација.

Најлошите форми на злоупотреба на детски труд се однесуваат на детска работа која се смета за штетна за физичкото и психолошкото здравје и благосостојба на детето. Меѓународната трудова конференција во 1999 година ја усвои Конвенцијата бр. 182 за забрана и итна акција за отстранување на најлошите форми на детски труд. Продажбата и трговијата со деца се забележува во оваа конвенција како една од "безусловно" најлоши форми на злоупотреба на детски труд. Другите безусловни најлоши форми наведени во Конвенцијата вклучуваат "употреба, набавка или нудење на дете за проституција, за производство на порнографија или за порнографија„ и "употреба, набавка или нудење на дете за нелегални активности".[16]

Една од формите на трговија е злоупотреба на деца за воени цели. “Дете војник„ е форма на трговија со луѓе која вклучува употреба на деца како борци, а исто така може да

---

[14] Татјана Фомина, Интернационален центар „Ла Страда“- Молдавија и Мариа Вогиаци, Центар за заштита на човековите права – Грција, Ариaнде мрежа. *Регионални упатства за идентификацција на жртвите на трговија со луѓе*, Правилник(прирачник) за Југоисточна и Источна Европа, 2012, стр 15

[15] Marry C. Burke, *Human Trafficking: Interdisciplinary Perspectives (Criminology and Justice Studies),* Routledge, 2013.

[16] International Labour Organization-ILO. Convention concerning the Prohibition and Immediate Action for the Elimination of the Worst Forms of Child Labour (No 182), 2000.( Adoption: Geneva, 87th ILC session (17 Jun 1999) - Status: Up-to-date instrument (Fundamental Convention).Convention may be denounced: 19 Nov 2020 - 19 Nov 2021).

вклучи и деца вклучени во принудна работа или сексуална експлоатација од страна на вооружените сили. Во овој случај, трговците може да бидат владини воени сили, паравоени организации или бунтовнички групи. Покрај тоа што се користат директно во вооружени конфликти, децата може да се користат за сексуални цели или да бидат принудени да работат како слуги, готвачи, чувари, гласници или шпиони[17].

Постои и трговија со луѓе која се случува со цел искористување на човечките органи. Поимот може да го сретнеме и како “илегална рамена на органи” или “трансплатациски туризам”[18]. Се опишува како форма на трговија со луѓе заради отстранување на нивните органи, во што е влучена нелегална медицинска пракса и продажба на органите на црниот пазар. Најчесто жртвите се киднапирани и органите им се отстранети без нивно знаење. Но, постојат и случаи кога поединци доброволно се влучуваат во вакви постапки на црниот пазар, како би обезбедиле основни средства за егзистенција. Постојат многу нејаснотии и недоречености околу вавата медицинска пракса, како и повеќе држави во кои постои “сива” зона помеѓу она што е легално и криминално во медицинските процедури на трансплантација. Оној кој поседува финансиска моќ може многу лесно да најде донатор и да изврши трансплантација во некоја од ваквите земји. Отстранувањето на органот/органите може да се случи во местото каде лицето е киднапирано и при тоа да се пренесе само органот или може да се пренесува лицето до местото каде се случува медицинската процедура и таму да биде отстранет органот.

[17] Marry C. Burke, *Human Trafficking: Interdisciplinary Perspectives (Criminology and Justice Studies)*, Routledge, 2013.
[18] Maged Srour, Human Trafficking for Organs: Ending Abuse for the Poorest, Inter Press Service, News Agency, 2018, достапно на: http://www.ipsnews.net/2018/04/human-trafficking-organs-ending-abuse-poorest/

## 2.3. Карактеристики на жртвите на трговија со луѓе преку систем на индикатори

Во популарните стереотипи, жртвите на трговијата со луѓе често се портретирани како невини млади девојки кои се привлечени или киднапирани од нивните матични земји и присилени во комерцијалната сексуална индустрија најчесто во друга држава далеку од матичната. Иако ова не е нужно погрешно прикажување, девојките во никој случај не се единствените жртви на трговија со луѓе. Жените, мажите и децата од сите возрасти може да бидат жртви на сексуална експлоатација и експлоатација на трудот. Оние кои се изложени на ризик од трговија со луѓе најчесто доаѓаат од ранливите популации, вклучувајќи ги недокументираните мигранти, бегалците и младите кои се изложени на висок ризик, жените и припадниците на другите обесправени или маргинализирани групи и сиромашните. Трговците ги наведуваат поединците во овие популации, бидејќи жртвите имаат малку ресурси и опции за работа. Ова ги прави лесен плен за трговците кои ги регрутираат преку измама или сила. Наведените групи на лица имаат тенденција да бидат полесно подложни на контрола и психолошка манипулација.

**Систем на индикатори**

Поголем број на индикатори може да се користат при идентификација на жртвите на трговија со луѓе. Како што е веќе забележано, за време на процесот на идентификација на лицето кое е одговорно да ја врши идентификацијата треба да ги спореди информациите кои ги добива од жртвата и индивидуалните околности со специфични индикатори на трговија со луѓе. Секој индикатор опишува еден поинаков конститутивен елемент на правната дефиниција на трговијата со луѓе. Употребата на индикатори му помага на лицето одговорно за идентификација на жртвата за да утврди дали одредени активности како што се регрутирање, транспорт, трансфер, итн. се случиле и дали жртвата била подложена на одреден вид на експлоатација, кои средства биле применети и др. Со оглед на фактот дека одредени индикатори (транспортот, движење, закана, сексуална злоупотреба и др.) прецизно ги одразуваат различните составни елементи на кривичното дело трговија со луѓе (акти, методи, цел) можеме да ги сметаме за директни индикатори на трговија со луѓе. Меѓутоа, во практика често се јавува ситуација кога лицето одговорно за идентификацијата не може да добие доволно информации од интервјуто за да препознае директни индикатори

за тоа дали едно лице е жртва на трговија со луѓе. Ова се должи на голем број причини, на пример, кога се претпоставува дека жртвата не е подготвена или одбива да ја каже вистината поради страв или вознемирување, траума. Понекогаш информацијата е доставена од страна на роднините или познајници на жртвата, а не од страна на самата жртва. Во овој случај информациите доставени имаат тенденција да бидат некомплетни. Искусен специјалист мора да поседува доволно вештини за да може да користи индиректни показатели на трговија со луѓе. Овие индиректни показатели најчесто се базираат врз основа на истражувања, како и на лична експертиза и искуство, добро познавање на типичен (статистички просек) социјален и психолошки портрет на жртвите на трговија со луѓе, главните патишта на патување во странство, специфичната ситуација и локацијата каде што потенцијалната жртва се наоѓа, како и за други околности од значење за личноста на жртвата и нејзиниот стил на живеење. Така, сетот на индикатори кои се користат за да се идентификуваат лицата што се тргувани можат да бидат поделени во две групи:

• директни показатели за да се идентификува трговијата со луѓе, кои одговараат (потврдуваат) на составните елементи на правната дефиниција на трговијата со луѓе;

• индиректни показатели за да се идентификуваат можните жртви на трговија со луѓе а врз основа на податоци добиени преку практика и социолошки студии и анализа на вистински случаи на трговија со луѓе (просечен социјален и психолошки профил на жртвите на трговија со луѓе, рути за патување во странство, ситуацијата и локацијата каде што можната жртвата ќе се пронајде, итн.).[19]

[19] Татјана Фомина, Интернационален центар „Ла Страда"- Молдавија и Мариа Вогиаци, Центар за заштита на човековите права – Грција, Арианде мрежа. *Регионални упатства за идентификација на жртвите на трговија со луѓе*, Правилник(прирачник) за Југоисточна и Источна Европа, 2012, стр 15

## 2.4. Организациона поставеност на групите за трговија со луѓе

Феноменот на трговијата со луѓе се врши од  поединци, мали, лабаво организирани криминални мрежи или традиционално организирани и поцврсто структуирани криминални групи. Во неа се вклучени и малите организации водени од мала груп која наликува на мал семеен бизнис, но исто така и поголемите добро организирани бизниси кои работат во конкурентна меѓународна платформа. На пример, помали групи кои се вклучени во трговијата преку пруги на одреден граничен премин, може еднократно да помогнат во транспортот во тој дел, додека други организации можат да работат на континуиран начин, каде е вклучена поголема организација да организира транспорт на жртви на подолги рути. Овие поголеми трговски организации често функционираат на потрајна основа и се вклучени во целокупниот процес, почнувајќи од регрутирање на жртвите до продажба и препродажба на жртви на работодавачи.

Организирани криминални групи или криминални организации се локални, национални или транснационални групи на централизирани претпријатија со цел да се вклучат во нелегална активност за финансиска добивка. Се опишуваат како транснационални организирани криминални групи за планирање и извршување на незаконски деловни потфати по групи или мрежи на поединци кои работат во повеќе од една земја. Добро познат факт е дека групите кои се вклучени во националниот и транснационалниот организиран криминал систематски го користат насилството и корупцијата за да ги постигнат своите цели. Организаторите на трговија со луѓе истовремено може да бидат вклучени и во други нелегални активности како трговија со дрога, криумчарење мигранти и сл. Може слободно да се каже дека транснационалниот организиран криминал ја поткопува демократската структура и го попречува општествениот, политичкиот, економскиот и културниот развој на општествата ширум светот[20].

Покрај традиционалните добро структуирани организациски групи дополнително трговијата со луѓе исто така се спроведува и од повеќе лабаво организирани криминални мрежи. Овие криминални мрежи се децентрализирани и помалку хиерархиски подредени,

[20] Mavrellis Channing. *The bussines of transnational crime,* Global Financial Integrity, Washington D.C, USA, 2017.

но и покрај тоа, тие можат да бидат подеднакво ефикасни во работењето, но исто така и потешки за откривање отколку традиционалните организирани криминални групи.

Криминалните мрежи се најновата форма на организираниот криминал во дваесет и првиот век. Нивната полезност во глобализирананата економија придонесува тие, заедно со јадрените групи, да бидат најефикасни форми на криминално организирање за новиот милениум. Криминалните мрежи имаат лабава организација, покажуваат исклучително голема присособливост и се составени од флуидни мрежи на поединечни учесници коишто се организираат околу некоја тековна криминална акција. Членството, обликот и организирањето на мрежата се дефинирани со учеството на тие индивидуи во некој конкретен момент. Индивидуалните атрибути, на пример, специфичните вештини, финансиските ресурси, политичките врски, ја одредуваат важноста на учесниците во мрежата. Во неа нема чувство за етнички или за социјален идентитет-туку само лична лојалност кон самата акција. Мрежите се создаваат, се преобликуваат и се иницираат околу низа постојани криминални проекти. Криминалните мрежи одржуваат многу низок профил во јавноста и речиси никогаш не се идентификуваат по име или по некој атрибут, освен со самото учество на индивидуите во мрежата. Мрежата се трансформира кога ќе ја напуштат клучните поединци или, пак, се преобликува во друг криминален проект.[21] Процесите преку кои луѓето се продаваат се различни. Бидејќи трговијата со луѓе има единствена цел за тргувачот а тоа е сгекнување на финансиска корист, сите размени се прават во обид да се максимизира финансиската добивка додека се минимизираат трошоците и финансиската загуба. Тргувачите вклучуваат бројни поединечни и мали групни трансакции, чиишто карактеристики се во зависност од ситуацијата. Иако комплексноста на оргнизационата структура може да варира, генерално организацијата се состои од поединци кои исполнуваат една или повеќе улоги во групата, во зависност од нејзината големина. Во литературата се сретнуваат следниве улоги во организационата група[22]:

[21] Тања Милошевска, Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал, Филозофски факултет, 2016.
[22] Parker, St.,Jonathan Sk. *Pimps Down: A Prosecutorial Perspective on Domestic Sex Trafficking*, University of Memphis Law Review; summer 2013, Vol. 43 Issue 4, p. 1013.

1. Тргувач - тоа е лице поставено на врвот од организацијата. Тој/таа има финансиски интерес во регрутирањето и експлоатацијата на жртвите од трговија со луѓе;
2. Макро – Во случаите на трговија со луѓе заради сексуална експлоатација на жртвата хиерархиски висока улога има макрото во организацијата. Постои поимање дека макрото обезбедува заштита на лицата кои се вклучени во сексуална работа, меѓутоа, самиот тој/таа честопати претставува најголема опасност за жртвата преку употреба на закани, физичко малтретирање, силување и воведување или одржување на употребата на дрога кај лицето кое ја врши сексуалната работа;
3. Регрутер - преставува лице кое е одговорно за идентификување на потенцијалните жртви. Регрутерите најчесто имаат за задача да ги идентификуваат младите кои бегаат или се отфрлени од домот, како и млади кои не се адекватно заштитени или чувани. Откако ќе ги идентификува, регрутерот ги примамува да се сретнат со тргувачот. Регрутерот е најчесто лице кое било жртва на трговија и е долго време во криминалната организација. Но постојат и случаи кога регрутерот не е целосно свесен дека жртвата понатаму ќе биде злоупотребувана. Некои чести форми на регрутирање се следниве:[23]

    • користење на интернет за промовирање на можностите за вработување, студирање во странство или брак;

    • регрутирање на лицата на јавни места како што се барови, ресторани и клубови;

    • регрутирање на лицето преку контакти со заедницата и соседството, вклучувајќи ги семејствата и пријателите;

    • купување на деца од нивните родители или законски старатели.
4. Поврзувач - во повеќето случаи претставува лице кое произлегува од самата заедница и кое, во замена за финансиска корист, дрога или друг тип на личен интерес, ги идентификува потенцијалните жртви од заедницата. Поврзувачот

[23] Marry C. Burke, *Human Trafficking: Interdisciplinary Perspectives (Criminology and Justice Studies),* Routledge, 2013.

има улога да створи конекција помеѓу потенцијалната жртва и регрутерот или тргувачот. Во некои организации поврзувачот се нарекува брокер или агент тој има за цел да го следи процесот од регрутирање до пренесување на жртвата до тргувачот.

5. Агент за вработување - се грижи за обезбедување "вработување" за жртвата; Неговата улога понекогаш вклучува и правење на договори за идентификација на потребните документи како што се визи и пасоши.
6. Агент за патување – тој го организира превозот на жртвата од нејзината или од неговата точка на потекло до дестинацијата. Ова може да значи организирање на патување во рамките на една земја, пр. од внатрешноста на земјата до атрактивните крајбрежни или други туристички места во самата држава, или може да вклучува патување низ граници на една или повеќе земји.
7. Добивач на документи / крадец – Фалсификаторот и/или крадецот обезбедува документи за идентификација за прекугранично патување. Во некои случаи, ова може да вклучи и креирање односно фалсификување на лажни документи, а во други случаи може да значи нелегално модифицирање на веќе постоечките валидни документи.
8. Транспортер - транспортерот всушност ја придружува жртвата на патувањето од местото на потекло до дестинацијата. Превозот може да биде преку брод, автобус, автомобил, такси, воз, авион или пеш. Испораката на жртвата се врши или на брокерот или директно до работодавецот, односно тргувачот.
9. Грумер - ова лице има улога да ја иницира жртвата во светот на проституцијата и/или порнографијата. Тој/таа користи психолошки методи за да го ограничи контактот на жртвата со надворешната средина и воедно да ги минимизира негативните аспекти на организацијата пред жртвата. Грумерот има улога да го „дотера или зачини“ процесот. Во повеќето случаи регрутерот ја превзема и улогата на грумер.
10. Набљудувач - Ова лице има улога на стражар, односно е задолжен за заштита на жртвите при транспорт и при тоа обезбедување на соодветни услови во кои жртвите не би имале можност да се поврзат со лица надвор организацијата

и/или да избегаат. Ова лице во некои организации се нарекува и покрив и има улога да го заштити бизнисот, а во некои случаи и да се осигура дека одреден клиент исплатил определен долг.

11. Темел (дно) - Темелот или дното е жртва на трговија со луѓе која има најблиска конекција со тргувачот. Оваа жртва заработува на начин што управува со другите жртви во организацијата. Најчесто лицето кое дно присвојува улога на грижа за другите жртви, но при тоа мора да остане лојална на тргувачот. Статусот на дно или темел претставува еден вид на награда за лојалноста кон организацијата, но и ваквиот статус се користи како поттик да се остане лојален на тргувачот и на организацијата.
12. Жени - пријатели - претставуваат група од две или повеќе жртви кои живеат заедно и работат заедно во организацијата. Ова се најчесто стратегиски комбинирани жртви заради заедничко живеење, како би можела организацијата да обезбеди лојалност на новите жртви преку нивно приближување со поискусните жртви.[24]

За да се обезбеди успешност на процесот на трговија со луѓе, потребно е на некој начин да се убедат жртвите да ги напуштат своите домови или во краен случај да ги принудат на тоа и при тоа да го придружуваат лицето до дестинацијата. Начините на регрутирање ги наведовме погоре, но постојат и заеднички средства на сите лица вклучени во организацијата со кои се обезбедува придобивање на жртвата и/или стекнување на почит, согласност и лојалност на жртвата за замаинувањето од нејзината почетна точка. Најчесто тоа се следниве начини:

- ✓ Грабнување или киднапирање;
- ✓ купување на дете од неговите родители или законски старатели;
- ✓ измама преку ветување за легитимно вработување и / или влез во “ветената” земја;
- ✓ измама за условите за работа;
- ✓ измама за компензација и други бенефиции (на пример, обезбедување на училиште за деца);

---

[24] Marry C. Burke, *Human Trafficking: Interdisciplinary Perspectives (Criminology and Justice Studies)*, Routledge, 2013.

- ✓ измама преку навидум интимна / романтична врска (т.е., тргувачот или регрутерот се преправа дека е романтично заинтересиран за жртвата).[25]

Макроата и тргувачите манипулираат со жртвите при тоа користејќи комбинација на насилство и наклонетост во обид да ја негуваат лојалноста на жртвата, што може да резултира со Стокхолмски синдром, психолошки феномен во кој заложниците доживуваат и изразуваат емпатија и позитивни чувства за нивните макроа или тргувачи. Овој синдром е поверојатно да се развие кај децата отколку кај возрасните. Оваа психолошка манипулација ја намалува веројатноста на жртвата да делува против сторителите.

Додека најголем дел од истражувањата се фокусирани на карактеристиките на жртвите, постојат и истражувања за демографските карактеристики на трговците со луѓе. Во специјалниот извештај на Бирото за правда на САД истражувајќи ја криминалната област на трговија со луѓе опишани се демографските карактеристики на трговците со луѓе[26]. Поголемиот дел од инцидентите со трговија со луѓе според извештајот се случаи на трговија со луѓе заради воведување на жртвите во сексуална работа. Во ваквите случаи кога доминантна форма е трговија заради сексуални услуги, 81 % од трговците со луѓе биле од машки пол. Со оглед на структурата на организациите на трговија со луѓе, многу е веројатно е тоа дека некои жени вклучени во процесот на трговија функционирааат како регрутери или дното во организацијата за време на инцидентот. Исто така, во извештајот се наведува дека поголемиот дел од трговците со луѓе биле меѓу 18 и 34 години. Има многу малку истражувања во врска со карактеристиките на личноста на трговците со луѓе. Мнозинството истражувања се темелат на квалитативни интервјуа со жртвите на трговија со луѓе, заради што многу од нивните искази и толкувања се субјективни и под влијание на емоции. Трговците со луѓе имаат способност да ги финализираат емоционалните реакции кога регрутираат потенцијални жртви и не чувствуваат каење за направената штета. Тие имаат тенденција да да се впуштаат во криминални акти и злосторства во кои тие ги контролираат жртвите. Исто така, помалку е веројатно кај нив да постои чувство на одговорност и претпоставување на долгорочните последици по себе и другите од направеното дејствие.

[25] Marry C. Burke, *Human Trafficking: Interdisciplinary Perspectives (Criminology and Justice Studies),* Routledge, 2013.
[26] Bureau of Justice Statistics, Office of Justice Programs, Washington, D.C, USA, достапно на: https://www.bjs.gov/index.cfm?ty=tp&tid=40

Трговијата со луѓе за сексуална и трудова експлоатација вклучува регрутирање, транспорт, засолнување и експлоатација на жртвите. Организираните криминални групи кои се вклучени во трговијата со луѓе обично работат во независни групи кои се занимаваат со различните фази на регрутирање, транспорт и експлоатација.

Трговците со луѓе се потпираат на измама на документи за да им овозможат на нивните активности. Ова вклучува употреба на измамнички идентитет, патни и други документи, како и злоупотреба на правните канали, како што е визниот режим на Европската Унија за туризам, студирање и работни визи. Организираните криминални групи кои се вклучени во трговијата со луѓе, исто така, продолжуваат да ги користат одредбите за азил со цел да пренесуваат државјани кои не се членки на ЕУ во ЕУ. Во многу наврати, на жртвите им се даваат лажни документи за да го сокријат својот вистински идентитет и возраст.

Сексуалната експлоатација на државјаните на ЕУ веќе не се потпира првентсвено на употребата на насилство и принуда кон жртвите. Некои организирани криминални групи се повеќе се потпираат на закани за насилство врз жртвите и нивните семејства, наместо да ја напаѓаат жртвата. Жртвите кои потекнуваат од надвор од ЕУ сè уште се рутински подложени на насилство, должничко ропство, конфискација на пасоши и други форми на принуда како интегрален дел на трговијата со луѓе.

Вклучувањето на организираните криминални групи во трговијата со луѓе за целите на трудова експлоатација се зголемува во ЕУ. Организираните криминални групи се грижат за зголемената побарувачка за евтина работна сила во многу земји-членки и имаат пристап за голем број потенцијални жртви. Трговијата со луѓе за целите на трудова експлоатација се заканува да се инфилтрира и во правната економија, каде што ги намалува платите и го попречува економскиот раст.

### 2.4.1. Бизнис модел

Постои мала промена во гранките на индустрии кои вклучуваат трудова експлоатација. Трговците со луѓе продолжуваат да таргетираат помалку регулирани индустрии, како и оние со сезонска побарувачката за работници. Ранливите сектори го

вклучуваат земјоделството, угостителството, чистење, изградба, забава, риболов, малопродажба и транспорт.

Трговците со луѓе ги искористуваат разликите во трудовото законодавство за да ја организираат експлоатацијата на жртвите во сивата зона помеѓу легалното вработување и трудовата експлоатација. Некои од жртвите добиваат плата еднаква на минималниот стандард во нивните земји на потекло.

Сепак, тие се далеку под нивото на прифатливите плати во земјите на експлоатација, каде што немаат доволно ресурси за подмирување на нивните трошоци за живот. Овие практики за доделување месечни примања сериозно го поткопуваат правниот пазар на труд во земјите на дестинација и им оневозможуваат на жртвите на трудова експлоатација да се препознаат како такви.

Во ноември 2016 година, австриските власти за спроведување на законот, со поддршка на Европол, сузбиле кинеска организирана криминална група вклучена во трговијата со 300 жени. Жртвите биле измамени во Австрија со ветувања за работа како дадилки или масерки. Тие биле обезбедени со фалсификувани документи и илегално доведени во Австрија. По пристигнувањето во Виена, членовите на криминалната група ги одзеле личните карти на жртвите и биле однесени во т.н. "секс студија" во сопственост на групата и биле принудени да работат како проститутки. По неколку недели биле префрлени во други бордели во Австрија. [27]

*Трговија со малолетни лица*

Трговците на луѓе често целно ги таргетираат малолетните жртви, и машки и женски, со цел нивно сексуално експлоатирање. Експлоатацијата на малолетните жртви не е секогаш мотивирана од финансиска добивка. Во некои случаи, малолетни жртви се тргуваат со цел да добијат материјал за сексуално експлоатирање на деца, со кој се тргува на онлајн платформи.

[27] ЕВРОПОЛ 2016, *Сузбиена криминална група во Австрија за трговија со луѓе на над 150 жени* (17/11/2016), достапно на: https://www. europol.europa.eu/newsroom/news/crime-gang-accused-of-traffickingover-150-women-prostitution-dismantled-austria

*Жртви на трговија со луѓе користени во криминални активности*[28]

Во ноември 2016 година, шпанска истрага поддржана од Европол резултираше со апсење на 16 осомничени трговци на луѓе и биле спасени деветмина малолетници. Организираната криминална група тргувала со младите жени кои биле принудувани на ситни кражби во разни земји-членки. Жртвите првично биле заведени во Шпанија и патувале користејќи фалсификувани документи. Во Шпанија, трговците со луѓе ги обучувале жртвите за техники за крадење и ги принудувале да извршуваат кражби во големи гужви и во јавниот транспорт. Криминалната група ги споделила семејните врски и биле хиерархиски структурирани во помали групи во различни европски градови. Поголемата криминална мрежа главно се состоела од државјани од Босна и Херцеговина и тргувала со жртвите од една група во друга за околу 5.000 евра.

[28] ЕВРОПОЛ 2016, Европол се здружи со шпанските власти за сузбивање на мрежата за трговија со луѓе (29/11/2016), достапно на https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/europol-teams-spanish-authorities-to-bringdown-human-trafficking-network

# 3. КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

## 3.1. Основно поимање на криумчарење мигранти

Поимањето на криумчарење мигранти е уште еден нелегален начин каде со посредство на луѓето како главна алатка се остварува профит. Криумчарењето на мигранти некаде се сретнува и како поимот “шверц на луѓе” и може да се опише како процес на пренесување и обезбедување на нелегален влез на лица преку меѓународна граница[29]. При тоа законите на една или повеќе земји се прекршуваат. Криумчаењето мигранти го вклучува процесот на олеснување на лицата да влезат во некоја држава на нелегален начин, при што тоа може да вклучува и употреба на фалсификувани документи. Исто така, како најчеста форма е обезбедувањето транспорт на мигрантите, кој најчесто е бизарен и се случува во комплетно нечовечки и несоодветни услови.

На меѓународно ниво шверцот на мигранти се идентификува во согласност со Протоколот против криумчарење мигранти по копно, море и воздух, кој е дополнување на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал како[30]:

> “овозможување, со цел добивање на директна или индиректна финансиска или друга материјална корист, на нелегален влез на лице во земја-членка кое не нејзин државјанин или постојан жител “.

Во истиот протокол во членот 6 се наведува криминалниот аспект на делото криумчарење мигранти, односно:

> “Овозможување на лице да остане во државата каде нема обезбеден престој или не е постојан жител или државјанин без да ги исполнува условите за легален престој и се служи со незаконски средства” .

[29] INTERPOL, Connecting people for a safer world, People Smuggling, Lyon, France, достапно на: https://www.interpol.int/Crime-areas/Trafficking-in-human-beings/People-smuggling

[30] United Nations Office on Drugs and Crime, *United Nations Convention against Transnational Organized Crime and the Protocols Thereto, United Nations*, New York, 2004, достапно на: https://www.unodc.org/unodc/en/organized-crime/intro/UNTOC.html#Fulltext

Крајната цел на лицето што го врши дејството е обезбедување на финансиска корист. Согласно членот 6 потребно е зејите членки да го криминализираат процесот на криумчарење мигранти и илегална миграција. Престапот, било да се работи за еден или повеќе, може да се согледа како извршување на делата опишани во двете дефиниции кои ги прикажавме погоре, а истите се сумурани во следната табела:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Овозможување на нелегален влез | + | На лице во земја-членка кое не е нејзин државјанин | + | Со цел стекнување, директно или индиректно на финансиска или друга материјална корист |
| Овозможување на лице да остане во државата | + | Каде лицето не е законски државјанин или има обезбеден легален престој, без при тоа да има поднесено барање за регулирање на неговиот престој | + | Со цел стекнување, директно или индиректно на финансиска или друга материјална корист |

Табела 1. Дефинирање на криумчарењето мигранти[31]

Сумирано од двете дефиниции, комбинацијата на следниве елементи го претставува поимот "криумчарење на мигранти" и со него поврзано однесување:

1. Обезбедување на нелегален влез или нелегално живеење на лице;

2. Кон или во земја во која тоа лице не е државјанин или постојан жител; и

3. Целта е обезбедување на финансиска или друга материјална корист.

---

[31] United Nations Office on Drugs and Crime, *United Nations Convention against Transnational Organized Crime and the Protocols Thereto, United Nations,* New York, 2004, достапно на: https://www.unodc.org/unodc/en/organized-crime/intro/UNTOC.html#Fulltext

Дополнително, членот 6 од Протоколот за криумчарење на мигранти бара од државите членки да го криминализираат производството, набавката, обезбедувањето или поседувањето лажни патни или лични документи кога тоа се прави со цел да се овозможи криумчарење на мигрантите.

Трендот на криумчарење мигранти забележува пораст во светски рамки во изминативе неколку децении. Откако нашата држава се соочи со енормниот наплив на мигранти кои транзитираат, посведочи и на бројни случаи на нелегално криумчарење мигранти и нивно овозможување да ја преминат територијата на државата и да заминат во некоја европска држава. Бизарноста на процесот е во тоа што шверцот со луѓе или криумчарењето на мигранти се одвива со меѓусебна согласност на мигрантот/ите и лицето/лицата кои го вршат криумчарењето. Но, не ретко се случува криумчарењето да заврши со фатални последици или да ги втурне мигрантите во други ризици и криминални дејствија, за кои сигурно не дале согласност на самиот почеток. Ситуациите на криумчарење, сепак, во реалноста можат да се променат во ситуации кои најдобро може да се опишат како екстремни злоупотреби на човековите права, со шверцувани мигранти кои се предмет на закани, злоупотреба, експлоатација и тортура, па дури и смрт во рацете на шверцерите.

Разгледувајќи го проблемот на криумчарење мигранти, неопходно е да го дефинираме и поимот на *илегална миграција*, што е исто така енормен проблем за земјите ширум светот. Според Меѓународната организација за миграции (ИОМ), илегалната миграција се однесува на најчестите форми на нерегуларна миграција, особено нелегален влез, престој и неовластена работа на некое лице кое не е државјанин или нема регулиран престој во конкретната држава[32]. Илегалната миграција се дефинира како движење што се случува надвор од регулативните норми на земјите што испраќаат, низ кои се транзитира и кои примаат мигранти.

Криумчарењето тешко може во целост да се дефинира бидејќи постојано ја менува својата форма и структура. Во криумчарењето се вклучени фактори кои сами по себе се високо отпорни на промени, односно самото постоење на повеќе држави, разликите помеѓу

---

[32] IOM, UN migration, Key Migration Terms, Switzerland, 2018, достапно на: https://www.iom.int/key-migration-terms

нив и мотивираноста на некои влади да ги задржат нееднаквостите. Од тие причини не може да се истакне единствено јасно решение за проблемот. Бидејќи секоја држава има различни економии и влади, овој проблем не може да биде универзално дефиниран, а тоа го отежнува спроведувањето на законот за да се спречи шверцот на луѓе, бидејќи постапките и начините на справување мора да се прилагодат на националните легислативи и условите во различните поединечни држави.

### 3.2. Причини за настанување на криумчарењето

Основна причина поради која некое лице се впушта во ваков вид на ризични дејствија е потрага по подобар живот за себе и/или своето семејство. Анализирајќи ја добро претходно дадената дефиниција во Протоколот, ни станува јасно дека најчесто криумчарењето мигранти се одвива во правец од тн. "трети земји" кон земјите на Обединетите Нации, односно од земји кои се во незавидна економска состојба кон подобро развиените држави. Многу од лицата кои се согласуваат да бидат криумчарени имаат намера да избегнат сиромаштија и тешкотии и да овозможат подобра иднина за себе, но истите наишле на пречка во остварување на истото по легален пат[33]. Овие лица сметаат дека земјата дестинација ќе им овозможи подобри услови за живеење и на неа гледаат како на "ветена земја".

За жал, не ретки се случаите кога лицата кои се согласуваат да бидат криумчарини се впуштаат во ваков тип на криминал за да избегнат природна катастрофа, конфликт или војна во земјата од каде потекнуваат, прогон, како и други неповолни ситуации кои оневозможуваат да се живее во земјата на потекло. Во овие случаи лицата често бараат азил во земјата на дестинација.

Гледајќи ги причините како такви, често се смета дека нелегалните мигранти се ниско образовани или необразовани, неквалификувани и без соодветни компетенции за работа. Иако постојат и група на луѓе кои се ниско образовани или необразовани во земјата на потекло, за што причина може да биде тамошната култура, конфликт, сиромаштијата како таква и сл., сепак има голем дел на нелегални мигранти кои отстапуваат од ваквото

[33] United Nations Office on Drugs and Crime, UNODC, Migrant Smuggling, Global Programme against Trafficking in Persons and the Global Programme against Smuggling of Migrants, 2018, достапно на: https://www.unodc.org/unodc/en/human-trafficking/smuggling-of-migrants.html

гледиште. Високо образовани, лица со стекнати професионални вештини, лица од средна класа се впуштаат во нелегална миграција со цел да стигнат до високо развиените држави и да ги остварат своите животни цели. Единствена генерализација која може да се направи во поглед на лицата кои се впуштаат во нелегална миграција и се подложуваат себе си на криумчарење е нивната потрага по подобар живот.

Гледано од другата страна, генерално, причината за процутувањето на бизнисот на шверцот на луѓе е миксот од фактори кои влијаат. Интеракцијата меѓу слабото законодавство и слабите гранични контроли, корумпираните службеници и моќта на организираниот криминал влијаат на појавата во целост.

### 3.3. Операции на криумчарење мигранти

Процесот на криумчарење не би бил возможен доколку не се извршува со посредство на организирани групи или мрежи во кои поединци би се вклопувале. Операциите на криумчарење мигранти се сложени и најчесто се зборува за поголем број на поединци кои се вклучени во некакви мрежи. Сложеноста на проблемот се зголемува колку што се зголемува комплексноста на основната инфрастуктура врз која се темели организираната мрежа. Со ширењето на помали играчи кои делуваат насекаде низ светот, шверцот на луѓе претставува значајна закана за економијата и правниот систем во државите, а решенијата за проблемот со шверцот со луѓе остануваат недоволно разјаснети и под постојана дебата и развој[34].

Операциите на шверц односно кримчарење на луѓе вклучуваат како мали така и големи актери кои работат на транснационалниот пазар. Малите “играчи” најчесто ги организираат сите аспекти на самите операции за криумчарење, вклучително и сите детали околу превземањето, транспортот, документацијата, предавањето во земјата на дестинација и сл. Но, бидејќи се работи за транснационална операција за која е потребна голема организираност, криумчарите во поголем број случаи се организираат меѓу себе и сочинуваат една поголема мрежа за криумчарење, каде постои поделба на работата меѓу помалите актери. Улогите во организационите мрежи можат да бидат претставени како посебни алки кои се надополнуваат една со друга или како прстени кои се шират од потесен

[34] Joint Europol – Interpol report. *Migrant smuggling networks*.EUROPOL, May, 2016.

кон поширок, претставувајќи ги така опсегот и хиерархиската поставеност на актерите вклучени во мрежата. Во минатото, ваквите алки или прстени биле повеќе нејасни, аматерски организирани и ограничени. Како што шверцот на луѓе продолжува да расте, организацијата во рамките на мрежата расте и прстените односно алките стануваат сè посеопфатни. Лицето кое се впушта во ваквата мрежа и се согласува да биде шверцувано, понекогаш има за цел да помине една држава, по навидум кратка рута, но мрежата за шверц на мигранти и нејзината комплексност ги втурнува луѓето во талкање низ повеќе дестинации, пред да пристигнат на крајната и веќе договорена дестинација.

Рутите по кои се движат мигрантите се разликуваат по својата должина и насока на движење. Може да претставуваат “едноставно” преминување на граница како што е случајот со бројните криумчарени мигранти што секојдневно се обидуваат да ја преминат границата меѓу Мексико и САД. Во други случаи може да се работи за покомплексни и подалечни дестинации и преминување на повеќе гранични премини пред да се пристигне во договорената дестинација. Со текот на годините, криумчарењето на мигранти се модифицира во софистицирана услужна индустрија, со одредени правци и енклави кои шверцерите ги користат практично да се институционализираат. Најпознатите светски загарантирани рути се на пример: од Мексико и Централна Америка до Соединетите Американски Држави, од Западна Азија преку Грција и Турција до Западна Европа и во Источна и Југоисточна Азија[35]. За нас најпозната рута на која бевме неодамнешни сведоци беше преносот на мигранти од централна и северна Африка, преку Грција, потоа преку Балканските земји кон Централна Европа. Во мигрантска криза од која беше погоден и светот воопшто, бевме сведоци на најнехумани и бизарни начини на кои луѓето се пренесувани преку море и копно до “ветената земја”.

Сложеноста на мрежата за криумчарење зависи од насоката што треба да се преземе и природата на патувањето. Работејќи низ рути кои се добро познати и тестирани, шверцерите можат повеќе да функционираат како семејни бизниси и да користат прилично затворени операции. Колку е покомплексна маршрутата, толку повеќе членови на мрежата

---

[35] United Nations Office on Drugs and Crime, UNODC, Migrant Smuggling, Global Programme against Trafficking in Persons and the Global Programme against Smuggling of Migrants, достапно на: https://www.unodc.org/unodc/en/human-trafficking/smuggling-of-migrants.html

за криумчарење мора да се регрутираат. Општо земено, инфраструктурата на бизнисот со криумчарење на мигранти е нетрадиционална, без јасно препознатлива организација и без цврста структура. Мрежата на шверцерите е дифузна и децентрализирана. Шверцерите формираат привремени сојузи заради спроведување на операцијата, а организацијата на шверцерите најдобро може да се сфати и опише како ad hoc работна група, во која активностите се специјализирани и контролирани од поединци кои меѓусебно се во интеракција и ги решаваат работите моментално. Во делото на криумчарење на луѓе, не постои единствен фигура која е на чело на организацијата кој ги раководи активностите на подредените, туку, поединците имаат еднаква поставеност меѓу себе и на тој начин формираат бизнис и мрежа во која самите за себе се доживуваат како слободни агенти кои не одговараат пред никого, но имаат за цел да ја реализираат својата операција во рамките на мрежата. Поради специфичноста на поединечните операции и потребата од ситуационо дејствување при криумчарењето, не е возможна појавата на лидер или лидерство од страна на еден човек или една криминална организација.

### 3.4. Трендови во криумчарењето и ризик на кој се изложени мигрантите

Во однос на застапеноста на криумчарењето на мигранти, може да се каже дека тоа глобален проблем. Практично секоја земја во светот е засегната од овој криминал, со можност да се јави земја на потекло, земја транзит или крајна дестинација за криумчарени имигранти од криминалци кои бараат профит. Криумчарените мигранти се ранлива група кои подлежат на многу ризици кои им го загрозуваат животот и ризици од експлоатација. Генерирањето на огромни профити за вклучените криминалци во криумчарењето, ги отвара вратите за корупцијата и дава моќ на организираниот криминал.

Во однос на трендовите за појавата изразени во бројки подетално ќе посветиме внимание во посебен дел на овој труд. Сепак, заради добивање на јасна слика за појавата, наративно можеме да ги проследиме следните трендови и модели[36]:

- Криминалците имаат тенденција да обезбедуваат сé повеќе различни услуги при шверцот на мигранти за да ги успеат да ги избегнат националните гранични контроли, регулативите за миграција и визите. Повеќето нерегуларни мигранти кои најверојатно претходно биле вклучени во мрежа на криумчарење, се оддаваат во помош на криумчарите кои бараат стекнување на профит без разлика на средствата. Од друга страна, со подобрувањето на граничните контроли мигрантите се спречени самостојно да ги преминуваат границите по илегален пат, со што директно се втурнуваат во рацете на криумчарите, како би ја оствариле својата цел.
- Криумчарењето на мигранти е високо профитабилен бизнис во кој криминалците имаат низок ризик од откривање и казнување. Како резултат на тоа, ваквиот тип на криминал станува сé попривлечен за криминалците. Криумчарењето на мигранти станува сè поорганизирано, при тоа воспоставувајќи професионални мрежи кои ги надминуваат границите и регионите.
- Модусот на работење на криумчарите е разновиден. Високо софистицираните и скапи услуги се потпираат на измама, при тоа вклучуваат набавка на лажни

[36] United Nations Office on Drugs and Crime, UNODC, Migrant Smuggling, Global Programme against Trafficking in Persons and the Global Programme against Smuggling of Migrants, 2018, достапно на: https://www.unodc.org/unodc/en/human-trafficking/smuggling-of-migrants.html

документи или нелегално добиени визи. Спротивно на тоа се услугите кои се нудат а се со ниски трошоци кои честопати претставуваат ризик по животот на мигрантите и доведуваат до драматично зголемување на загубата на животи во последните години.

- Криумчарите на мигранти постојано ги менуваат рутите и начинот на работа како одговор на променетите околности, а тоа се одразува директно врз безбедноста на криумчарените мигранти.
- Илјадници луѓе ги загубија животите како резултат на индиферентните, а секако и на намерните активности на криумчарите на мигранти.

Овие фактори ја нагласуваат потребата од одговори за борба против криминалот со криумчарење мигранти, нивна координираност меѓу регионите и прилагодување кон новите методи. Сумирано, криумчарењето на мигранти е сложен, криминал кој постојано се менува и има различни форми во различни делови од светот. Лесно се прилагодува на промените на понудата и побарувачката, како и на различните капацитети за спроведување на кривичното право во земјите на потекло, транзит и дестинација. И покрај широката распространетост на појавата, направени се глобални напори за нејзино спречување во насока на апсење и депортирање на мигрантите и криумчарите, но малку е сторено во спречувањето и уништувањето на организираниот криминал кој стои позади овој смртоносен бизнис. Освен ако мрежите и групите на организиран криминал кои вршат криумчарење на мигрантите не се укинат или разбијат, криумчарите ќе продолжат да работат и брзо да ги прилагодуваат своите методи и насоки кон променливите околности, како на пр. подобрените гранични контроли или промените во визните режими. Поврзано со ова, во земјите каде што напорите се насочени првенствено кон зајакнување на граничните контроли, ефектот е често зголемување на побарувачката за услуги на криумчарење, како би можеле лицата да влезат во посакуваните земји на нелегален начин.

### 3.4.1. Криумчарење мигранти – мултинационален бизнис

Бизнисот со криумчарење мигранти во моментов е голем, профитабилен и софистициран криминален пазар, споредбено со европските пазари на дрога.

Во 2015 година, мрежи за криумчарење мигранти кои нудат услуги за олеснување со цел да пристигнат или да се преселат во нив ЕУ донесоа околу 4,7 - 5,7 милијарди евра профит. Овие профити имаат забележан пад во 2016 година, намалувајќи го на околу 2 милијарди евра помеѓу 2015 и 2016 година. Овој развој е во согласност со целокупното намалување на бројот на илегални мигранти пристигнува во ЕУ и како резултат на пад цените на услугите за криумчарење мигранти споредбено со врвот на миграциската криза во 2015 година.

Вклучените организираните криминачни групи прикажуваат криумчарење мигранти со досега невиден степен на организација и координација. Додека воспоставениот modus operandi на криумчарење останува непроменет, криумчарите на мигранти покажаа голема разновидност во транспортни средства, методи на прикривање и технологии кои ги користат.

Криумчарењето мигранти е мултинационален бизнис во кој вклучени се криумчари од повеќе од 122 земји кои "помагаат" во олеснување на патувањата на илегалните мигранти во ЕУ. Повеќето мрежи за криучарење мигранти се составени од различни националности кои ги вклучуваат и државјаните на ЕУ и земјите кои не се членки на Унијата.

Мрежите за криумчарење мигранти во голема мера се потпираат на социјалните медиуми за рекламирање на нивните услуги. Криумчарите на мигранти ги користат апликациите на паметните уреди за споделување превоз на мигрантите како и платформи за сместување за да обезбедат покритие за криумчарењата. Редовните корисници ова ги остава на ризик од ненамерно да станат олеснувачи од несвесно пренесување или вдомување на илегални мигранти.

Криумчарењето на мигранти е високо профитабилна криминална активност со одржливи високи нивоа на побарувачка и релативно ниски ниво на ризик. Некои организирани криминални групи претходно биле вклучени во други криминални

активности како што се недозволена трговија со акцизни стоки, трговијата со дрога или криминал со организиран имот, во нивното портфолио сега е додадено и криумчарењето мигранти. Криумчарењето мигранти не бара пристап до значителни ресурси, а организираните криминални групи можат да се потпрат на нивното постоечко знаење за рутите и инфраструктурата која што се користи за нелегално пренесување на стоки преку границите. Разликата помеѓу законските и илегалните активности се повеќе се замаглува. Индивидуалните криминални поединци можат да влезат и излезат од криминални активности преку обезбедување ad hoc услуги, особено како такси превозници и возачи на камиони.

*Измама со документи и идентитет*

Пакетите за услуги што ги нудат криумчарите на мигранти сега често нудат обезбедување на лажни патни и лични документи. Лажните документи им дозволуваат на илегалните мигранти да влезат и да се движат во ЕУ, како и да преминат од нерегуларен во легализиран статус на престој под лажни извори или со користење на лажни идентитети. Мрежата за криумчарење на мигранти се́ повеќе нуди услуги за олеснување, вклучувајќи висококвалитетни лажни документи.

Злоупотребата на вистински пасоши по сличен изгледа продолжува да биде главен modus operandi користен од страна на измамниците за лажни документи. Најчесто откриени документи се личните карти кои се користат како дел од измама на документите. Во 2015 година, тие изнесуваа околу 50% од сите детектирани документи во ЕУ. Во 2016 година, повеќе од 7.000 лица беа откриени со лажни документи за влез на надворешните граници на ЕУ.[37] Зголемен е бројот и на квантитетот и квалитетот на лажните документи што циркулираат во ЕУ. Постојаното зголемување на побарувачката за лажни документи поттикна реномирани фалсификатори да го зголемат производството и да основаат нови продавници за печатење.

[37] Фронтекс 2017, Анализа на ризик за 2017

### 3.5. Односот помеѓу криумчарење мигранти и трговија со луѓе

Криумчарењето на мигранти или шверцот на луѓе често пати се поистоветува со трговијата со луѓе. Оние кои се занимаваат со оваа проблематика важно е да направат разлика помеѓу двата поими. Исто така нивниот однос е многу важен за практичарите односно службите кои директно на терен спроведуваат мерки за сузбивање на овие дејствија.

Со оглед на комплексната природа на шверцот и трговијата со луѓе, разликата меѓу овие две криминални операции не е секогаш јасно видлива. Нивното разграничување вклучува разгледување од близу на суптилните разлики помеѓу секоја од нив.

Генерално, основната разлика се согледува во тоа што тровијата со луѓе подразбира, помеѓу другото, пренесување на поединци од едно до друго место, против нивна волја или со користење на измама или некаков лажен изговор. Криумчарењето, од друга страна, се подразбира дека е договор помеѓу шверцерот и купувачот, т.е. вклучување на разумот и личната волја од двете страни и склучување на договор меѓу нив. Овие разлики слично може да се откријат и во протоколите за трговија и криумчарење (попознати како Палермо протоколи) усвоени со Конвенцијата на ОН за транснационален организиран криминал. Протоколите од Палермо ја рефлектираат разликата помеѓу шверцот и трговијата со луѓе преку двојбениот однос на принуда и согласност[38]:

> “Луѓето кои се подложени на трговија се сметаат за "жртви" или "преживеани", додека поединците кои се шверцуваат се смета дека се вклучени на доброволна основа во определена организациона група која ги пренесува преку една или повеќе граници на кои од едната или обете страни е забранет граничниот премин за конкретните лица.

За да може да се специфицира оваа разлика, понатаму во текстот се дадени четири главни разлики помеѓу шверцот и трговијата со луѓе, и тоа:

[38] United Nations Treaty Collections, b *Protocol against the smuggling of migrants by land, sea and air, supplementing the United Nations convention against transnational organized crime*. New York, 15 November 2000, Entry into force 28 January 2004, (Macedonia adopted 12 January 2005) достапно на: https://treaties.un.org/Pages/ViewDetails.aspx?src=IND&mtdsg_no=XVIII-12-b&chapter=18&lang=en

1. *Согласност* - жртви на трговија со луѓе се оние кои биле подложени на принудни, измамнички или навредливи дејства од трговците со луѓе. Овие жртви или никогаш не се согласиле, или ако тоа го сториле, нивната првична согласност се покажува како бесмислена кога ќе се увидат идните активности на трговците со луѓе.

   Во однос на криумчарењето мигранти може да се запрашаме каква улога има согласноста во криумчарењето на мигранти? Општо земено, криумчарените мигранти се согласуваат да бидат шверцуваат, склучуваат договор за тоа и им обезбедуваат финансиска или материјална корист на шверцерите во замена за нивната услуга, односно криумчарењето. Сепак, само затоа што лицето се согласува да се шверцува, не мора да значи дека тоа е согласно со несоодветен третман за време на процесот на шверцување или условите во кои е втурнато и мора да ги издржи. Криумчарените мигранти можат да ја повлечат својата согласност во текот на процесот на шверцување при откривање на природата на процесот, но во голем број случаи тие повтроно можат да бидат принудени да продолжат со патувањето. Криумчарените мигранти може да станат жртви на секакви злосторства и нечовечки третмани од страна на оние што ги криумчарат, на пример, стекнување на нивна послушност со употреба на насилство или закани против нив или нивните семејства. Статистиката покажува дека илјадници луѓе ги имаат загубено своите животи како резултат на лошиот и нечовечки третман при процесот на криумчарење или како резултат на други активности во кои шверцерите ги втурнале без нивна согласност.[39]

2. Експлоатација - операциите на шверцување и интеракција помеѓу шверцерот и криумчареното лице обично завршуваат при плаќањето и пристигнувањето на договорената дестинација. Од друга страна жртвите на трговијата со луѓе, честопати се вклучени во циклус на тековна експлоатација (експлоатација на трудот, искористување заради сексуални

[39] The Corner stone report. (2017). *Human Trafficking vs Human Smuggling*, ICE Homeland Security Investigations' (HSI) financial, narcotics and special operations investigations, USA.

услуги, отфрлање на трудовата и сексуална екслпоатација кога лицето ја губи својата сила и нејзини/негово тргување заради органи и тн).

3. Изворот на добивка - примарната добивка од операциите на криумчарење се добива од обезбедување на транспортот и олеснувањето на нелегалниот влез или престој во друга земја, додека операциите на трговија со луѓе профитираат главно од експлоатацијата на жртвите.

4. Транснационалност – како четврта разлика во дел од литературата се сретнува и транснационалноста. Имено, криумчарењето и шверцот е секогаш транснационален, вклучува криминални операции кои неопходно е да го спроведат криумчареното лице преку една или повеќе граници. Од друга страна пак, трговијата со луѓе не секогаш подразбира пренесување на жртвата преку граница заради нејзино/негово експлоатирање. Трговијата со луѓе може да се случи без оглед на тоа дали жртвите се пренесуваат во друга држава или се преместуваат во границите на државата.[40]

Препознавањето и третирањето на тргуваните лица како "жртви", а во исто време гледајќи на криумчарените мигранти како "предмети" во процесот на шверц, претставува главната точка на разликата помеѓу тоа како меѓународното право ги третира тргуваните и шверцуваните мигранти. Сепак, важно е да се истакне дека во секојдневието шверцуваните мигранти се уште можат да бидат жртви на криминал - без разлика дали станува збор за кражба, измама, сексуален напад, лишување од слобода или нивно вклучување во трговија со луѓе. Во определени случаи може да се зборува и за родова димензија кога се опишува разликата меѓу крумчарењето и трговијата со луѓе. Имено, често се дава претпоставка дека криумчарените мигранти се воглавно мажи, додека жртвите на трговија со луѓе се жени. Но како што веќе зборувавме во претходното поглавје, жртви на трговија со луѓе, како и лица кои се криумчарени можат да бидат подеднакво жени, мажи и деца.[41]

---

[40] The Corner stone report. (2017). *Human Trafficking vs Human Smuggling*, ICE Homeland Security Investigations' (HSI) financial, narcotics and special operations investigations, USA.

[41] Anja Radjenovic, Sofija Voronova. (2016), *The Gender Dimension of Human Trafficking*, European Parliamentary Research Service.

Организираните криминални групи кои се вклучени во трговијата со луѓе често ги искористуваат постоечките миграциски правци за жртвите на трговија со луѓе во ЕУ. Додека миграциската криза сè уште нема широко влијание врз трговијата со луѓе за целите на трудовата експлоатација во ЕУ, некои истражувања покажуваат дека трговците со луѓе сè повеќе ги таргетираат илегалните мигранти и барателите на азил во ЕУ за експлоатација. илегалните мигранти во ЕУ претставуваат голем број на потенцијални жртви подложни на ветувања за работа, дури и ако тоа подразбира експлоатација.

***Лажни/договорни бракови***

Криумчарите на мигранти често ги злоупотребуваат правните канали за да го олеснат влезот на илегалните мигранти во ЕУ или да го легализираат нивниот престој. Злоупотребата на законските канали вклучува разновидност на modus operandi, вклучително фалсификувани бракови, лажно татковство, лажни договори за работа, лажни покани, лажни медицински визи и лажни тврдења дека се жртви на трговија со луѓе или бегалци.

Постои зголемен број на извештаи за постоење на фалсификувани бракови во неколку земји-членки. Ова зголемување, најверојатно, е поврзано со миграциската криза и зголемувањето на бројот на илегални мигранти кои бараат премин во статус на законски престој по неуспешните барања за азил.

Во ноември 2015 година, заедничка операција помеѓу шпанските и полските власти за спроведување на законот, координирана од Европол, ја откри операцијата на мрежата за криумчарење мигранти која експлоатирала илегални мигранти од Пакистан во ресторанite во Шпанија. Илегалните мигранти биле принудени да работат многу часови во ужасни услови без плата, одмор или социјално осигурување со цел да ги вратат долговите кон криумчарите за патување и добивање лажни документи. Криумчарите на мигранти ги искористиле криминалните приноси да инвестираат во нови ресторани, кои исто така биле користени за експлоатација на илегални мигранти.[42]

---

[42] ЕВРОПОЛ 2015, Удар врз кружното оперирање со криумчарењето мигранти и трговија со луѓе преку Медитеранот (03/11/2015), достапно на: https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/hit-migrant-smuggling-and-humantrafficking-ring-operating-mediterranean;




Како што веќе елабориравме, за разлика од трговијата со луѓе, криумчарењето мигранти се карактеризира со согласност помеѓу лицето кое е вклучено во криумчарењето и оној што го врши истото. Овој договор обично престанува по пристигнувањето во договорената локација. Сепак, луѓето кои се вклучени во операции на криумчарење, исто така, може да бидат жртви на трговија со луѓе, на пример, кога се измамени за условите под кои операцијата се извршува или во однос на нивната улога заради искористување на нивниот труд во операцијата. Разликите помеѓу шверцот и трговијата со луѓе често се многу суптилни и понекогаш се преклопуваат. Препознавањето дали во определен случај се работи за трговија со луѓе или криумчарење на мигранти и сродни злосторства може да биде многу тешко поради неколку причини[43]:

- ✓ Некои жртви на трговија со луѓе би можеле да започнат со патување согласувајќи се да се шверцуваат во некоја земја, но да се најдат себеси измамени, принудени или втурнати во ситуација на експлоатација подоцна во процесот (на пример, лицата се принудени да работат за бесмислено ниски плати за да им платат на криумчарите за нивниот транспорт).

[43] United Nations Office on Drugs and Crime, UNODC, Migrant Smuggling, Global Programme against Trafficking in Persons and the Global Programme against Smuggling of Migrants, 2018, достапно на: https://www.unodc.org/unodc/en/human-trafficking/smuggling-of-migrants.html

- ✓ Трговците со луѓе при самото регрутирање, можат да им презентираат опција на жртвите, ставајќи ги во позиција да избираат со цел да ја подобрат својата моментална состојба, а таа опција да претпоставува нивна согласност за криумчарење. Од нив може да биде побарано да платат заедничка такса со другите луѓе кои се криумчарат. Меѓутоа, намерата на трговецот со луѓе од самиот почеток е експлоатација на жртвата. Уверувањето на жртвата да ја плати сопствената такса за трансфер е дел од измама и нејзино дополнително искористување на само уште еден начин да заработат повеќе пари.
- ✓ За трговецот, а и за жртвата, криумчарењето можеби не е планирано со намера од самиот почеток, туку се случува ситуационо, кога се појавува прилика која, што се однесува до трговецот, е премногу добра да се пропушти. Криумчарењето му дава можност да го олесни транспортот на жртвата преку вклучување во шверцерската мрежа во одреден момент од процесот.
- ✓ Криминалците можат и да ги регрутираат и шверцуваат луѓето користејќи исти начини и методи за нивно транспортирање, како што користат трговците со луѓе.

Накусо, она што започнува како ситуација на криумчарење на мигранти може да се развие во ситуација на трговија со луѓе. Со оглед на опасната и тајна криминална природа на операциите на шверц на луѓе, криумчарените лица понекогаш се изложени на ризик да станат жртви и на други кривични дела. Покрај потчинетоста на небезбедните услови присутни при патувањата до избраните дестинации, криумчарените лица исто така можат да бидат предмет на физичка или сексуална злоупотреба или да бидат сместени во заложнички услови сè додека нивните долгови не се исплатат. Други може да се соочат со експлоатација или да бидат принудени да учествуваат во други криминални активности за време на патувањето. Бидејќи криумчарењето има за цел да генерира суштински профит за оние кои се вклучени, самата организација често има за цел да ја поттикне корупцијата и организираниот криминал во земјите од, преку или кон кои патуваат .

## 4. ЕВРОПОЛ

Организираните криминални групи на трговија со луѓе и криумчарење мигранти често делуваат надвор од границите на матичната држава. Делувањето може да биде оперативно, односно групата да дејствува во рамките на повеке држави низ веќе установените рути или може да остварува едноставна соработка и размена со други криминални групи кои делуваат во соседната или друга држава. Меѓудржавната соработка и интернационалниот координиран пристап е клучен во сузбивањето на организираните криминални дејствија од овој тип.

Полициските служби од земјите од Европа остваруваат соработка во рамките на договори склучени меѓу земјите од Европската Унија, но и други европски земји, а водејќи се од потребата за меѓусебна координација и заеднички пристап. Првите обиди за ваква соработка се насочени кон сузбивање на некои форми на потежок криминал како што е тероризмот, за што за прв пат во 1976 година е формирана групата “TREVI”, “CELAD” и сл [44]. Основите за полициска соработка се продлабочуваат со Шенгенската спогодба од 1990 година и договорот од Мастрихт од 1992 година, во кои догументи се содржани одредби за меѓусебна соработка помеѓу петте европски земји членки од Шенгенскиот договор. Целта на договорот е функционирање на петте земји како територија без внатрешни граници, на кој начин се определени и некои општи одредби во однос на визниот режим признавањето на азил. Воспоставен е компјутеризиран Шенгенски информационен систем во областа на полициската соработака, кој ги зема како основа информациите добиени од националните полициски информациони бази. Покрај специјалниот информационен систем, со Шенгенскиот договор направено е издвојување на полициската соработка од судската помош како засебен ентитет кој покрај размена на информации содржи и следење на преку државните граници како и соработка во контролирањето спроведување на установените практики[45].

Основата за меѓунационална соработка на полициските служби во рамките на европските земји, покрај Шенгенскиот информационен систем е и договорот од Мастрихт,

---

[44] Салтировска, З. *Внатрешната безбедност на Европската Унија*,Филозофски факултет, 2015.
[45] Baauw, P.J. Extradition and the (Additional) Schengen Agreement (On the abolition of) Border-control, *Revue Internationale de droit penal* vol. 62 1-2, 529 – 541, 1991.

чијашто основна цел претставува отстранување на административните, граничните и други препреки за слободно движење на луѓето во европскиот простор. Структурата која се предлага во договорот се согледува со формирањето на групи за спречување на тероризам, меѓусебна соработка на оперативната и криминалистичката полиција како и групата за droги и организиран криминал.

Европската полициска служба, ЕВРОПОЛ е основана во 1998, со потпишување на Конвенцијата од 26 јули 1995 година, по нејзина ратификација од страна на 15 држави членки на ЕУ. Основана како меѓународна организација со седиште во Хаг, европската полициска служба започнува со работа на 1 јули 1999 година, ужива сопствен правен имунитет и за ЕУ претставува централна служба за сузбивање на криминалот во Европа[46]. Конвенцијата е заменета со Одлука на Советот на Европол од 2009 година, според која службата се трансформира во формална агенција во рамките на европската Унија, со што се зголемуват и нејзините овластувања. Со развојот на службата се зголемува и бројот на европски полициски службеници, кој во 2015 брои 940.

Покрај сузбивање на криминалот како основна цел, Советот на ЕВРОПОЛ одлучува да се формира и Европски полициски колеџ, чија задача е развивање на изедначени едукативни програми за превенција и репресија на криминалот во сите национални полициски едукативни институции од Европските земји со кои ќе биде остварена соработка. Од особена важност е и соработката помеѓу Европол и Европравда, од каде Европол добива поддршка во судската пракса и воедно ја зајакнува борбата против тешките форми на криминал и обезбедува високо ниво на заштита на граѓаните во контекст на нивна безбедност, правдата и слободата.

Гледајќи ја *организациската структура* на Европол, како највисок орган на управување се истакнува Управниот совет кој е составен од претставници на постојните држави членки на Унијата. Овој совет, покрај другите надлежности, именува Директор на службата, кој со едногласна одлука на Советот станува извршен орган на Европол. Во мандат од четири години, тој ги именува и разрешува агентите на Европол, по претходна селекција и регрутација од редот на полициски експерти на државите членки.

[46] Салтировска, З. *Внатрешната безбедност на Европската Унија,* Филозофски факултет, 2015.

Професионалното ангажирање на службените лица или агенти ги вклучуваат сите имунитети и привилегии на функционерите но и обврските за независно вршење на должноста и чување на службена тајна.

За остварување на врска помеѓу Европол и другите национални полициски структури формирани се националните тела во рамките на секоја држава членка, која пак има слобода да го определи бројот и составот на ова тело[47]. Во рамките на секоја држава членка се именува национална институција за контрола, која гарантира за правосилноста, веродостојноста на предавањетото и обработката на податоците кон Европол. Определена е и заедничка нишка на контрола која е јасно издвоена од наредбодавните и управувачки структури на службата, а има за цел да ја ревидира обработката на податоци кои ја вршат службите на Европол.

### 4.1. Надлежности и задачи на Европол

Според член 2 од Договорот, Европол, во својата надлежност ги опфаќа следниве криминални области[48]:

- Спречување и сузбивање на тероризмот;
- Сузбивање на нелегалната трговија со дрога;
- Сузбивање на трговија со луѓе;
- Сузбивање на шверцерските организации;
- Сузбивање на нелегалната трговија со фисионен материјал;
- Сузбивање на нелегалната трговија со автомобили;
- Сузбивање на фалсификувањето на еврото;
- Сузбивање на перењето пари во врска со меѓународниот организиран криминал;

[47] Сотироски, Љ. *Право на ЕУ, правда и внатрешни работи -скрипта*, 2011, стр. 88 - 89
[48] Бернд Хекер. *Европско кривично право* – второ, актуализирано и проширено издание 2007 год., стр. 195.

- Сузбивање на одредени тешки форми на меѓународен криминал (на пример, кривични дела против животот и телесна неповредливост против имотот и против животна средина).

Согласно Конвенцијата, покрај широкиот спектар на надлежности, Европол има и јасно издефинирани задачи како:

- Собирање, чување, обработка, анализа и размена на податоци и разузнавачки информации;
- Известувања до надлежните органи на државните членки без одлагање, преку националната единица, за информациите што ги засегаат и за сите откриени врски меѓу кривичните дела;
- Помош за истраги во земјите членки, особено преку достигнување на сите релевантни информации до националните единици;
- Повикувања до надлежните органи за засегнатите држави членки да започнат, водат или координираат истраги и предлози за формирање на заеднички истражни тимови во посебни случаи;
- Обезбедување разузнавачки информации и аналитичка поддршка на државите членки во врска со големи меѓународни случаи;
- Развивање на специјализирано познавање на истражните постапки за надлежните органи на државите членки и обезбедување совети за истраги;
- Обезбедување стратешко разузнавање за помош и промовирање ефикасна и ефективна промена на достапните ресурси на национално ниво како и поддршка на овие активности[49].

Она што може да се издвои како основна задача на безбедносната служба на ЕУ е остварувањето на координативна соработка помеѓу националните служби и Европол, преку обезбедување на трансфер на информации. Во ваквата размена Европол во одредени случаи претставува филтер во однос на доставувањето такви информации со можност за нивно запирање ако се оцени дека се засегнати релевантни национални безбедносни интереси кои може да ги компромитираат резултатите на истрагата што се води во таа држава. Секоја

[49] Правдико, Кои се надлежностите на Европол?, Битола, Македонија, 2013, достапно на: https://www.pravdiko.mk/koi-se-nadlezhnostite-na-evropol/

национална служба именува офицери за врска од редот на специјализирнаи поединци во работа со облиците на криминал кои се во надлежност на Европол. Ваквата развиена полициска мрежа има пред себе амбициозни задачи кои целат кон подобрување на соработката и ефикасноста на полициските служби во сите потешки облици на транснационален криминал.

Постоењето на различни облици на тежок криминал и нивните варијации, како и настанувањето на нови облици, изискува потреба од проширување на активностите на Европол. Со таа цел, а со одлука на Советот од 2001 година надлежноста на Европол е проширена на сите казнени дела содржани во посебен анекс на Конвенцијата за Европол. Постапувањето во истрагите за тешки дела се одвиваат во согласност со основното начело на супсидијарност и применливост во согласност со целокупната структура на ЕУ.

Ангажирањето на Европол не може да се случи доколку се работи за изолирани криминални случаи, дела извршени од поединци, независно од обликот и тежината на делото. Во конвенцијата се јасно дефинирани поимите на криминална структура и криминална организација, чие што постоење е услов за активирање на службите на Европол. Воедно, криминалните дејства е потребно да се одвиваат на територијата на две или повеќе држави, било да се извршени од страна на различни криминални групи или една иста организација која делува меѓународно.

Во основа Европол е повеќе центар за трансфер на информации отколку оперативна полициска служба и нема надлежности на класична федерална служба како што е американското биро за истрага (FBI). Сепак, се забележува негово учество во националните полициски и績 царински служби, без при тоа да има сопствена одговорност за истрагата[50]. Во практиката можат да се набројат неколку вакви примери као што се операцијата Тигар од 1999 година за откривање и поддершка на меѓународна шверцерска мрежа од Африка кон Шведска, операцијата Лагос од 2000 година за откривање и сузбивање на трговијата со луже меѓу Литванија, Полска и Данска и др.

Во насока на  ефикасно остварување на комплексните задачи, во рамките на Европол создаден е и компјутерски систем, *Europol Computer system – TECS*, каде се прибираат,

[50] Сотироски, Љ. *Право на ЕУ, правда и внатрешни работи -скрипта*, 2011, стр. 88 – 89.

чуваат и обработуваат податоци што ги доставуваат државите членки и Европол. Овој компјутерски систем ги вклучува следниве содржини:

- ✓ Основна база на податоци – кон оваа база е дозволен пристап на националните единици, Интерпол или трета држава;
- ✓ Досиеја за поединечни случаи – кои вклучуваат податоци за жртвите, сведоците или пошироки лица поврзани со случајот. Податоците од досиејата служат за анализа или оперативна обработка, кон која пристапуваат службите на Европол и офицерите за врска[51].

### 4.2. Улогата на Европол во сузбивањето на трговијата со луѓе и криумчарење мигранти во Западен Балкан

Сузбивањето на трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти како облици на организиран криминал, се едни од главните приоритети на Европската безбедносна служба Европол. Всушност, заради утврдување на своите приоритети, во 2010 година Европол го креира ЕУ кругот на политики – ЕМПАКТ. Тоа е четиригодишен циклус на политики со цел создавање на поголема мерка на континуитет во борбата против сериозните интернационални и организирани криминални дејствија. Овој сет на политики повикува на ефективна соработка помеѓу агенциите за спроведување на законот, другите ЕУ агенции, институциите на ЕУ и релевантни трети партии. За исполнување на оваа цел, Емпакт повикува на силна акција за таргетирање на најважните криминални закани со кои се соочува Европската Унија.

На 27 март 2017 година, Советот на Европа донесе одлука со која го продолжува циклусот на политики на ЕУ за организиран и сериозен меѓународен криминал за периодот од 2018-2021 година. Овој повеќегодишен циклус на политики има за цел да се справи со најважните закани од организираниот и сериозен меѓународен криминал кон ЕУ на кохерентен и методолошки начин преку подобрување и зајакнување на соработката помеѓу релевантните служби на земјите-членки, институциите на ЕУ и агенциите на ЕУ, како и

[51] Сотироски, Љ. *Право на ЕУ, правда и внатрешни работи -скрипта*, 2011, стр. 88 – 89

трети земји и организации, вклучувајќи го и приватниот сектор, во кој циклусот на политики е релевантен.

За постигнување на наведената цел за четиригодишниот период помеѓу 2018 и 2021 година, Советот ги има усвоено следниве приоритетни области:

- Сајберкриминал
- Трговија со дрога
- Овозможување на нелегална миграција
- Организиран имотен криминал;
- Трговија со луѓе
- Измама со акцизи и МТИЦ;
- Илегална трговија со оружје;
- Криминал врз животната средина
- Финансиски криминал и перење пари
- Криминал со документи

Целта на поставениот приоритет на Европол за справување со трговијата со луѓе се однесува на борба против трговијата со луѓе во ЕУ во однос на сите форми на експлоатација, вклучително и сексуална и трудова експлоатација, како и сите форми на трговија со деца.

Додека пак, целта на поставениот приоритет за сузбивање на овозможувањето на нелегална миграција се состои во нарушување на организираните криминални групи кои ја олеснуваат илегалната имиграција преку обезбедување услуги за олеснување на ирегуларни мигранти по должината на главните миграциски патишта кои ја преминуваат надворешната граница на ЕУ и во ЕУ, особено фокусирајќи се на оние чии методи ги загрозуваат животите на луѓето, оние кои ги нудат своите услуги преку Интернет и користат документ прибавени по пат на измама како дел од нивниот бизнис модел.

Емпакт може да се претстави како ад хок организациона средина за развој на активности со цел да се постигнат претходно поставените цели. Таа е структурирана мултидисциплинарна платформа за соработка на релевантните земји-членки, институциите и агенциите на ЕУ, како и трети земји, меѓународни организации и други (јавни и приватни)

партнери за решавање на приоритетните закани за организиран и сериозен меѓународен криминал.

*Чекори во кругот на политки во ЕУ*. Емпакт, односно циклусот на политики на ЕУ се состои од четири чекори[52]:

*Чекор 1*: **Пристапување на заканата од сериозен и организиран криминал (SOCTA)**

SOCTA игра клучна улога во циклусот на политики на ЕМПАКТ. Таа се грижи да обезбеди пристап кон клучните криминални закани базиран на разузнавање и воден од инелигенциски пристап, од поставувањето и извршувањето на стратешките приоритети па се до спроведувањето на активностите на оперативно ниво.

SOCTA, развиена од Европол, содржи збир на препораки базирани на длабинска анализа на главните криминални закани со кои се соочува ЕУ.[53] Врз ваквата основа, министрите за правда и внатрешни работи ги дефинираа своите приоритети за спроведување на циклусот на политики, кој трае од 2018 до 2021 година.

Во подготовката на тековниот пристап кон заканата од сериозен и организиран криминал, Европол ги анализираше трендовите и моделите во тековните податоци за криминалот, но исто така ја скенираше околината анализирајќи други фактори кои може да се очекуваат, во текот на четирите години од постојниот циклус на политики, а може да влијаат врз извршувањето на кривични дела и реалната способност во спроведување на законот во нивното запирање.  Со ова се обезбедува и основа за понатамошна прогноза на идните закани за внатрешната безбедност на ЕУ. Анализата која го поддржува развојот на приоритетите исто така го поддржува планирањето на оперативните активности.

---

[52] EU Policy Cicle EMPACT, EUROPOL, Robust action to target the most pressing criminal threats, 2017, достапно на: https://www.europol.europa.eu/crime-areas-and-trends/eu-policy-cycle-empact
[53] European Union Serious and Organised Crime Threat Assessment 2017 (SOCTA), 2017, EUROPOL.

*Чекор 2*: **Стратешки планови**

Европол има развиено повеќегодишни стратешки планови (MASPs) врз основа на приоритетите дефинирани во чекор 1, со цел да се дефинираат стратешките цели за борба против секоја закана.

*Чекор 3:* **Европска мултидисциплинарна платформа против криминални закани (EMPACT)**

Проектите во рамките на ЕМРАКТ поставуваат оперативни акциони планови за борба против криминалот во областите кои се определени како приоритети на ЕМПАКТ. Оперативни акциони планови се назначени за секоја цел поединечно, а земјите-членки и организациите на ЕУ работат координирано во спроведување на секој од овие планови.

*Чекор 4:* **Евалуација**

Информациите поврзани со оперативните акциони планови доаѓаат до Европол преку својот безбеден информациски систем, SIENA, каде се врши и нивна анализа. Разузнавачките податоци добиени од овие истраги подлежат на проверка од Постојаниот комитет за оперативна соработка за внатрешна безбедност (COSI). Проверките се спроведуваат врз основа на, меѓу другото, проценките на ЕРОПОЛ за сериозни и организирани криминали дејства (добиени преку SOCTA), при што се оценуваат напорите за справување со криминалните дејства во приоритетните области на EMPACT. Врз основа на неговите забелешки, COSI може да препорача измена и дополнување во рамките на некоја од областите.

Сликовито, чекорите во спроведувањето на циклусот на политики може да се претстави на следниов начин:




Слика 2: *Чекори во спроведување на циклусот на политики*[54]

[54] EU Policy Cicle EMPACT, EUROPOL, Robust action to target the most pressing criminal threats, 2017, достапно на: https://www.europol.europa.eu/crime-areas-and-trends/eu-policy-cycle-empact

### 4.2.1. Операции на ЕВРОПОЛ за спречување на илегална миграција

**ОПЕРАЦИЈА ДАИДАЛОС**

Во март 2015 година, операцијата Даидалос таргетираше криминална група за криумчарење илегални имигранти од Грција во други земји-членки на ЕУ, која беше вклучена во производството и дистрибуцијата на фалсификувани патни документи. Во прилог на обезбедување на овие документи за илегални мигранти, групата, исто така ги продаде на други организирани криминални групи. Криминалната мрежа првенствено работеше во Грција.

Во 2016 година, Меѓународната организација за миграција (ИОМ) проценува дека 5.000 луѓе ги загубиле животите обидувајќи се да го преминат Медитеранот со цел да влезат во Европа, што се проценува дека претставува зголемување од триесет и пет проценти од 2015 година. До април 2017 година, уште 942 лица се водат како загинати или се пријавени за исчезнати во Медитеранот. Овие бројки не ги вклучуваат оние кои се удавија и никогаш не беа пронајдени

Според ИОМ кумулативно од 01.01.2015 година во РМ пристигнале 481,567 мигранти, од кои во 2016 вкупната бројка изнесува 89,771 мигранрти, во 2017 вкупно се пристигнати 547 а во 2018 вкупно 3016 мигранти[55]

[55] Flow Monitoring, Europe, достапно на: http://migration.iom.int/europe?type=arrivals




Слика 10: *Број на пристигнати мигранти во РМ по години*[56]

Во обид да управува со протокот на мигранти, Европската Унија започна разни мерки за надзор и спроведување на патролни операции. Наспроти оваа рамка, илегалната миграција е првенствено прашање кое задира во национална безбедност на секја држава и затоа на национално ново го адресира ова прашање преку механизмите за имиграција и гранична контрола и спроведување.

**Оперeции-Тритон и Посејдон**

Овој пристап на ЕУ кој вклучува надзор и безбедност датира од 2004 година, кога Европската агенција за гранични и крајбрежни области, Фронтекс, се формира за да ја промовира соработката меѓу националните гранични власти на ЕУ. Во март 2015 година, Еуропол започна со операцијата JOT (Заеднички оперативен тим) Маре - која се обиде да се бори против шверцот на луѓе во Медитеранот и низ цела ЕУ. Истата година, шефовите

[56] Официјални податоци на ИОМ, достапни на http://migration.iom.int/europe?type=arrivals

на држави на ЕУ тројно го зголемија буџетот за заеднички операции на Фронтекс - Тритон и Посејдон - во Медитеранот. За успешноста на акциите зборуваат статистиките според кои во операцијата Посејдон во периодот од јануари до август, 2016 година, спасени се вкупно 37479 лица, додека во операцијата Тритон вкупно 38750 лица, во обид да го преминат средоземното море и да стигнат до копнените граници на Грција и Италија.

**Операција-Софија**

Во рамките на овие операции во јуни, 2018 година се одвива операцијата EUNAVFOR MED или Софија, чија главна област на делување е централниот дел на Средоземното Море. Од стратешки и практични причини седиштето на мисијата е лоцирано во Рим, Италија. Операцијата има за цел да го наруши бизнис моделот на криумчарите на мигранти низ средоземното море, така што ќе ги заплени нивните чамци и ќе го конфискува нивниот имот. Името Софија мисијата го добива според бебето Софија кое е родено од мигрантка од Сомалија на 24 август, 2015 година на германската фрегата, морнарички брод кој е дел од мисијата во средината на Медитеранот, како дел од оперативните сили на EUNAVFOR MED[57]. Статистичките податоци за операцијата EUNAVFOR MED покажуваат дека за оваа мисија се ангажирани 1771 лица, додека спасени се вкупно 26.428 мигранти и дополнителни 38.915 мигранти спасени преку EUNAVFOR MED воздушно-поморската поддршка. Вкупно 303 чамци се отстранети од криминалните организации, а 89 криумчари и трговци на луѓе се уапсени од страна на Италијанските безбедносни служби кои се вклучени во активностите на EUNAVFOR MED. Во периодот од Март 2015 до средината на 2016 година спроведени се вкупно 183 спасувачки операции. Сликовите, овие бројки може да се прикажат на следниов начин:

[57] European Commission. *EU Operations in the Mediteranean Sea*, October 2016.




Слика 11 *Операции на EUNAVFOR MED*[58]

Во 2016 година, во рамките на Европол започна со работа Европскиот центар за криумчарење на мигранти со цел  проактивно да ги поддржува земјите-членки на ЕУ во разбивање на криминалните мрежи вклучени во организираното криумчарење на мигранти. Во јануари 2017 година, Комисијата на ЕУ повика на брза акција за борба против шверцот со мигрантите и справување со тековите на мигранти и бегалци, додека шефот за надворешна политика на ЕУ, побара дополнителни активности за разбивање на бизнис модел на шверцерите со мигранти.

Според официјално достапните информации, Европол чува разузнавачки информации за повеќе од 40.000 лица осомничени за инволвирање во шверц на мигранти. Само во 2015 година, со Европол се споделени се информации за повеќе од 10 000 осомничени, што резултира со број од 1 551 истраги насочени кон криминалните мрежи

[58] European Commission. *EU Operations in the Mediteranean Sea*, October 2016

активни во ЕУ. Значителен дел од овие осомничени работат како дел од криминалните мрежи.




Слика 12. *Број на осомничени лица и истраги за лица инволвирани во криумчарење мигранти*[59]

Како што веќе наведовме погоре, шверцот со мигранти е меѓународен криминален бизнис. Осомничените пријавени и идентификувани од Европол потекнуваат од повеќе од 100 земји. Најчестите националности или земји на потекло на овие осомничени се Бугарија, Египет, Унгарија, Ирак, Косово, Пакистан, Полска, Романија, Србија, Сирија, Тунис и Турција. Од вкупниот процент на криминални мрежи, 44% се составени од исклучиво од лица кои не припаѓаат на националност од земјите на Европската Унија, 30 % од мрежите ги сочинуваат исклучиво лица чија националност припаѓа на земјите членки на Европската Унија, додека најмал процент, само 26% од мрежите се со мешан состав од ЕУ и не-ЕУ националнсти.

[59] European Commission. *EU Operations in the Mediteranean Sea*, October 2016.




Слика 13. *Етнички состав на лицата од криминалните мрежи вклучени во криумчарење на мигранти*[60]

Од акцискиот извештај на ЕМСЦ (Europol Migrant Smuggling Centre) за периодот од 2017 до 2018 година можат да се добијат следниве статистики во однос на активнстите на Центарот за 2017 година поврзани со криумчарењето на мигранти:

- Вкупно 12300 разменети пораки преку мрежата SIENA кои се поврзани со криумчарење мигранти;
- Вкупно 1700 нови случаи на криумчарење мигранти;
- Во однс на референци кон документи ЕМСЦ има 32005 придонеси;
- Во однос на осомничени за криумчарење мигранти ЕМСЦ има 27075 придонеси;
- ЕМСЦ придонесува во 700 случаи кои се однесуваат на кориснички сметки на социјалните медиуми;
- ЕМСЦ поддржува 27 акциски денови во текот на 2017 година, во борбата против криумчарењето на мигранти;

[60] Migrant Smuggling Networks: Joint Europol-INTERPOl report, May 2016.

- Вкупно 93 случаи кои се поддржани од ЕМСЦ се со висок приоритет;
- Вкупно 58 операциони средби се поддржани од ЕМСЦ во 2017 година;
- Испорачани се вкупно 338 операционо – аналитички инфорамции;
- Изготвени и дисеминирани се 60 набљудувачки извештаи за криумчарење мигранти;
- Процесирани се вкупно 1240 испрашувања на мигранти, добиени преку PeDra каналот на Frontex.
- Пријавени се 1050 чамци и мали бродови од интерес, од страна на Здруженеиот операциски тим JOT Mare.
- Вкупно 1750 денови е ангажиран персоналот на Европол во Грција и Италија;
- Вкупно 10000 денови се ангажирани гости-офицери на Европол;
- Вкупно 45 лица брои посветениот персонална ЕМСЦ[61].

Шверцот на мигранти брзо се претвори во многу профитабилна форма на криминален бизнис, кој ги заобиколува и ги злоупотребува контрамерките на поморската граница распоредени во соработка со земјите-членки и агенциите на ЕУ.

### 4.3. Трговијата со луѓе и оневозможување на илегална миграција како приоритети на Европол

Како што веќе наведовме погоре, овие области на сериозен и организиран интернационален криминал се наоѓаат на приоритетната листа на Европол, согласно одлуката на Советот.

Трговијата со луѓе е огромен проблем во рамките на Европската Унија, со кој освен Европол се засегнати и агенциите за спроведување на законот. Усвоената Европска стратегија за искоренување на трговијата со луѓе има идентификувано пет клучни приоритети за справување со овој организиран криминал:

- ✓ Идентификување, заштита и помош на жртвите на трговија со луѓе;
- ✓ Унапредување на превенцијата на трговијата со луѓе;

[61] Migrant Smuggling Networks: Joint Europol-INTERPOl report, May 2016.

- ✓ Поцврсто гонење на трговците со луѓе;
- ✓ Зајакнување на координацијата и соработката помеѓу клучните чинители, вклучително и нивото на политики;
- ✓ Зголемување на знаењето и создавање ефективни одговори кон сите форми на трговија со луѓе[62].

Воедно, Стратегија предвидува конкретни чекори за остварување на секој од овие приоритети како и временска рамка за нивно реализирање. Стратегиската и операционална поддршка на Европол се фокусира на организирани криминални групи кои се вклучени во трговијата со луѓе во најмалку две земји членки на Европската Унија. Напредокот што го постигнува Европол може да се измери преку споредување на резултати на земјите кои се вклучиле во активностите за спречување на групите кои тргуваат со луѓе. Во проектот на Европол за операционално дејствување кон трговијата со луѓе од 2007 година биле вклучени 25 земји, чија активност пак во 2014 достигнала 3820 интервенции, односно 65% повисок индекс на активност од претходната година.

Што се однесува до олеснувањето на илегалната миграција, како еден од приоритетите на ЕМПАКТ, во рамките на циклусот на политиката на ЕУ за периодот 2018-2021 година, Европол прави силни напори да го координира одговорот на земјите на колективно ниво во борбата против организираните кримнинални групи кои овозможуваат илегален влез на мигранти во ЕУ. Ваквата координација на колективниот одговор се врши преку Европскиот центар за криумчарење на мигранти (EMSC), кој е формиран во 2016 година. Експертите и аналитичарите на ЕМСЦ обезбедуваат оперативна и аналитичка поддршка, додека специјалните агенти на Европол се присутни на жариштата за влез на мигранти во Грција и Италија.

ЕМСЦ е основана во почетокот на 2016 година, по период на многу динамична нередовна миграција, при што ранливите мигранти патуваат неограничено во големи групи

[62] European Commission, Together against Traffciking in Human Beings, достапно на: https://ec.europa.eu/anti-trafficking/sites/antitrafficking/files/eu_ strategy_towards_the_eradication _of_trafficking _in _human _beings _2012-2016_1.pdf

низ Средоземното Море, надворешните копнени граници и понатаму, во Европа кон нивните посакувани дестинации.

Справувањето со ваквата трговија вредна повеќе милијарди евра на тој начин стана суштински дел од одговорот на ЕУ кон миграционата криза. Всушност, Агендата за миграција на ЕУ (2015) ја идентификува борбата против шверцот на мигранти како клучен приоритет.

Заради тоа, поддршката на полицијата и на пограничните власти да ги координираат високо сложените прекугранични операции против шверц, станаа примарна цел на ЕМСК, која ги вклучи некои од најдобрите истражители во Европа. ЕМСК тесно соработува со партнерските агенции на ЕУ кои се занимаваат со судска соработка (Европравда) и граничното управување (Фронтекс).

Градејќи го искуството и експертизата што Еуропол ја има стекнато во текот на последната деценија за поддршка на прекуграничните истраги во областите поврзани со криминал, ЕМСЦ постигна значителен напредок во својата прва година на работење. Во својата прва година, интензивно работат и 45 специјалисти и аналитичари на ЕМСЦ во областите како:

- ✓ измама за документ и идентитет
- ✓ Е-шверц (содржина на криумчарење мигранти во социјалните медиуми)
- ✓ Финансиски истраги и наплата на криминални средства.

Центарот го вклучува Заедничкиот оперативен тим (ЈОТ) Маре, кој се состои од специјалисти назначени од седум земји-членки. Овие земји-членки разменуваат витални информации во реално време за да ги прекинат мрежите за шверц што работат од Турција, како и од Либија и други земји од Северна Африка.

Проширувањето на активностите на ЈОТ Маре, ЕМСЦ обезбедува и:

1) прилагодување на аналитичките податоци;

2) водство на активностите насочени против криминалните групи;

3) капацитети за вкрстена проверка на податоците во разни бази на податоци на ЕВРОПОЛ;

4) форензичка и техничка поддршка; и

5) друга експертиза.[63]

Меѓу клучните работи кои ЕМСЦ може да им ги понуди на своите партнери за спроведување на законот се: листа на бродови; документи за иницирање на истрага; известувања за разузнавачки информации за нови трендови и за врски со други криминални области; известувања за рано предупредување и сл.

Постапувајќи како информативен центар, ЕМСЦ ги поддржува канцелариите на регионалните целни групи на ЕУ во Италија и Грција, кои им помагаат на националните власти во следните области:

- Идентификација
- Поддршка за азил
- Размена на разузнавачки информации
- кривични истраги
- Гонење на криминални мрежи за криумчарење.

[63] JOT MARE, EUROPOL, 2018.

### 4.4. Балканската рута и миграциската криза во Република Македонија

Сознанието дека секоја земја може да биде засегната од организираниот криминал со криумчарење на мигранти покажуваат и настаните од 2015 и 2016 година, кога нашата држава се соочи со наплив на мигранти и бегалци во незамисливо енормен број. Војната во Сирија предизвика масовна миграција на луѓето кои својата "ветена земја" ја бараа во Западна и Централна Европа. Европската стратегија за справување со мигрантската криза, од друга страна, создаде голема можност за криминалните групи од Балканот да се вклулат во бизнисот со криумчарење. Бегалците што пристигнуваа преку воден пат до Грција, меѓу кои најбројни беа Сиријци, Авганистанци и Ирачани, ја користеа Република Македонија како транзит држава, од каде преку останатите балкански земји, мигрантите се пробиваа до развиените земји во Европа. Во хаотичното движење на мигрантите се приклучија и голем број на луѓе од Албанија и Косово, за да ги искористат олеснителните политики на Европа. Миграциските текови, целосно без изненадување, се одвиваа преку некои од најчестите правци кои редовно се користат за други форми на криучарење и нелегална трговија (пр. дрога и/или оружје) како што се: триаголниот пограничен регион меѓу Косово, северот на Македонија и југот на Србија; понатаму границите меѓу Бугарија, Србија, Македонија и Турција. Текот на мигрантите преку отворените и порозни граници на почетокот се одвиваше сосема лесно. Голем број на фацилитатори на граничните премини им го олеснуваа движењето и обезбедуваа примарна помош и услови за продолжување на патувањето. Во тој период побарувачката на фацилитатори или организирани мрежи за криумчарење е многу ниска. Криминалните групи единствено можеа да заработат профит од обезбедување на транспорт на мигрантите (обезбедување брод до Грција, автомобил или камион низ Македонија и сл.), така што во извештаите на ЕВРОПОЛ се опишани како криминални бизниси заради обезбедување на услуга.[64] Обидите на криминалните групи за трговија со луѓе се одвиваа на самите гранични премини, околу пристаништата, железничките станици и сл. За организирањето на трговијата и целокупната логистика криминалците најчесто се служат со мобилни телефони, што од своја страна ја олеснува

[64] EUROPOL report, SOCTA, Serious and Organized crime Threat Assessment, People as Commodity-Migrant Smuggling, Euroepan Union, The Hague, The Netherlands, 2017.

работата на полицијата во нивно идентификување и следење, врз основа на податоците од запленетите телефони.

На почетокот на 2016 година, Европа го покажа своето стравување од големиот наплив на мигранти, сметајќи дека земјите ќе бидат преплавени, заради што ги затвори границите и им забрани пристап на мигрантите. Некои од земјите како на пр. Унгарија, користеа и бодликави жици за градење на ѕидови околу границите на земјата. Тоа придонесе бројот на мигранти кои целат кон Европа да се намали. Но, во тој процес на запирање на мигрантските напливи, упорноста на оние кои веќе го започнале патувањето ги пренасочува кон барање на други алтернативни рути, кои може да траат подолго и каде се зголемува и ризикот во кој се втурнуваат. Оние кои се спречени да преминат преку Македонија и Србија, бараат алтернативни рути преку Албанија и Италија.

Во текот на 2016 година, 1.234.558 апликации за азил биле регистрирани во ЕУ. Во 2015 година, Европската канцеларија за поддршка на азил (ЕАСО) пријавила повеќе од 295.000 позитивни одлуки за апликации за азил од страна на земјите-членки.[65] Ова значи дека голем број на илегалните мигранти кои не аплицирале или чии апликации биле одбиени се обиделе да останат нелегално во Европската Унија. Покрај превозот на мигранти, клучна криминална активност во миграциската криза била измамата со документи. Обезбедување на лажни документи во иднина ќе продолжи да претставува значителна закана за безбедноста на ЕУ. Лажните документи се користат и можат повторно да се користат за многу други кривични дела.

Сé почести стануваат случаите на злоупотреба на мигрантите, несреќни случаи и случаи на смрт поради немоќност на лицето да ја издржи рутата. Со сето ова се зголемува побарувачката на криминални мрежи и поединци кои ќе го “олеснат” процесот, или ќе овозможат обезбедување на документација, со што бизнисот за криумчарите и криминалните мрежи станува далеку попрофитабилен. Улогата на фацилитаторите долж рутата низ Македонија се движи од трансфер на мигрантите, нивно придружување и водење, обезбедување на превоз, сместување, потребни намирници, билети за трансферот, подмитување на граничарите и другите лица вклучени во процесот, обезбедување на

[65] EASO 2015, Последни трендови на азил – 2015 Преглед, достапен на: https://www.easo.europa.eu/sites/default/files/public/LatestAsylumTrends20151.pdf

нелегална документација и обезбедување на контакт на мигрантите со лицата вклучени во мрежата од соседните држави и/или земјата на дестинација.

Побарувачката и понудата на услуги на криумчарење значително се зголеми од 2014 година. Повеќе од 510.000 илегални гранични премини меѓу граничните премини на надворешната граница на ЕУ беа регистрирани во 2016 година.[66] Ова е значително намалување во споредба со 2015 година, кога над еден милион илегални мигранти влегле во ЕУ преку источно-медитеранската и централно-медитеранската рута.[67] Скоро сите илегални мигранти кои пристигнуваат во ЕУ долж овие правци ги користат услугите што ги нудат криминалните мрежи во одреден момент за време на нивните патувања.

Како што повеќе пати напоменавме, криумчарењето претставува високо профитабилен бизнис, кој има тенденција на пораст. Иако мигрантите во денешно време се далиеку од добредојдени во земјите од Европа, сеуште сме сведоци на случаи на криумчарење кои полицијата ги открива на територија на Р. Македонија. Ако на нив ги доставиме и сивите бројки, односно оние кои не се откриени пред очите на законот, веднаш станува јасно дека мигрантската рута низ Македонија и тоа како е атрактивна и отворена за сите оние жртви на бомбардирањето во Алепо, но и од многу други дестинации од светот.

Вооружените конфликти, економските и популациските притисоци во Африка и на Блискиот Исток ќе продолжат да дејствуваат како главни фактори за илегалните мигранти кои патуваат во ЕУ. Криумчарењето мигранти кон и во ЕУ ќе остане клучен криминална закана. Како резултат на миграциската криза, бројот на непридружувани малолетници присутни во ЕУ значително е зголемен во последните години. Оваа група е многу подложна на сите видови експлоатација.

Стотиците илјади луѓе кои бараа излез од војната во Сирија и Ирак ги користеа неколкуте добро познати и веќе етаблирани рути за да го најдат својот нов дом во развиените европски земји. Сакајќи да стигнат до Централна и Западна Европа мигрантите патуваат низ Грција, преку Македонија како најважен транзитен центар, кон Србија, Унгарија и понатаму низ европските земји. Во периодот од јуни 2015 до март 2016 година,

---

[66] ФРОНТЕКС 2017, Анализа на ризик за 2017

[67] УНХЦР 2015, над еден милион лица преку море стигнаа во Европа, 2015, достапно на: http://www.unhcr.org/news/latest/2015/12/5683d0b56/million-sea-arrivals-reach-europe-2015.html

477.856 лица ја регистрирале својата намера да побараат азил во Македонија, но само 86 имаат поднесено апликација. Сепак, овие бројки ги претставуваат само оние лица кои биле во можност да пристапат на територијата и да се регистрираат откако постепено се спроведоа ограничувања по Балканската рута за време на миграционата криза. Непознат е бројот на лица кои транзитираа низ Македонија пред воведување на пунктови за регистрација. Во почетокот на мигрантската криза, најголемиот број на луѓе кои транзитираат се мажи, надевајќи се дека ќе обезбедат начин во иднина да им се приклучат и останатите членови од семејството. Откако рутата е добро позната и мигрантите безбедно пристигнувале до земјите од Западна Европа, кон брановите на бегалци започнуваат да се приклучуваат жени и деца. Во 2015 година, вкупно 56% од мигрантите кои влегле во ЕУ се мажи, 17% се жени и 27 % се деца, во 2016 година статистиката покажува дека 53% се мажи, 18% се жени и 29% се деца.[68]




Слика 14. *Демографски податоци на мигрантите кои влегле во РМ по години*[69]

[68] Monitoring a survailance report: Making a difference for refugee children in Europe, iss. 1. August, 2016
[69] Monitoring a survailance report: Making a difference for refugee children in Europe, iss. 1. August, 2016

Во почетокот на кризата и во текот на 2015 година, Република Македонија, првично самостојно, а потоа и со помош од Европската Унија наоѓа начин да се справи со напливот на бегалци, при тоа олеснувајќи им ја процедурата за влез и излез од државата, наоѓајќи начини за полесно транзитирање од јужниот кон северниот дел на земјата, при тоа со цел да се избегнат било какви човечки жртви, односно безбедно да ја преминат територијата на РМ а со тоа и да се намали потребата од нивно криумчарење.

Како што се зголеми стравот да се "преплават" од странци, европските влади реагираат со ограничување на движењето, дури и подигнување на огради и повторно вградување на граничните контроли. На 9 март 2016 година, транзитниот коридор на Западен Балкан целосно се затвара. Бројот на илегални премини долж границите драматично се намалува: од 217.815 во првиот квартал на 2016 година до 28.789 во вториот квартал[70]. Повеќето од откриените случаи се обидувале да ја преминат границата меѓу Македонија и Грција, а потоа и Србија и Унгарија.

Од една страна, затворањето на балканската рута ги премести тековите на друго место, на пример, преку Албанија во Италија, или преку Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина. Патувањето, исто така, станува многу поризично, трае подолго и станува поопасно во однос на можните жртви. Во текот на целокупниот период на движење на мигрантите, УНХЦР редовно ги пријавува инцидентите на злоупотреба и насилство против бегалците, како и трагичните несреќи што резултира со смрт.

Логично, зголемувањето на ризиците и бариерите го прават шверцот на мигранти попрофитабилен. На пример, надоместоците за шверцери во Евзони, на грчката страна на границата со Македонија се зголеми повеќе од десет пати, кога пристапот беше затегнат во 2016 година. По должината на балканската рута сега постои зголемена побарувачка за "фацилитатори" (шверцери) кои обезбедуваат невистинита документација и дејствуваат како водичи и извидници, обезбедуваат превоз, сместување и билети, а воедно и ги подмитуваат граничарите. Вреди да се напомене дека, според Европол, многу такви олеснувачи се вклучуваат во поликриминалност, со други зборови тие исто така се вклучени во други форми на криминал, вклучувајќи и трговија со луѓе (20%), трговија со дрога (15%)

---

[70] EUROPOL.*Migrant smuggling in EU February, 2017*

и имотен криминал (23%)[71]. Исто така, постојат чести извештаи за бегство, како и мигранти кои се тепани и ограбени од шверцери и криминалци (вклучувајќи ги и Авганистанците и Пакистанците), на пример околу озлогласените градови за шверц од Лојане, Моин и Ваксинце - познат како "џунглата" - на македонско-српската граница. Впечатливи се податоците кои покажуваат дека додека бројот на илегални мигранти се намали за 88%, бројот на откриени олеснувачи или криумчари се зголеми за 18%. Повеќето олеснувачи (73%) се државјани на земјите од Западен Балкан[72]. Многу други се поранешни бегалци и мигранти. Дури и ако само околу 100.000 луѓе сега се шверцуваат низ Балканот годишно, профитот е огромен. Се проценува дека олеснувачите наплатуваат помеѓу 1.500 и 4.000 евра за да се стигне од Турција до Грција или Албанија, во зависност од квалитетот на бродот. Дополнително наплатуваат уште 3.000 евра за транзит преку Република Македонија и Србија за потоа да се влезе во ЕУ. Ако, според конзервативна проценка, трошоците се меѓу 5.000 евра и 7.000 евра за шверцување од Грција преку Западен Балкан во ЕУ, тогаш трговијата вреди најмалку помеѓу 5 и 700 милиони евра годишно. Европол оценува дека шверцот на мигранти во Европа (не само на Балкан) вредел меѓу 3 и 6 милијарди евра во 2015 година, со предвидување дека двојно се зголемил профитот во 2016 година[73]. Тоа е индустрија во пораст, според изјавата на Роб Вајнрајт, директор на Европол:

> "Криминалните групи им нудат услуги на мигрантите за да го олеснат своето патување и да направат значителни профити. Само во 2016 година, повеќе од 7000 нови осомничени шверцери на мигранти биле пријавени во Европол. Се очекува дека цените за шверц ќе продолжат да растат и се очекува експлоатација дополнително да се зголеми и во земјите на транзит и пристигнување. Спроведување на законот во Европа може само да се бори против овој феномен со здружување на силите[74]"

---

[71] Europol & Interpol.*Migrant smuggling networks: Joint Europol-INTERPOl report,* May 2016
[72] EUROPOL.*Migrant smuggling in EU February, 2016*
[73] Europol & Interpol.*Migrant smuggling networks: Joint Europol-INTERPOl report,* May 2016
[74] Rob Wainwright, Director od EUROPOL, Europol & Interpol.*Migrant smuggling networks: Joint Europol-INTERPOl report,* May 2016

Од затворањето на границата нема официјални информации за бројот на лица кои транзитираат низ Македонија. Од 7 август во транзитните центри Винојуг и Табановце имало помеѓу 206 и 2109 лица, а 40% од нив биле деца[75].

Ограничувањата во управувањето со границите во регионот на Југоисточна Европа создадоа побарувачка за криминални мрежи кои ги нудат своите услуги на оние мигранти кои се заглавени во различни фази на нивното патување. Фацилитаторите често се појавуваат во бегалските кампови и ги нудат своите услуги на барателите на азил

Европол го поддржа акцискиот ден на Сирокко-2 за да ги уништи криминалните мрежи кои криумчареа мигранти и дејствуваа долж рутата на Западен Балкан. Во оваа заедничка операција учествуваа сите релевантни земји од регионот на Југоисточна Европа. Полициските сили и силите кои управуваат со границите од Австрија, Бугарија, Хрватска, Република Македонија, Германија, Унгарија, Романија, Србија, Словенија и Швајцарија ги здружија силите во 36-часовната акција долж Западно – Балканската рута. Тимот на ЕМСЦ беше распореден во главните криминални центри во Германија, Австрија и Унгарија за да ја олесни размената на информации во точно прецизирано време и да спроведе вкрстено совпаѓање во живо. Операцијата резултираше со откривање на 30 инциденти на шверц на мигранти, апсење на 39 шверцери на мигранти и 580 криумчарени имигранти[76]. За време на спроведувањето на оваа акција биле откриени зголемени активности за шверц на мигранти по должината на рутата Западен Балкан.

[75] *Monitoring a survailance report: Making a difference for refugee children in Europe,* iss. 1. August, 2016
[76] Press Release, EUROPOL, 39 Migrant Smugglers arrested during Sirocco-2 Action day along Western-Balkan Route, 29 June 2016, достапно на: https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/39-migrant-smugglers-arrested-during-sirocco-2-action-day-along-western-balkan-route.




Слика 15. *Акциски ден Сироко-2*[77]

Целта на акцијата е да се активира размената на информации во реално соодветно време и да се направи реакција на спроведување на законот за откривање на активности за шверц на мигранти. Согледувајќи ги резултатите од спроведената акција може слободно да се заклучи дека размената на информации во реално време е една од најдобрите алатки за спроведување на законот за да се спречат прекуграничните криминални активности.

На истиот начин, преку користење на оваа техника, Европските безбедносни служби имаат успех во акцијата насочена кон шверцер кој се обидел да избега од Унгарија со шест сириски нерегуларни мигранти но е запрен во Австрија, откако е направена жестока потрага долж Словачка[78].

[77] Europol press release. *39 Migrant smugglers arrested during Siroco -2 action day along Western-Balkan route.*
[78] Press Release, EUROPOL, 39 Migrant Smugglers arrested during Sirocco-2 Action day along Western-Balkan Route, 29 June 2016, достапно на: https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/39-migrant-smugglers-arrested-during-sirocco-2-action-day-along-western-balkan-route

## 4.5. Остварување на соработка меѓу Република Македонија и Европол

Република Македонија за прв пат оствари соработка со Европол во текот на 2011 година кога по пат на писмена размена е потпишан Договор за оперативна и стратешка соработка и истиот е ратификуван од Собранието на Република Македонија на 05.12.2011 година[79] . Целта на овој договор е зајакнување на оперативната и стратешката соработка помеѓу Република Македонија и ЕВРОПОЛ, преку трансфер на оперативни информации кои сочинуваат лични податоци.

Потребата за соработка произлегува од зајакнување на борбата со организираниот меѓународен криминал преку добивање на поддршка на сите држави членки на ЕУ и вклучување на Република Македонија кон европските служби. Договорот предвидува соработка поврзана со сите области на криминал под надлежност на Европол, како и на сите инволвирани кривични дела.

Со имплементирањето на договорот се назначува и офицер за врска на РМ кој работи во седиштето на Европол во Хаг, Холандија. Со етаблирање на договорот се овозможува поефикасна оперативна соработка и директно учество на Република Македонија во аналитичките работни досиеја на ЕВРОПОЛ. Тоа значи дека Македонија директно, оперативно пристапува кон базите на податоци за конкретни криминални области, чија намена е прибирање на што е можно поголем обем на податоци за криминални дејствија, а се во надлежност на Европол. Понатаму, податоците подлежат на анализа и проверка од страна на офицерите на Европол.

Во текот на остварената соработка важен момент е и донесувањето на два стратешки документи и тоа: Меморандумот за разбирање и воспоставување на безбедна комуникациска врска и Билатералниот договор меѓу РМ и Европол за поврзување на компјутерски мрежи, но при тоа Република Македонија е потребно да исполни одредени пристапни услови. Важноста на вака поставените нови комуникациски мрежи се огледува во улогата на пренесувањето на стратешките, техничките и оперативните информации кои содржат лични податоци.

[79] Службен весник на Република Македонија 172/11 од 14.12.2011, Скопје, Македонија.

Република Македонија го врши доставувањето на личните податоци со посредство на Одделението при МВР кое, по барање на Европол, испраќа информации кои се однесуваат на внатрешната организација, задачите и аранжманите за заштита на лични податоци на надлежните органи, одговорни според националното законодавство за превенција и борба против кривичните дела. Одделението во Република Македонија и Европол се задолжени да ја овозможат меѓусебната размена на податоци непрекинато, односно 24 часа, во текот на седум дена во неделата.

При доставувањето на личните податоци до Европол, неопходно е да се наведе целта за која ќе бидат користени, ограничувањата во однос на пристапот и употребата, како и бришење и поништување на податоци кога постои објективна основа. Од друга страна пак, доставувањето на податоците од Европол кон Република Македонија се одвиваат по барање на нашата држава, изричито со јасно назначена цел за нивното барање и употреба.[80] Договорот предвидува вкупно девет услови во однос на доставување на податоците од Европол до Одделението во РМ. Условите се однесуваат на целисходноста и обемноста на податоците, нивната јасна намена во спречување на криминалните појави, гаранцијата да не бидат споделени со трети држави, почитување на сите услови предвидени од Европол при нивниот пренос како и утврдување на причините за нивно бришење. Обврската за заштита и безбедност на податоците соодветно ја делат Европол и Република Македонија, за што неопходна е примена на сите расположливи технички и организациски мерки на заштита. Овие мерки треба да се пропорционални на целта и да бидат наменети за следново:

- Одбивање на пристап од неовластени лица;
- Спречување на неовластено читање, мултиплицирање, менување или бришење на податоците;
- Спречување на недозволено внесување на лични податоци и недозволен надзор, менување или бришење;
- Спречување на употребата на системите за автоматска обработка на податоци од страна на неовластени лица кои ја користат комуникациската опрема;
- Давање сигурност дека лицата кои имаат пристап до податоците имаат пристап само до податоците за кои имаат овластување;

[80] Член 8 од Договор за соработка помеѓу ЕВРОПОЛ и Република Македонија.

- Овозможување на евиденција на лицата кои пристапуваат и кои имаат правна основа за тоа;
- Обезбедување на можност подоцна да се потврди и утврди кои лични податоци биле внесувани во системите за автоматски податоци или системите за обработка и кога и од кого биле внесувани личните податоци;
- Спречување на неовластено читање, умножување, менување или бришење на лични податоци за време на преноси на лични податоци или за време на пренесување на медиуми за податоци;
- Давање на сигурност дека инсталираните системи може веднаш да бидат обновени во случај на прекин;
- Обезбедување дека функциите на системот се извршуваат без грешка, дека појавувањето на грешки во функциите веднаш се пријавува и дека зачуваните податоци не може да бидат оштетени поради неисправноста на системот.

Субјектите на лични податоци имаат право на пристап до лични податоци кои се однесуваат на нив, што значи дека имаат право да бараат тие податоци да бидат проверени, изменети или избришани доколку постои правна основа за тоа.[81]

Во контекст на сето погоре наведено во однос на преносот на личните податоци од Европол кон Република Македонија станува јасно дека личните податоци нема да бидат пренесувани од моментот кога нивната заштита нема да може да се гарантира на соодветниот начин.

Доставени барања за оперативни информации од ЕВРОПОЛ кон МВР во 2014 година се вкупно 128, во 2015-та изнесуваат 196 и во 2016 година 226. Разменетите информации се однесуваат за кривични дела кои најмногу се од областа на илегална трговија со дрога и оружје, финансиски криминал (перење пари, компјутерски криминал, финансиска измама, даночно затајување итн.), тероризам, илегална миграција и трговија со луѓе, криминал со моторни возила, насилен криминал и крвни деликти. Доставените барања за оперативни информации од МВР кон ЕВРОПОЛ во 2013 година (27) се однесуваат на недозволена трговија со дрога (17), трговија со луѓе и илегална миграција (2), финансиски криминал (5) и насилен криминал (3).

[81] Член 7 од Договор за соработка помеѓу ЕВРОПОЛ и Република Македонија.

Разменетите информации се однесуваат за кривични дела кои најмногу се од областа на илегална трговија со дрога и оружје, финансиски криминал (перење пари, компјутерски криминал, финансиска измама, даночно затајување итн.), тероризам, илегална миграција и трговија со луѓе, криминал со моторни возила, насилен криминал и крвни деликти.

Со цел размена на информации за организирана криминална група која се занимава со криумчарење на мигранти и илегална миграција, во рамки на операцијата FALSE, во текот на 2013 година МВР на РМ одржа неколку оперативни состаноци и вршеше континуирана размена на информации, со цел сузбивање на делувањето на оваа организирана криминална група составена, пред сè, од државјани на Косово кои вршеле транспорт на мигранти од Косово, Србија, Унгарија и Австрија до Швајцарија, Франција и Германија. Информациите се разменуваа преку ЕВРОПОЛ во рамки на проектот FIMATHU.[82] Инаку, по покана од МВР на Австрија и Унгарија (носители на проектот), МВР на РМ пристапи во реализација на проектот за илегална миграција - FIMATHU. Проектот е иницииран во рамки на циклусот на политики на ЕУ од областа на илегалната миграција. Целта на проектот е спроведување на илегална миграција преку Балканот и последиците од колапсот на граничните проверки на грчко-турската граница.

### 4.5.1. Соработка на Европол со безбедносните служби во Република Македонија

Приближувајќи се кон остварување на целта на истражувањето, во овој дел ќе презентираме некои статистички показатели со кои се добива појасна слика за соработката на безбедносните разузнавачки служби на Европската Унија и Република Македонија. Обезбедувањето на постојна соработка, непрекинат тек на информации, поставување и реализирање на заеднички цели помеѓу службите во насока на спречување на криминалните групи; и организираниот криминал, значително влијае врз намалувањето на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти.

Во однос на прибирање на податоците од овој тип мора да се напомене дека ваквиот тип на информации кои се однесуваат на размената на информации меѓу Европол и МВР не

[82] Facilitation illegal immigration effected Austria/Hungary – Олеснета илегална миграција која влијае врз Австрија и Унгарија.

се ажурираат тековно на официјалниот сајт на МВР, односно не можеме да добиеме податоци за тековната или изминатат година, како би имале појасна слика за моменталната состојба. Затоа, како релевантни во овој труд, а при тоа целејќи да го претставиме трендот на проток на податоци помеѓу двете служби, ќе земеме достапни податоци од други достапни извори кои се однесуваат на 2013 година.

Во рамки на соработката со ЕВРОПОЛ, во 2013 година иницирани се вкупно 22 случаи - од кои 10 на билатерално ниво, а 12 на мултилатерално ниво. Во однос на статистичките податоци, во текот на 2013 година евидентирани се вкупно 154 предмети за размена на информации (стратешки и оперативни помеѓу Република Македонија и ЕВРОПОЛ). Од вкупниот број на предмети, 127 предмети се доставени од ЕВРОПОЛ до Одделението за ЕВРОПОЛ на МВР, за натамошна достава до надлежните служби, а дваесет и седум барања се доставени од националните органи надлежни за спроведување на законот, главно Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал при МВР до ЕВРОПОЛ. Изразено во проценти, претворени во графикон тоа би можело да се претстави на следниов начин:




Слика 16: Број на предмети преку размена на информации меѓу МВР и Европол[83]

[83] Игнатов, Владимир (2017). *Полициска соработка во кривичните предмети помеѓу Македонија и ЕУ*. Masters thesis, University of Goce Delcev Stip.

Во однос на бројот на разменети пораки, разменети се вкупно 1252, од кои примени 821, а пратени 431 порака. Процентуално тоа може да се прикаже наследнава слика:




Слика 17. Разменети пораки меѓу Европол и Република Македонија [84]

Од графиконот подоле може да добиеме слика за содржината на предметите чии информации биле предмет на размена помеѓу службите. Од евидентираните 127 предмети, барање за оперативни проверки односно размена на информации содржат 81 предмет, 18 предмети се однесуваат на размена на стратешки информации (билтени, извештаи, прашалници, пораки за рано предупредување/известување) и 28 барања се однесуваат на покани за обуки, конференции и семинари.

[84] Игнатов, Владимир (2017). *Полициска соработка во кривичните предмети помеѓу Македонија и ЕУ.* Masters thesis, University of Goce Delcev Stip.




Слика 18. *Оперативна содржина на предметите*[85]

Доколку се осврнеме на криминалните области на кои се однесува размената на инофрмации може да се каже дека доминира размената на информации поврзани со трговија со наркотици, по кој следува илегалната миграција и трговијата со луѓе, потоа сајбер криминалот, насилниот криминал и на последно место е тероризмот. Во 2013 година доставени се вкупно 81 барање за оперативни информации од Европол кон МВР кои поделени по криминални области може да се претставаат преку следниов график:

[85] Игнатов, Владимир (2017). *Полициска соработка во кривичните предмети помеѓу Македонија и ЕУ.* Masters thesis, University of Goce Delcev Stip.




Слика 19 *Оперативни информации според криминални области*[86]

Од сликата може да се види дека високи 26 % од вкупниот број на информации се однесуваат на трговијата со луѓе и илегалната миграција, што како показател ни кажува дека Европол и Република Македонија прават сериозни напори во спречување на овој тип на криминал. Во периодот 2013 – 2015 година се регистрира постојано зголемување на кривичните дела на илегална миграција, „криумчарење мигранти“ и „организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе и криумчарење мигранти.“[87]

Од друга страна пак, оваа бројка ни покажува дека ваквата форма на организиран криминал е високо присутна во нашата држава, што пак од друга страна, серозно ја засега Европската Унија, а тоа е секако предуслов да се унапреди меѓусебната соработка и да се добие поддршка во заедничките напори кон спречување на криминалните мрежи на трговија со луѓе и криумчарење мигранти.

[86] Игнатов, Владимир (2017). *Полициска соработка во кривичните предмети помеѓу Македонија и ЕУ.* Masters thesis, University of Goce Delcev Stip.
[87] Заткоска Цветанка и др. (2016). *Проценка на закани од сериозен и организиран криминал*. Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, Биро за Јавна безбедност, Скопје. Р. Македонија.

Овој тренд на соработка, односно доставувањето на барања за оперативни информации од страна на Европол кон МВР е во пораст низ годините. Така, во 2014 година се доставени вкупно 128 барања, во 2015 вкупно 196 и во 2016 година вкупно 226 барања.[88] Јасна слика за порастот на барањата од Европол кон МВР може да добиеме преку следниов графички приказ:




Слика 20. *Доставени барања од Европол кон МВР по години*

Разгледувајќи по години, повторно разменетите информации се однесуваат за кривични дела кои најмногу се поврзани со илегална трговија со дрога и оружје, илегална миграција и трговија со луѓе, финансиски криминал, криминал со моторни возила, насилен криминал и крвни деликти.

Од друга страна пак, различен е трендот на доставени барања за оперативни информации од МВР кон Европол. Во 2013 година доставени се вкупно 27 барања до Европол од кои 17 се однесуваат на недозволена трговија со дрога, 2 се однесуваат на трговија со луѓе и илегална миграција, 3 се поврзани со насилен криминал, а останатите 5 со финансиски криминал. Графички прикажано е следно:

---

[88] Игнатов, Владимир (2017). *Полициска соработка во кривичните предмети помеѓу Македонија и ЕУ.* Masters thesis, University of Goce Delcev Stip.




Слика 21. *Доставени барања од МВР кон Европол*

Дополнително, трендот на доставени барања во наредните години, драстично опаѓа, така што во 2014 година доставени се само 6 барања, во 2015 се вкупно 5, за да во 2016 година барањата кон Европол бидат во пораст, на вкупно 20.[89]




Слика 22. *Доставени барања од МВР до Европол по години*

[89] Игнатов, Владимир (2017). *Полициска соработка во кривичните предмети помеѓу Македонија и ЕУ.* Masters thesis, University of Goce Delcev Stip.

Согледувајќи ги осцилациите на графиконот веднаш може да се запрашаме зошто во 2014 и 2015 година има толку мал број на доставени податоци од МВР кон Европол? Размислувајќи по ова прашање не може а да не се наметне дилемата дали политичката криза која потоеше во текот на 2014 и 2015 година, особено избивањето на аферата со прислушкување, придонела кон ваквиот тренд на размена на податоци. Политичката криза правопропорционално влијае врз ослабнувањето на капацитетите на полициските структури за соработка со Европол, а тоа ја наметнува и дилемата во однос на довербата на европските институци кон државните структури во целост.

Оваа појава е карактеристична до месец јуни 2015 година со измените на Законот за азил и привремена заштита кога криминалните групи и поединци престануваат да бидат активни. Активностите на криминалните групи повторно започнуваат со воведување на селективниот пристап на пропуштање на мигрантите, при што на влез во Република Македонија се пропуштаат само мигранти кои се категоризираат како бегалци и потекнуваат од воените подрачја на Блискиот Исток (Ирак, Сирија и Авганистан), додека на другите националности кои се третираат како економски мигранти им е забранет влез.[90]

Во однос на размената на информации преку Европската комуникациска мрежа SIENA, на глобално ниво статистиката покажува дека во 2016 се добиени околу 12.000 пораки, што е зголемување за 34% во однос на 2015 година. Содржината на оперативните пораки за повеќе од 17 400 се однесуваат на осомничени за криумчарење на мигранти, што понатаму е од помош да се отпочнат повеќе од 2000 билатерални и мултилатерални случаи, Во истата година се поведени 490 истраги за измама за идентитет, област која добива посебно внимание во 2016 година и која се очекува дополнително да ја обликува идната работа на ЕМСЦ[91].

---

[90] Заткоска Цветанка и др. (2016). *Проценка на закани од сериозен и организиран криминал*. Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, Биро за Јавна безбедност, Скопје. Р. Македонија.
[91] Игнатов, Владимир (2017). *Полициска соработка во кривичните предмети помеѓу Македонија и ЕУ*. Masters thesis, University of Goce Delcev Stip.

### 4.5.2. Сигурна размена на податоци меѓу државите и Европол

Во Јули, 2009 година, Европол развива компјутерска апликација за сигурна размена на информации SIENA, која има за цел да ја олесни размената на оперативни и стратешки информации поврзани со криминалот помеѓу државите членки, Европол и неговите партнери. Нејзината постојана надоградба има за цел да ги заштити личните податоци и безбедноста на доверливите инормации, при тоа применувајќи ги правилата за заштита утврдени на глобално ниво. SIENA[92] може да се гледа и како алатка за сигурна размена на информации, бидејќи во суштина претставува систем кој овозможува брза, сигурна и лесна трансмисија на информации и нивно процесуирање, ажурирање.

Во почетокот нејзината функција била олеснување на комуникацијата помеѓу одделенијата на Европол и бироата за врски само на државите членки на ЕУ и Европол. Денес истата се користи и од држави кои не се членки на ЕУ, а со кои Европол има склучено оперативни и стратешки договори за соработка, како што е случајот на остварена соработка со Република Македонија.

Законската основа за поврзување на МВР со SIENA е создадена преку потпишување на Меморандум, по кој следува и билатерален договор за поврзување на компјутерски мрежи, стапен во сила на 01.05.2012 година.[93]

Со воспоставувањето на SIENA комуникациската врска во октомври, 2013 година помеѓу Европол и Националната контакт точка на Европол во Република Македонија, за која цел е спроведена и обука за користење на апликацијата од страна на корисниците, овозможена е директна размена на информации на Република Македонија со сите држави членки на ЕУ и трите партнери за соработка со Европол, како и со различни оддели во Европол. Со цел усовршување на услугите од апликацијата достапни во Република Македонија, во 2014 година е извршена акредитација на телекомуникациската мрежа за размена на информации и подигање на степенот на доверливост при размена на информации преку апликацијата која се спроведе во Европол, како и во сите трети земји и

---

[92] Secure Information Exchange Network Application – Апликација за сигурна размена на информации.

[93] Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, SIENA-сигурна размена на информација, достапно на: https://mvr.gov.mk/vest/52

меѓународни субјекти кои со Европол соработуваат врз основа на оперативни договори за соработка.

Како што е случај и со другите земји, преку кореспонденцијата меѓу нашата држава и европската полициска служба континуирано се координираат барањата и информациите поврзани со различни области на криминал, усогласени со мандатот на Европол. Одделението за Европол при МВР, а во насока на редовно известување за активностите кои се преземаат од органите надлежни за спроведување на законот во Република Македонија доставува и информации за реализирани заплени на дрога, оружје и криумчарење на мигранти.

# 5. СПРЕЧУВАЊЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

## 5.1. Меѓународни правни инструменти за борба против трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти

На меѓународно ниво, Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, усвоена од резолуцијата 55/25 на Генералното собрание на ОН, е основен правен инструмент кој се користи за борба против транснационалниот организиран криминал. Конвенцијата е дополнета со три протоколи, од кои секоја се фокусира на конкретни видови на организиран криминал и тоа се: Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца; Протоколот против криумчарење мигранти по копно, море и воздух; и Протоколот против недозволено производство и трговија со огнено оружје, нивни делови и компоненти и муниција.

## 5.2. Меѓународни одговори на трговијата со луѓе и криумчарење мигранти

На меѓународно ниво, Обединетите нации прават сериозни напори во креирање на основа и рамка за борба против организираниот криминал во кој спаѓаат и криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе. Со таа цел, Генералното собрание на Обединетите нации, со резулицијата 55/25, на 15 ноември, 2000 година ја усвојува *Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал,*[94] која е клучна рамка за сите земји членки и оние кои се стремат да станат во националните напори за борба против овие појави. Конвенцијата е потпишана од земјите-членки на Политичката конференција одржана во Палермо, Италија во Декември 2000 година, а истата стапува на сила на 29 септември 2003 година.

Конвенцијата претставува голем исчекор кон напред во борбата против транснационалниот организиран криминал, за сите земји потписнички но и за светот воопшто. Таа го означува признавањето од страна на земјите-членки на постоењето, опасноста и сериозноста на проблемите што ги поставува, како и потребата да се поттикне

---

[94] Convention against Transnational Organized Crime, United Nations, Adopted by the UN General Assembly: 15 November 2000, by resolution 55/25, Entry into force**:** 29 September 2003, in accordance with article 38 2000.

и зајакне блиската меѓународна соработка во справување со тие проблеми. Државите кои го ратификуваат овој инструмент се обврзуваат да преземат серија мерки против транснационалниот организиран криминал, вклучувајќи и креирање или унапредување на домашното законодавство во насока на сузбивање на кривичните дела на национално ниво. Некои од кривичните дела претставуваат учество во организирана криминална група, перење пари, корупција и опструкција на правдата, додека други се насочени кон органзизирањето во група заради транспорт на луѓе, криумчарење мигранти и трговија со лица. Со усвојување на одредбите од конвенцијата, земјите усвојуваат нови и убедливи рамки за екстрадиција, заемна правна помош и соработка при спроведување на законот како и промоција на обука и техничка помош за изградба или надградба на потребниот капацитет на националните власти.

По стапувањето на сила, а произлезено од потребите на државите воопшто, Конвенцијата се надополнува со три протоколи, кои се насочени кон специфични области и манифестации на организиран криминал:

- Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жените и децата[95];
- Протоколот против криумчарење мигранти по копно, море и воздух; и
- Протоколот против недозволено производство и трговија со огнено оружје, нивни делови и компоненти и муниција.

Земјите потписнички мора да станат членки на самата Конвенција и да ја имплементираат во своето национално законодавство, пред да можат да станат членки на кој било од Протоколите.

Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жените и децата[96], беше усвоен со резолуцијата 55/25 на Генералното собрание. Таа влезе во сила на 25 декември 2003 година. Ова е првиот глобален правно обврзувачки инструмент

---

[95] United Nations Treaty Collections, b *Protocol against the smuggling of migrants by land, sea and air, supplementing the United Nations convention against transnational organized crime*. New York, 15 November 2000, Entry into force 28 January 2004, Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, especially Women and Children, United Nations, Palermo, 2000.
[96] Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, especially Women and Children, United Nations, Palermo, 2000.

со договорена дефиниција за трговијата со луѓе. Намерата зад оваа дефиниција е да се олесни приближувањето во националните пристапи во однос на воспоставувањето на домашните кривични дела кои ќе ја поддржат ефикасната меѓународна соработка во истражувањето и гонењето на случаите на трговија со луѓе. Дополнителна цел на Протоколот е да ги заштити и да им помогне на жртвите на трговијата со луѓе со целосно почитување на нивните човекови права.

Протоколот против криумчарење на мигранти по копно, море и воздух, усвоен од резолуцијата 55/25 на Генералното собрание, стапи на сила на 28 јануари 2004 година. Основна цел е соочување со растечкиот проблем на организираните криминални групи кои шверцуваат емигранти, често со висок ризик за мигрантите и со голема добивка за сторителите. Големо достигнување на Протоколот беше дека за прв пат во рамки на глобален меѓународен инструмент беше развиена и договорена дефиниција за шверц на мигранти. Протоколот има за цел спречување и борба против криумчарењето на мигранти, како и промовирање на соработка меѓу државите-членки, притоа штитијќи ги правата на шверцувани мигранти и спречување на најлошите форми на нивна експлоатација, кои често го карактеризираат процесот на шверц.

Глобален лидер во борбата против недозволени дроги и меѓународниот криминал е УНОДЦ (Unated Nation Office on Drugs and Crime). Основан во 1997 година преку спојување на Програмата за контрола на дрога на Обединетите нации и Центарот за меѓународна превенција на криминал, УНОДЦ работи во сите региони во светот преку широка мрежа на теренски канцеларии[97]. УНОДЦ е овластен да им помага на земјите-членки во нивната борба против недозволени дроги, криминал и тероризам.

Како чувар на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал и нејзините дополнителни протоколи, главната цел на УНОДЦ во однос на борбата против шверцот со мигранти е да се промовира глобалното придржување кон Протоколот за криумчарење на мигранти и да им се помогне на државите во нивните напори за нејзино ефикасно спроведување. Воедно, со тоа се промовираат и основните цели

[97] United Nations Offic on Drugs and Crime, *About UNODC,* достапно на: https://www.unodc.org/unodc/en/about-unodc/index.html?ref=menutop

на протоколот и активностите за нивното достигнување. Со обезбедувањето на техничка помош за постигнување на овие цели на глобално ниво, одговорот на УНОДЦ е фокусиран на две работни области:

- Помош на државите во донесувањето на нивното законодавство во согласност со Протоколот, и
- Помош на државите во развојот на ефективен одговор на кривичната правда на шверцот на мигранти.

Моделниот закон против криумчарење мигранти беше развиен од УНОДЦ како одговор на барањето на Генералното собрание до Генералниот секретар за промовирање и помош на напорите на државите да станат членки и да ја имплементираат Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и Протоколи за истите.[98] Законот беше развиен особено за да им помогне на државите во спроведувањето на одредбите содржани во Протоколот против криумчарење мигранти по копно, море и воздух. УНОДЦ во соработка со Интерпол и Европол и со средства добиени од Европската Унија, елаборираше основни модули за обука за спречување и борба против шверцот на мигранти. Тоа го направи преку серија состаноци на експертска група (ЕГМ) на спроведувачи на законот и обвинители од целиот свет.

Исто така, УНОДЦ ги поддржува државите во Западна и Северна Африка во спроведувањето на Протоколот за криумчарење на мигранти и зајакнување на нивните системи за кривично право, преку својата Програма за влијанија. Покрај тоа, УНОДЦ одржува работилници за обука на обвинители за истрага и гонење на криумчарење мигранти. УНОДЦ изготвува бројни публикации во формана прирачници, биографии и сл со кои има намера да направи олеснување на земјите во борбата со справување на криумчарењето на мигранти, како и да презентира добри практики и валидни статистички податоци.

[98] United Nations Office on Drugs and Crime, UNODC, Model Law against Trafficking in Person, 2009.

### 5.3. Национална легислатива за справување со трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти

Република Македонија, од нејзиното осамостојување до денес има преземено многу значајни чекори во приближување кон меѓународните процедури и протоколи за постапување и борба со трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти. Основна законска алатка која ги инкриминира овие дела е Кривичниот законик на Р.М. Во рамките на Владата, постои Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе и илегална миграција кој на секои четири години изготвува Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. Она што е особено важно во секојдневното работење во сузбивањето на овие криминални дела се Стандардните оперативни процедури. Содржината и значењето на овие документи и механизми ќе бидат опишани понатаму во овој труд.

#### 5.3.1. Трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти во казненото законодавство на Република Македонија

Република Македонија, како транзит држава во срцето на Балканот, неопходно е да поседува силен правен инструмент со кој ќе се спротивстаи на организираниот криминал од овој вид. Кривичниот законик во своите одредби ги имплементира трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти како кривични дела, со сите нивни специфики и околности. Но, доколку се осврнеме наназад, тоа и не било секогаш случај. Во законодавствата од пред осамостојувањето на Републиката како и непосредно по чинот на осамостојување, не се предвидени казненеи мерки, односно не е препознаен криминалот трговија со луѓе како таков, особено не на начин на кој тоа е направено денес. Еволуирањето на инкриминациите во кривичниот законик придонесе Македонија да стане една од водечките држави во регионот која постигнува значаен успех во борбата против трговијата со луѓе. Според извештајот на Стејт Департментот[99], насочен кон достигнувањата на земјите во оваа област, Македонија се посочува како земја извор, транзит и крајна дестинација за лица жртви на трговија со луѓе. Според нив, Македонија заедно со Хрватска е една од ретките држави која успеала да го примени во пракса подобреното законодавство. Според овој извештај,

[99] BUREAU OF DEMOCRACY, HUMAN RIGHTS, AND LABOR, 2010 Country Reports on Human Rights Practices, Report, April 8, 2011, Human Rights Report:Macedonia, U.S Department of State.

Мекедонија се сместува во земјите од групата Тиер 2,[100] за која единствено се дадени насоки да продолжи со напорите за заштита на жртвите од трговија и да спроведува санкции за сторителите. Во однос на законската поставеност и нејзиното унапредување може да се каже дека со расплинувањето на членовите во законот и заострување на казните за сторителите, она што порано беше оскудно орудие и негативно оценето на меѓународната сцена, сега е трансформирано во детална, сестрана подлога на која сериозно може да се потпре практичното сузбивање на трговијата со луѓе.

### 5.4. Почетоци и развој на кривичното законодавство- краток осврт

Она што предизвикуваше негатино оценување во борбата со овој криминал од почетоците на осамостојувањето беше немоќта на државата кривично – правно да се справи со сторителите и лицата кои се вклучени. Во претходниот социјалистички систем, законодавството речиси и да не ги препознавало трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти како општествени проблеми. Со кодификацијата на казненото право во 1996 година, нашата држава направи обид за втмелување на дмократските принципи кои се основа за општественото уредување, но поголемиот број на нотирани законици беа релативно едноставна реплика на законодавството од претходното социјалистичко уредување[101]. Како што проблемот со трговија со луѓе се зголемуваше, а државата станува се позасегната, се повидлива беше потребата за менување на Кривичниот законик. Во 2002 година на правен е голем исчекор напред. Во обид да постигне повисоко ниво на ефикасност, Владата на Република Македонија донесе Одлука за формирање на Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија[102] Оваа комисија има задача да ја следи и анализира состојбата со трговијата со луѓе и илегалната миграција и да ги координира активностите на институциите, меѓународните и невладини организации кои се вклучени во решавањето на проблемите во оваа област. Со самото работење на членовите на комисијата се создадоа услови за инкриминирање на трговијата со луѓе како посебно кривично дело. Во 2002 година за прв пат во кривичниот законик, во чл. 418 може да се сретне генерално прифатена

[100] Trafficking in Person Report, US Department of State.
[101] Прв кривичен законик објавен во Службен весник на РМ 37/96 од 29 јули 1996 година.
[102] Службен Весник на Република Македонија, Скопје, Македонија „Службен весник на РМ“, бр. 18/2001. Достапно на http://www.slvesnik.com.mk/besplatni-izdanija.nspx.

дефиниција според која кривичното дело трговија со луѓе вклучува грабнување или насилно превземање на контролата на едно врз друго лице, како и користењето на измама, злоупотребата на положба и други начини на злоупотреба на состојбата на немоќ на жртвата. Ваквото поимање на кривичното дело е речиси неизменето и до денешен ден. Во првичното инкриминирање на трговијата со луѓе се прави разлика и помеѓу малолетник и дете, без при тоа јасно да се разграничат овие две категории. Овој недостаток подоцна се изменува со тоа што се утврдува дека секое лице кое е жртва на трговија со луѓе а е под 18 години ќе биде третирано како дете[103]. Со измените во 2004 година, надополнети се и начините на експлоатација на жртвата кои опфаќаат активирање на делото трговија со луѓе. Имено, воведени се порнографијата, склучувањето на присилните бракови, присилната фертилизација, незаконското посвојување и други слични односи, како дел од описот на кривичното дело трговија со луѓе. Дополнително, законот се осврнува и на правните лица како можни сторители на делото и предвидува казни по однос на истото.

Во 2004 година како надополнување на чл. 418 се додаваат и нови одредби кои се однесуваат на криумчарењето мигранти, како и организирањето на група и извршување на делата криумчарење мигранти и трговија со луѓе[104]. Во однос на криумчарењето мигранти, со овие законски измени казниво е и одземањето или уништувањето на лична карта, пасош или друга исправа со цел вршење на трговија со лицата воопшто. Но самото дело криумчарење мигранти како посебно кривично дело се издвојува со законските измени во 2008 година. Тогашната определба претставува основа за дефинирањето на кривичното дело криумчарење мигранти присутно и до денес.

### 5.3.3. Инкриминирањето на појавите во денешното законодавство

Во актуелниот кривичен законик трговијата со луѓе претставува “на сила или со сериозна закана или други форми на присилба, грабнување, измама, злоупотребување на сопствена положба или состојба на немоќ на друг, или со давање или примање на пари или друга корист за добивање согласност на лице кое има контрола над друго лице, врбување,

[103] Ариадне мрежа (Ariadne network against trafficking in human beings in South-Eastern and Eastern Europe Регионални упатства за идентификација на жртвите на трговијата со луѓе Правилник(прирачник) за Југоисточна и Источна Европа, Norvegian Ministry of Foreign Affairs, 2012.

[104] Службен Весник на Република Македонија, Скопје, Македонија, „Службен весник на РМ“, бр. 19/2004, достапно на: http://www.slvesnik.com.mk/besplatni-izdanija.nspx.

превезување, купување, продавање, засолнување или прифаќање на лица заради сексуална експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа, слугување, ропство или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело”[105]. И натаму се инкриминира порнографијата, склучувањето на присилните бракови, присилната фертилизација, незаконското посвојување и други слични односи, како дел од одредбите на кривичното дело трговија со луѓе

Во постоечкиот законик, присутна е и одредбата со која е определена можноста службено лице да биде сторител на трговија со луѓе, преку злоупотреба на својата должност[106]. Користењето на сексуални или други услуги од лицето за кое корисникот знаел или бил должен да знае, е уште едно проширување на инкриминацијата на делото. Имено, доколку лицето корисник на услуги свесно ги користи услугите на жртвата или посредува користење на нејзини услуги, ќе биде казнет со затворска казна од шест месеци до пет години. Исто така, согласноста на жртвата на трговија е ирелевантна во инкриминирањето на ова кривично дело.

Постоечката определба на делото криумчарење мигранти ова дело го дефинира како “со сила или со сериозна закана дека ќе нападне врз животот или телото, со грабнување, измама, од користољубие, со злоупотреба на својата службена положба или со искористување на немоќта на друг илегално пренесува мигранти преку државната граница, како и тој што прави, набавува или поседува лажна патна исправи со таква цел ” Покрај определените затворски казни за делото опишано на овој начин, актуелното законодавство предвидува и казна за лицето кое што врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа мигранти[107].

Со актуелниот Кривичен законик се прави обид за заштита на животот и здравјето на мигрантот. Така во склоп на кривичното дело криумчарење мигранти се вметнува одредбата за казнивост доколку “при вршење на делата од став 1 и 2 е загрозен животот или здравјето на мигрантот, или со мигрантот се постапува особено понижувачки или сурово,

---

[105] Влада на РМ. *Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија,* Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија, Скопје, 2006 година
[106] Кривичен законик на РМ, интегриран текст 2013
[107]Кривичен законик на РМ, интегриран текст 2013

или се спречува тој да ги користи правата што му припаѓаат според меѓународното право”. Сериозноста на државата во справување со криминалните дела, се согледува низ призма на висината на предвидените затворски казни. За кривичното дело трговија со луѓе како и уништување на лична документација поврзана во склоп на делото предвидува едниствено минимална казна од четири години, додека максималната казна е неодредена. Уште повеќе, оваа минимална казна е повисока доколку делото е сторено со малолетник, во кој случај сторителот се казнува со затвор најмалку осум години. Доколку пак делото е извршено од службено лице, минималната затворска казна е определена на десет години.

Кривичниот законик оди чекор напред кон приближување до меѓународното законодавство со инкриминирањето на организацијата при вршење на делата. Така, со додадвање на членот 418-в, предвидени се санкции за лицето што организира група, банда или друго здружение за вршење на кривични дела трговија со луѓе, криумчарење мигранти и трговија со дете. Санкционирано е и лицето кое ќе стане припадник на група, банда или друго здружение или на било кој начин ним им помага. Ценејќи дека припадниците на групата кои ќе го признаат делото, во исто време ќе ги откријат и останатите припадници на групата, законодавецот предвидува ослободување од казна доколку тоа се слчи во практиката. Оргнизирањето и групирањето заради извршување на наведените кривични дела не завршува само со лицата кои се директно вклучени и организирани меѓу себе. Во последниот став од чл. 418-в предвидена е затворска казна и за оној што повикува, поттикнува или поддржува извршување на кривичните дела трговија со луѓе, криумчарење мигранти и трговија со дете.

Во обид да се надминат првичните недостатоци, заедно со се поголемата потреба произлезена од пракса, законодавецот воведува нов член 418-г според кој е определена трговијата со дете како кривично дело. Имено, Кривичниот законик предвидува затворска казна во траење од најмалку осум години за лице “ што ќе подведе дете на вршење полови дејствија или ќе овозможи вршење полови дејствија со дете или врбува, превезува, пренесува, купува, продава или нуди за продавање, прибавува, обезбедува, засолнува или прифаќа дете заради експлоатација по пат на негово користење во сексуални активности за паричен или друг надоместок или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација,

незаконито посвојување или изнудување согласност како посредник да се посвои дете и недопуштено пресадување на делови од човеково тело”. Сериозноста на делото се зголемува доколку вршителот тоа го стори со “сила, сериозна закана, со доведување во заблуда или друга форма на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојба на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице”. Исто како и одредбите кои се однесуваат на трговијата со луѓе и криумчарење мигранти, и тука законодавецот предвидува санкционирање на лицето кое користи услуги од малолетното лице за кое знаел или бил должен да знае дека е тргувано или експлоатирано. Казни се пропишани и за службени лица кои злоупотребувајќи ја својата положба се соучесници во делото. Како што е случај и со трговијата со луѓе, согласноста на жртвата не угра улога во однос на санкционирањето на кривичното дело.

## 5.4. Стратегии и механизми за справување со трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти во Република Македонија

### 5.4.1. Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти 2017-2020 година

Владата на Република Македонија заедно со Националната комисија за борба против трговија  со луѓе и илиегална миграција, во декември, 2016 година ја објавија четвртата по ред Национална стратегија и акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција за периодот 2017 – 2020 година[108]. Документот е од особено значење во напорите за справување со наведените појави и претставува рефлексија на моменталната состојба во која се наоѓа нашата држава во тој процес. Со стратегијата се прикажува и едена визија и насоки за континуирано подобрување на координативните активности, унапредување на легислативната рамка и зголемена имплементација, како и понатамошно превентивно дејствување во борбата против трговијата со луѓе и илегалната миграција. Како стратешки документ, Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во својата содржина предвидува мерки и активности на националните институции кои своите напори ги насочуваат кон откривање и гонење на сторителите и подобрување на статусот на жртвите на трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија.

Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција е формирана со одлука на Владата во текот на 2001 година. Нејзини главни цели врз кои ги темелат активностите во последнице седумнаесет години се:

- Следење и анализирање на состојбите со трговија со луѓе и илегална миграција
- Координирање на активностите на надлежните институции

[108] Влада на РМ. *Национална стратегија за борба против тровија солуѓе и илегална миграција во Република Македонија за 2017-2020 година*. Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција

- Соработка со меѓународни невладини организации кои се вклучени во решавањето на проблемот од областа на трговија со луѓе[109].

Користејќи го интеринституционалниот тимски пристап во работењето, а имајќи ги во предвид наведените цели, Комисијата ја изработува Националната стратегија со единствена цел: "да поттикне зголемено разбирање за новите трендови и тенденции во оваа област на светско ниво, како и подобрување на координативните механизми за справување со оваа појава." Како клучна мисија на Националната стратегија се наведува обезбедувањето на стратегиски приоритети против трговијата со луѓе. Дополнително, во обид да се унапреди работата на надлежните институции, стратегијата има мисија да дизајнира општи и посебни задачи за надлежните институции, подеднакво на локално и национално ниво. Една од водечките идеи за изработка на Стратегијата е обезбедување на поквалитетни услуги на жртвите, како и унапредување и интензивирање на казнените мерки за справување со кривичните дела кои се поврзани со трговијата со луѓе и илегална миграција, покрај репресирање на самите дела како такви.

Основните поимања и дефиниции се јасно дефинирани на почетокот на самата стратегија. Откако јасни се дефинирани целите и мисијата на делување, определени се и водечките принципи на Стратегијата, рефлектирани преку стратегиските области на делување. Така може да се издвојат неколку основни стратегиски области, дефинирани согласно основните компоненти на активности за борба против трговија со луѓе и илегална миграција :

- Владина одговорност;
- Учество на граѓанскиот сектор;
- Треман на жртвите заснован на човекови права;
- Интердисциплинарна координација и партиципативен пристап;
- Одржливост.

[109] Влада на Република Македонија. *Национална стратегија за борба против тровија солуѓе и илегална миграција во Република Македонија за 2017-2020 година*. Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, достапно на: http://nacionalnakomisija.gov.mk/mk/%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D1%81/

Точното определување на активности, согласно стратегиските области ќе придонесат во унапредување на поддржувачката рамка, превенцијата, поддршката и заштитата на жртвите и мигрантите и целокупните активности околу предистражната и кривичната постапка на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти.

Во склоп на стратегијата изработен е национален акциски план кој има единствена цел да ја поттикне операционализацијата на поставените цели во Стратегијата, преку обезбедување на поширока политичка и финансиска поддршка за имплементација на предвидените активности. Националниот акциски план се состои од пет клучни области:

- Поддржувачка рамка;
- Превенција;
- Идентификација и упатување;
- Директна помош, заштита, интеграција и доброволно враќање на жртвите/мигрантите;
- Ефикасно откривање и гонење на сторителите на наведените кривични дела.[110]

За секоја од овие области предвидени се конкретни чекори, предводени од точно определени актери, во конкретна зададена временска рамка. Покрај тоа, со акцискиот план воедно се дефинирани и целите и приоритетите, како и резултатите што треба да бидат постигнати и индикаторите за мерење на успешната реализација на активностите. Според авторите на Стратегијата и акцискиот план, со сето горенаведено се има намера да се зголеми довербата на граѓаните во начелото на владеење на правото, како и нивната доверба во надлежните институции, понатаму подобрување на состојбата со човековите права и слободи и подигнување на свеста за состојбата со трговија со луѓе и илегална миграција.

Она што е од понов датум, а релевантно во приказот на напорите на Република Македонија во справувањето со појавата на трговија со луѓе е Националната стратегија за

[110] Влада на Република Македонија. *Национална стратегија за борба против тровија солуѓе и илегална миграција во Република Македонија за 2017-2020 година*. Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, достапно на: http://nacionalnakomisija.gov.mk/mk/%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D1%81/

борба против трговија со луѓе за периодот од 2016-2020 година[111]. Во овој дел ќе ги наведеме стратегиските цели кои се предвидени, како показатели на трендот кон кој нашата држава има предвидено да се движи во наредниве години, со крајна цел сузбивање на трговијата со луѓе:

- Зајакнување на капацитетите на координативните структури
- Зголемување на човечките и техничките капацитети на МВР во борбата против трговијата со луѓе (ТЛ) и илегалната миграција (ИМ)
- Јакнење на капацитетите на Националниот механизам за упатување (НМУ) и Центрите за социјална работа (ЦСР)
- Финансиска поддршка од страна на Владата на РМ на НВО што работат во делот на превенцијата, помошта, поддршката и заштитата на жртвите на трговија со луѓе (ЖТЛ).
- Целосно оперативно функционирање на Центарот за жртви од трговија со луѓе (ЦЖТЛ)
- Подобрување на капацитетите и условите во Прифатниот центар за странци
- Зајакнување на капацитетите на локалните комисии;
- Зајакнување на координативната улога на Националната канцеларија и подобрена транспарентност во спроведувањето на активностите
- Усогласување на националната со меѓународната правна рамка
- Воспоставување и зајакнување на меѓународната соработка и координација помеѓу релевантните владини институции и ЗГ во обласна на ТЛ и ИМ
- Унапредување на системот за управување со информации
- Истражување на состојбите со ТЛ и ИМ, утврдување на карактеристиките и трендовите на феноменот на трговија со луѓе во национални рамки, а особено на трговијата со деца за целите на сексуална и трудова експлоатација,

[111]Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, Влада на Република Македонија, достапно на: http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/Nacionalna-strategija-i-akciski-plan-za-borba-protiv-trgovija-so-lugje.pdf

присилни бракови и присилно питачење, сè со цел мониторинг и евалуација на националните политики

- Утврдување на ризици и ризични групи за појава на ТЛ, трговија со деца и ИМ во РМ
- Идентификација на појавните облици/трендови на ТЛ/деца, ИМ на национално ниво
- Зајакнување на капацитетите на надлежните државни институции и НВО во делот на превенирање на ТЛ/ трговија со деца
- Подигање на јавната свест за ТЛ/деца и ИМ, појавни облици и ризици
- Зголемување на свесноста кај идентификуваните ранливи категории лица, за ТЛ, појавни облици и ризици
- Унапредување и наоѓање на најефикасните механизми за намалување на причините/ранливоста за појава на ТЛ/деца
- Зголемување на јавната свест за ТЛ со цел експлоатација, за последиците по жртвата, како и за казнувањето на корисниците на услуги од ЖТЛ
- Усовршување и примена на проактивни методи во откривањето и идентификацијата на потенцијални и ЖТЛ, со посебен осврт на деца ЖТЛ
- Активно вклучување на повеќе владини институции/агенции и ЗГ во откривањето и идентификацијата на ЖТЛ
- Проактивен пристап во откривањето потенцијални и ЖТЛ помеѓу ранливите категории мигранти/бегалци.
- Зголемување на капацитетите на вработените во МНР во делот на идентификација на потенцијални ЖТЛ при аплицирање за виза за влез во РМ
- Обезбедување заштита и помош на ЖТЛ и илегални мигранти во согласност со меѓународните стандарди Интегрирање на ЖТЛ/ранливите категории мигранти/баратели на азил во социјална средина на кои им е одобрен привремен престој во РМ
- Формирање на национална работна група (Task force)
- Спроведување проактивни криминалистички истраги против сите инволвирани лица сторители на кривични дела на ТЛ, истовремено и

спроведување финансиски истраги за утврдување на криминалната добивка од КД

- Зголемување на прекуграничната полициска соработка во областа на ТЛ и КМ
- Зајакнување на капацитетите на ЈО и судовите во водењето на кривичните пријави со цел ефикасно гонење на сторителите на ТЛ
- Заштита на правата на ранливите категории сведоци/ жртвите во кривичната постапка согласно со чл.54 и 55 од ЗКП
- Примена на начелото за неказнување на ЖТЛ во кривичните пријави.[112]

Во изминатите три години мигрантите и барателите на азил кои го транзитираат регионот, обидувајќи се да стигнат до Западна Европа, станаа исклучително ранливи на трговија со луѓе. Бројот на жртви на трговија со луѓе кои произлегуват од илегалната миграција во земјата не е дефиниран, иако се проценува дека е доста висок. Жртвите, не сакаат да излезат пред полиција, секако доколку имаат можност и прилика, бидејќи покрај стравот од сторителот, тие чувствуваат дополнителен страв дека ќе бидат вратени во матичната земја како илегални мигранти. Со зголемувањето на бројот на малолетници без придружба во мигрантската криза, постојат стравувања дека голем дел од нив станувaат ранливи на трговија со луѓе, односно потенцијални жртви.

Во рамките на Европол, преку безбедносната размена на податоци SIENA во 2017 година се разменети вкупно 4749 пораки или информации кои придонеле за анализа на податоци поврзани со трговија со луѓе, додека вкупно 1063 нови случаи се иницирани. Ценејќи ги овие бројки, доколку претпоставиме дека само 1% од илегалните мигранти станале жртви на трговија со луѓе и во тој случај ќе добиеме поразителна статистика на лица кои се заробени во овој вид на криминал. Сепак, во недостиг на официјални статистики,

[112] Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, Влада на Република Македонија, достапно на: http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/Nacionalna-strategija-i-akciski-plan-za-borba-protiv-trgovija-so-lugje.pdf

размислувањето за трендот и  појавата на трговија со луѓе останува да се движи помеѓу нашите претпоставки и субјективни проценки.

### 5.4.2. Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе

Во однос на механизмите за борба против трговија со луѓе, Република Македонија има воспоставено единствен *Национален механизам* за упатување на жртви на трговија со луѓе, основан во 2005 година, кој работи како дел од Министерството за труд и социјална политика на РМ, а е поддржано од мисијата на ОБСЕ во Скопје[113]. Основна улога на овој механизам е да обезбеди соодветна идентификација, помош и заштита на жртвите на трговија со луѓе, притоа применувајќи ги меѓународните стандарди за човекови права кои ја покриваат оваа проблематика.

Освен координативната канцеларија, во овој механизам се вклучени и професионалци од Центрите за социјална работа низ градовите во Република Македонија, како и еден претставник од Заводот за социјални дејности. Посебно обучените професионалци во своето работење како дел од тимот на Националниот механизам, остваруваат тесна соработка со одговорните лица од МВР, како и претставници од здруженија на граѓани и други засегнати страни во процесот на упатување и помош на жртвите. На тој начин се овозможува обезбедување на услуги на упатување без попатни недостатоци.

Една од алатките која е од особено значење во борбата против трговијата со луѓе се *стандардните оперативни процедури (СОП)* за постапување донесени од страна на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, во декември, 2010 година. Со стандардните оперативни процедури се уредени постапките, процедурите и начинот на обезбедување помош и заштита на жртвите. Креаторите на СОП имаат намера да прикажат еден институционален сеопфатен приод кој функционира во интерес на жртвата, а е базиран врз основните човекови права. Мерките на СОП за постапување со жртви на трговија со луѓе опфаќаат седум области и тоа:

- Идентификација на жртвите;
- Правен статус на жртвите;

---

[113] Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе, Министерство за труд и социјална работа, Република Македонија, достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/nacionalen-mehanizam-za-upatuvanje-na-zrtvi-na-trgovija-so-lugje.nspx.

- Помош на жртвите на трговија со луѓе како пред враќањето така и во нивна реинтеграција во местото на дестинација;
- Враќање на жртвите;
- Помош и реинтеграција на жртвите по враќањето во местото на потекло;
- Кривична постапка во која се вклучени жртвите на трговија со луѓе како сведоци;
- Надомест на штета[114]

Во однос на криучарењото мигранти, Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, затекната од состојбите со мигрантската криза во 2015 година, донесува *стандардни оперативни процедури* за постапување со непридружувани деца-странци. Покрај дефинирањео на надлежностите на мултисекторскиот пристап и унифицирање на постапувањето и негова стандардизација, овие СОП имаат за цел да ги заштитат најдобрите интереси на детето. Во процедурите се опфатени начелата од домашната правна легислатива и меѓународните препораки. На тој начин, диференцирани се шест процедури групирани во[115]:

1. Идентификација и упатување;
2. Згрижување и првична помош;
3. Регулирање на статусот;
4. Семејно обединување-враќање;
5. Локална интеграција-долгорочна помош
6. Кривична постапка

Секоја од процедурите содржи насоки за интердисциплинарните тимови во однос на дефинирање на надлежноста за постапување во одредена фаза од постапката. Со унифицирањето и стандардизирањето на пристапот се овозможува заштита на жртвите од трговија со луѓе и се демонтрираат напорите за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти, а при тоа имајќи ја во предвид заштитата на основните човекови права и слободи на жртвите.

---

[114]Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Влада на Република Македонија, достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/operativni.pdf

[115] Влада на РМ. *Стандардни оперативни процедури за постапување со непридружувани деца-странци.* Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илеална миграција, 2015

## 6. ЗАКЛУЧОК

Можеби ниту една друга пресвртница во човештвото, а која бара обезбедување на човековите права и достоинството не се истакнува толку многу како Универзалната декларација за човекови права. Декларацијата е воведена од Генералното собрание на Обединетите нации во декември 1948 година како "заеднички стандард на достигнувања за сите народи и за сите нации". Тоа е првиот меѓународно признат инструмент за артикулирање на основните човекови права кои треба да бидат универзално заштитени. Декларацијата ја содржи изјавата:

> "Никој не смее да се држи во ропство: забрането е ропството и трговијата со робови во сите нивни форми".

И покрај важноста на оваа изјава во нашата Универзална декларација, кршењата на човековите права се извршуваат секојдневно, вклучувајќи ја и експлоатацијата на оние кои биле принудени да работат во услови слични на ропство во повеќето земји во светот. Додека практиката на едно човечко суштество да воведе во експлоатирање друго, како во ситуацијата со трговијата со луѓе, не е нова, социјалните и економските промени во изминатите 50 години придонесуваат за алармантниот раст во обемот на појавата кој се случува денес. Некои факторите кои придонесуваат за експанзија на појавата трговија со луѓе вклучуваат раст на населението (особено во регионите во светот каде што има ограничени ресурси за поддршка на таквата експанзија на населението), глобализацијата (вклучувајќи го и притисокот во понапредните пазарни економии за евтина работна сила и стоки), раширената корупција во владите и спроведувањето на законот во рамките на локалните заедници и државите ширум светот. Оние кои се најзагрозени да бидат жртви на трговија со луѓе се оние кои живеат во региони кои се карактеризираат со екстремна сиромаштија, големи природни катастрофи, војни и други социјални немири кои влијаат врз личното чувтсво на безбедност и проекцијата за подобра иднина. Проблемот со трговијата со луѓе има зголемено внимание од медиумите и од органите за спроведување на законот во последниве години, но сепак тоа е недоволно. Потребно е да се зголеми разбирањето на трговијата со луѓе во насока на решавањето на овој глобален проблем, како и јакнење на оние со искуство во полето со цел да ја предочат својата експертиза достапна за другите.

Трговијата со луѓе мора да се смета за најголемо злосторство против човештвото во свет што се смета дека има најнапредна технолошка цивилизација. Криминалното дело трговија со луѓе мора да се смета за форма на ропство на дваесет и првиот век. Ропството е едноставно купување и продавање на луѓе за економска добивка, без никаква грижа за лицето што се продава. Трговијата со луѓе денес ги вклучува регрутирањето, транспортот држењето на поединци со незаконски средства, што може да вклучува физичко, психолошко и сексуално насилство, закани и уцена. На жртвите на трговијата со луѓе им се одзема слободата од страна на трговецот со луѓе и истата станува предмет на уцена. Шверцерот има намера да ја задржи жртвата во една форма на современо ропство. Во овој поглед модерната трговија со луѓе е слична на традиционалното ропство. И традиционалното ропство и трговијата со луѓе ја одземаат слободата од нивните жртви, така што заробената жртва е целосно зависна од милоста на трговецот.

Трговијата со луѓе се смета за сериозен проблем ширум светот. Бидејќи е тешко да се идентификуваат жртвите на трговија со луѓе, вистинскиот број на жртви е недоволно познат. Жртвите на трговија со луѓе нема да го откријат својот статус дури и кога ќе бидат хоспитализирани. Едно од главните прашања во трговијата со луѓе е недостатокот на разбирање во врска со сериозноста и големината на проблемот. Се додека јавните и владините агенции не се свесни за сериозноста на проблемот, се поизвесни се тешкотиите во обидите на контролирање и сузбивање на оваа криминална појава.

Покрај разбирањето на трговијата со луѓе како повреда на човековите права и форма на насилство во вид на модерно ропство зановано на закани, уцени и примена на сила, постои и разбирање на појавата поврзано со прашањето на миграцијата. Несомнено, илегалната миграција е плодна почва за трговците со луѓе, особено за жените и непридружуваните деца кои барајќи излез и подобра иднина од местото кај што доаѓаат, завршуваат во рацете на трговците принудени на работа, брак, сексуална експлоатација или сето тоа истовремено. Бидејќи доминантно жртвите на трговија со луѓе на нашите простори се жени, а воедно и доминантна форма на експлоатација е сексуалната, за многумина трговијата со луѓе е форма на проституција и форма на експлоатација заради финансиска корист пред се од продавање и нудење на сексуални услуги.

Во овој труд сфаќањето за трговијата на луѓе се темели на организиран криминал. Ова сфаќање тргнува од тоа дека трговијата со луѓе е вид на криминална дејност на организирана криминална група, како што е трговијата со дрога или оружје, која ги загрозува државните интереси и бара државни ресурси кои се потребни за сузбивање на оваа појава. Сите актери вклучени во борбата против овој феномен, манифестирано го гледаат како кршење на човековите права и загрозување на правните и политички принципи на современото општество, но, латентно, секој од нив застапува свои идејни (идеолошки) интереси.

Осврнувајќи се на теоретскиот дел на трудот како и на статистичките податоци кои ги наведовме, трговијата со луѓе е инкриминирана во законодавството на Република Македонија, воедно и државата вложува огромни напори во сузбивање на овој вид на криминал. Постоењето на Националната стратегија за борба против трговија со луѓе за 2016-2020 година, Националната агенција во чии рамки функционира Националниот известувач и Националниот механизам за упатување на жртви, се само дел од показателите за сериозните напори кои Република Македонија ги прави во сузбивањето на овој организиран криминал. Предвидените стратешки цели на државата предочени преку Националната стратегија за борба против трговија со луѓе јасно покажува дека Република Македонија тековно ги унапредува своите капацитети за борба но и ги јакне своите заложби кон сузбивање на овој вид на криминал. Од особена важност е и соработката на полициските служби при МВР со меѓународните и Европските полициски служби. Размената на податоци помеѓу Европол и полициските сили на РМ, како и заедничките акции во борба против организираниот криминал се препознаваат како силна закана за трговците на луѓе.

Мигрантската криза која ја затекна Република Македонија во текот на 2014 и 2015 година ги предизвика капацитетите на државата да се справи со напливот на илегални мигранти, како и со луѓето кои поради миграцијата стануваат жртви на трговија со луѓе. Балканската рута станува една од подостапните и повеќе посакувани рути за мигрантите кои го преминуваат медитеранот во мошне нехумани и животно-загрозувачки услови и успеваат да стигнат до брегот на Грција. Додека балканската рута е отворена и пружана е сета достапна помош на мигрантите кои се регистриратт на граничните ремини, обезбедено е безбедно преминување на границите на стотици илјади луѓе кои можноста за подобар

живот ја бараат цо Централна и Западна Европа. Но, со затворањето на границите, патувањето по легален пат е оневозможено. Тоа отвора широка можност за криумчарите на мигранти да го прошират својот бизнис. Нејасна е целосната бројка на лица криумчарени преку територијата на Република Македонија, но од податоците кои може да се добијат од Европол за спроведени заеднички акции на ова подрачје, огромна е бројката на идентификуваните лица кои се криумчарени преку организираните мержи долж Балканската рута.

Овозможување на лицата да останат во државата каде немаат обезбеден престој или не се постојани жители или државјани без да ги исполнува условите за легален престој, односно овозможувањето на илегалната миграција и криумчарењето претставува високо профитабилен бизнис, кој има тенденција на пораст. Иако мигрантите во денешно време се далеку од добредојдени во земјите од Европа, сеуште сме сведоци на случаи на криумчарење кои полицијата ги открива на територија на Р. Македонија. Ако на нив ги доставиме и сивите бројки, односно оние кои не се откриени, веднаш станува јасно дека мигрантската рута низ Македонија е атрактивна и отворена за сите оние жртви на бомбардирањето во Алепо, но и од многу други дестинации од светот.

Потребата за соработка произлегува од зајакнување на борбата со организираниот меѓународен криминал преку добивање на поддршка на сите држави членки на ЕУ и вклучување на Република Македонија кон европските служби. Договорот предвидува соработка поврзана со сите области на криминал под надлежност на Европол, како и на сите инволвирани кривични дела.

Во текот на остварената соработка помеѓу МВР и Европол значаен момент е и донесувањето на два стратешки документи и тоа: Меморандумот за разбирање и воспоставување на безбедна комуникациска врска и Билатералниот договор меѓу РМ и Европол за поврзување на компјутерски мрежи. Воедно, можноста за Република Македонија да разменува информации преку безбедносната мрежа за размена на Европол – SIENA сериозно ја позиционира Република Македонија во земјите кои значајно влијаат во борбата против организираниот криминал. Во теоретскиот дел на овој труд пошироко се опишани начините на соработка и размената на податоци.

Доколку го сумираме изнесеното од теоретскиот дел на трудот може јасно да имплицираме дека преку засебните делови се приближивме кон докажување на посебните хипотези поставени во трудот. Имено, од третата глава е целосно јасно дека Република Македонија има соодветна правна регулатива која е во функција на успешно спречување и сузбивање на трговијата со луѓе. Опширното презентирање на криминалните области на трговија со луѓе и криумчарење на мигранти и нивното поимање како транснационален криминал со сите околни карактеристики, јасно имплицира дека во нивното сузбивање од клучна важност е ефективната меѓународна сработка. Надлежностите на Европол и силната заложба во борбата со организираниот криминал, а вклучително и неговата заложба кон вклучување на Република Македонија во заедничка акција кон сузбивање на наведените криминални области јасно придонесува во мерките што се спроведуваат од страна на надлежните национални власти.

Податоцито наведени во трудот само ги потврдуваат наведените посебни хипотези. Доколку подетално ги разгледаме бројките на разменети податоци преку безбедносниот систем SIENA помеѓу Република Македонија и Европол, може да заклучиме за бројот на откриени или проследени случаи на организиран криминал од областите кои се тема на овој труд. Дополнително, со проследените информации поттикнати се и бројни акции каде се уапсени, откриени и запленети значителен број на криумчарени мигранти, криумчари, трговци и средства со кои се извршувале криминалните дела. Но, доколку ваквата размена не би постоела, се поставува прашањето колку нашата држава би била успешна во борбата против трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти, особено во периодот на мигрантската криза од 2015 година? Оттука може слободно да потврдиме дека преку размена на информации, изготвување на разузнавачки анализи, експертизи и обука, може да се влијае кон намалување на трговијата со луѓе и криумчарење мигранти. Од истите причини, а воедно и од статистичките показатели, сосема е јасно дека натамошното унапредување на соработката ќе ја унапреди и националната борба во сузбивањето на организираниот криминал. Сепак, исклучително е значајна интензивната соработка на билатерално и на мултилатерално ниво, заедно со усогласување и на националните политики и легислативи како би се пресретнале меѓународните конвенции, протоколи и секаков вид на заложби и успешни практики во борбата со трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти.

Успешноста во полициските и пограничните служби на државата во борбата против организираниот криминал се согледува и преку ангажирање на заеднички тимови кои ефикасно делуваат во рамките на самата држава но и на меѓународно ниво. Статистичките податоци покажуваат дека доколку ваквите тимови не биле спроведувани во текот на мигрантската криза, животите на илјадници луѓе не би биле спасени а воедно и голем број на криминални мрежи и поединци не би биле сузбиени и уапсени. Бројките покажуваат дека во спроведените акции, меѓу кои учесници се и националните служби за заштита на РМ, припадниците на полициските сили и пограничните служби и тоа како знаат и умеат координирано да соработуваат и да делуваат, при тоа делејќи заедничка подготвеност и стручност.

Покажувајќи јасни показатели кои ги докажуваат посебните хипотези, може во целост да заклучиме дека намалувањето на жртвите на трговија со луѓе и криумчарење мигранти е под влијание на унапредувањето и зајакнувањето на соработката на Европол со земјите од Западен Балкан. Воедно може да се заклучи дека Република Македонија има изградено добра соработка со Европските полициски служби, покажува добра подготвеноост на оперативните сили, има намера да ги јакне националните капацитети во борбата со трговијата со луѓе и криумчарењето мигранте, но паралелно и да ја унапредува и надградува соработката со Европол во областите од интерес.

# 7. Библиографија

## 7.1. Теоретски извори / книги


1. Anja Radjenovic, Sofija Voronova. (2016). *the Gender Dimension of Human Trafficking*, European Parliamentary Research Service.
2. European Commission. *EU Operations in the Mediteranean Sea*, October 2016.
3. European Union Serious and Organised Crime Threat Assessment 2017 (SOCTA), 2017, EUROPOL.
4. Europol & Interpol. *Migrant smuggling networks: Joint Europol-INTERPOl report*, May 2016.
5. EUROPOL report, SOCTA, Serious and Organized crime Threat Assessment, Crime in the age of technology, Euroepan Union, The Hague, The Netherlands, 2017.
6. EUROPOL report, SOCTA, Serious and Organized crime Threat Assessment, People as Commodity-Migrant Smuggling, Euroepan Union, The Hague, The Netherlands, 2017.
7. EUROPOL. *Migrant smuggling in EU February, 2017*
8. Marry C. Burke, *Human Trafficking: Interdisciplinary Perspectives (Criminology and Justice Studies)*, Routledge, 2013.
9. Mavrellis Channing. *The bussines of transnational crime*, Global Financial Integrity, Washington D.C, USA, 2017.
10. Migrant Smuggling Networks: Joint Europol-INTERPOl report, May 2016.
11. Monitoring a survailance report: Making a difference for refugee children in Europe, iss. 1. August, 2016.
12. Parker, St.,Jonathan Sk. *Pimps Down: A Prosecutorial Perspective on Domestic Sex Trafficking*, University of Memphis Law Review; summer 2013, Vol. 43 Issue 4.
13. Rob Wainwright, Director od EUROPOL, Europol & Interpol.*Migrant smuggling networks: Joint Europol-INTERPOl report*, May 2016.
14. The Corner stone report. *Human Trafficking vs Human Smuggling*, ICE Homeland Security Investigations' (HSI) financial, narcotics and special operations investigations, USA, 2017.

15. The Global Slavery Index. *Modern Slavery: A hidden, everyday problem*. Needlands, Western Australia, 2018.
16. Ариадне мрежа - Ariadne network against trafficking in human beings in South-Eastern and Eastern Europe Регионални упатства за идентификација на жртвите на трговијата со луѓе Правилник (прирачник) за Југоисточна и Источна Европа, Norvegian Ministry of Foreign Affairs, 2012.
17. Бернд Хекер. *Европско кривично право* – второ, актуализирано и проширено издание, 2007 год.
18. United Nations Office on Drugs and Crime, UNODC, Model Law against Trafficking in Person, 2009.
19. Заткоска Цветанка и др. *Проценка на закани од сериозен и организиран криминал*. Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, Биро за Јавна безбедност, Скопје. Р. Македонија, 2016.
20. Игнатов, Владимир. *Полициска соработка во кривичните предмети помеѓу Македонија и ЕУ.* Masters thesis, University of Goce Delcev Stip, 2017.
21. Милошевска Тања, Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал, Филозофски факултет, 2016.
22. Салтировска, Зорица. *Внатрешната безбедност на Европската Унија*, Филозофски факултет, 2015.
23. Сулејманов Зоран, Криминологија, Скопје: Графос, Скопје, 2007.
24. Сотироски, Љ. *Право на ЕУ, правда и внатрешни работи –скрипта*, 2011.
25. Татјана Фомина, Интернационален центар „Ла Страда“- Молдавија и Мариа Вогиаци, Центар за заштита на човековите права – Грција, Ариандe мрежа. *Регионални упатства за идентификација на жртвите на трговија со луѓе*, Правилник (прирачник) за Југоисточна и Источна Европа, 2012.

## 7.2. Документи


1. Baauw, P.J. Extradition and the (Additional) Schengen Agreement (On the abolition of) Border-control, *Revue Internationale de droit penal* vol. 62 1-2, 1991.
2. BUREAU OF DEMOCRACY, HUMAN RIGHTS, AND LABOR, 2010 Country Reports on Human Rights Practices, Report, April 8, 2011, Human Rights Report: Macedonia, U.S Department of State.
3. Chattel slavery, Eight Facts about Chattel Slavery, The Borgen Project, 13 July 2017, Seattle, USA.
4. Convention against Transnational Organized Crime, United Nations, Adopted by the UN General Assembly: 15 November 2000, by resolution 55/25, Entry into force**:** 29 September 2003, in accordance with article 38 2000.
5. International Labour Organization-ILO. Convention concerning the Prohibition and Immediate Action for the Elimination of the Worst Forms of Child Labour (No 182), 2000. (Adoption: Geneva, 87th ILC session (17 Jun 1999) - Status: Up-to-date instrument (Fundamental Convention).Convention may be denounced: 19 Nov 2020 - 19 Nov 2021).
6. Joint Europol – Interpol report. *Migrant smuggling networks*. EUROPOL, May, 2016.
7. Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, especially Women and Children, United Nations, Palermo, 2000.
8. Secure Information Exchange Network Application – Апликација за сигурна размена на информации.
9. Trafficking in Person Report. US Department of State, USA, 2017.
10. Влада на Република Македонија. *Национална стратегија за борба против тровија солуѓе и илегална миграција во Република Македонија за 2017-2020 година*. Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, достапно на: http://nacionalnakomisija.gov.mk/mk/%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D1%81/
11. Влада на РМ. *Стандардни оперативни процедури за постапување со непридружувани деца-странци.* Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илеална миграција, 2015.

12. Влада на РМ. *Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија,* Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија, Скопје, 2006 година.
13. Договор за соработка помеѓу ЕВРОПОЛ и Република Македонија (Член 7)
14. Договор за соработка помеѓу ЕВРОПОЛ и Република Македонија (Член 8).
15. Кривичен законик на РМ, интегриран текст 2013.
16. Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, SIENA-сигурна размена на информација, достапно на: https://mvr.gov.mk/vest/52
17. Прв кривичен законик објавен во Службен весник на РМ 37/96 од 29 јули 1996 година.
18. Службен весник на Република Македонија 172/11 од 14.12.2011, Скопје, Македонија.
19. Службен Весник на Република Македонија, Скопје, Македонија „Службен весник на РМ", бр. 18/2001. Достапно на http://www.slvesnik.com.mk/besplatni-izdanija.nspx.
20. Службен Весник на Република Македонија, Скопје, Македонија, „Службен весник на РМ", бр. 19/2004, достапно на: http://www.slvesnik.com.mk/besplatni-izdanija.nspx.

### 7.3. Електронски извори

1. Bureau of Justice Statistics, Office of Justice Programs, Washington, D.C, USA, достапно на: https://www.bjs.gov/index.cfm?ty=tp&tid=40
2. Council of Europe Convention against Trafficking in Human Organs, Council of Europe, 25.03.2015, Strasbourg, France, достапно на: http://conventions.coe.int
3. EASO 2015, Последни трендови на азил – 2015 Преглед, достапен на: https://www.easo.europa.eu/sites/default/files/public/LatestAsylumTrends20151.pdf
4. EU Policy Cicle EMPACT, EUROPOL, Robust action to target the most pressing criminal threats, 2017, достапно на: https://www.europol.europa.eu/crime-areas-and-trends/eu-policy-cycle-empact
5. European Commission, Together against Traffciking in Human Beings, достапно на: https://ec.europa.eu/anti-trafficking/sites/antitrafficking/files/eu_

strategy_towards_the_eradication _of_trafficking _in _human _beings _2012-2016_1.pdf

6. ЕВРОПОЛ 2015, Удар врз кружното оперирање со криумчарењето мигранти и трговија со луѓе преку Медитеранот (03/11/2015), достапно на: https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/hit-migrant-smuggling-and-humantrafficking-ring-operating-mediterranean;
7. Flow Monitoring, Europe, достапно на: http://migration.iom.int/europe?type=arrivals
8. INTERPOL, Connecting people for a safer world, People Smuggling, 2018, Lyon, France, достапно на: https://www.interpol.int/Crime-areas/Trafficking-in-human-beings/People-smuggling
9. IOM, UN migration, Key Migration Terms, Switzerland, 2018, достапно на: https://www.iom.int/key-migration-terms
10. Maged Srour, Human Trafficking for Organs: Ending Abuse for the Poorest, Inter Press Service, News Agency, 2018, достапно на: http://www.ipsnews.net/2018/04/human-trafficking-organs-ending-abuse-poorest/
11. Press Release, EUROPOL, 39 Migrant Smugglers arrested during Sirocco-2 Action day along Western-Balkan Route, 29 June 2016, достапно на: https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/39-migrant-smugglers-arrested-during-sirocco-2-action-day-along-western-balkan-route.
12. United Nations Human Rights, Ofiice of the High Commissioner-OCHCR. Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons Especially Women and Children, supplementing the United Nations Convention against Transnational Organized Crime, 2000, достапно на: https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/protocoltraffickinginpersons.asp
13. United Nations Office on Drugs and Crime, *About UNODC*, достапно на: https://www.unodc.org/unodc/en/about-unodc/index.html?ref=menutop
14. United Nations Office on Drugs and Crime, *United Nations Convention against Transnational Organized Crime and the Protocols Thereto, United Nations,* New York, 2004, достапно на: https://www.unodc.org/unodc/en/organized-crime/intro/UNTOC.html#Fulltext

15. United Nations Office on Drugs and Crime, UNODC, Migrant Smuggling, Global Programme against Trafficking in Persons and the Global Programme against Smuggling of Migrants, (2018), достапно на: https://www.unodc.org/unodc/en/human-trafficking/smuggling-of-migrants.html
16. United Nations Treaty Collections, b *Protocol against the smuggling of migrants by land, sea and air, supplementing the United Nations convention against transnational organized crime*. New York, 15 November 2000, Entry into force 28 January 2004, (Macedonia adopted 12 January 2005) достапно на: https://treaties.un.org/Pages/ViewDetails.aspx?src=IND&mtdsg_no=XVIII-12-b&chapter=18&lang=en
17. United Nations Treaty Collections, b *Protocol against the smuggling of migrants by land, sea and air, supplementing the United Nations convention against transnational organized crime*. New York, 15 November 2000, Entry into force 28 January 2004, Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, especially Women and Children, United Nations, Palermo, 2000.
18. ЕВРОПОЛ 2016, Европол се здружи со шпанските власти за сузбивање на мрежата за трговија со луѓе (29/11/2016), достапно на https://www.europol.europa.eu/newsroom/news/europol-teams-spanish-authorities-to-bringdown-human-trafficking-network
19. ЕВРОПОЛ 2016, *Сузбиена криминална група во Австрија за трговија со луѓе на над 150 жени* (17/11/2016), достапно на: https://www. europol.europa.eu/newsroom/news/crime-gang-accused-of-traffickingover-150-women-prostitution-dismantled-austria
20. Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе, Министерство за труд и социјална работа, Република Македонија, достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/nacionalen-mehanizam-za-upatuvanje-na-zrtvi-na-trgovija-so-lugje.nspx.
21. Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, Влада на Република Македонија, достапно на:

http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/Nacionalna-strategija-i-akciski-plan-za-borba-protiv-trgovija-so-lugje.pdf

22. Официјални податоци на ИОМ, достапни на http://migration.iom.int/europe?type=arrival
23. Правдико, Кои се надлежностите на Европол?, Битола, Македонија, 2013, достапно на: https://www.pravdiko.mk/koi-se-nadlezhnostite-na-evropol/
24. Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Влада на Република Македонија, достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/operativni.pdf
25. УНХЦР 2015, над еден милион лица преку море стигнаа во Европа, 2015, достапно на: http://www.unhcr.org/news/latest/2015/12/5683d0b56/million-sea-arrivals-reach-europe-2015.html
26. ФРОНТЕКС 2017, Анализа на ризик за 2017, достапно на: https://frontex.europa.eu/